д-р Коле Павлов проф. д-р Ѓорѓи Павловски

# ГЕОГРАФИЈА

## ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ

### ВО ДЕВЕТГОДИШНОТО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



2020

**Автори:**
д-р Коле Павлов
проф. д-р Ѓорѓи Павловски

**Рецензенти:**
проф. д-р Мирјанка Маџевиќ – претседател
Сузана Јакимовска - член
Васко Лазаревски – член

**Дизајн:**
Пепи Дамјановски

**Лектор:**
м-р Мирјана Русевска

**Тираж:**

Со одлука за одобрување на учебникот по предметот Географија за VIII одделение во деветгодишното основно образование, бр. 26-467/1 од 17. 06. 2019 година, донесена од Националната комисија за учебници.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

372.891.4/.5(075.2)=163.3

ПАВЛОВ, Коле
Географија : за VIII одделение во деветгодишното основно образование / Коле Павлов , Ѓорѓи Павловски. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2020. - 140 стр. : илустр. (претежно во бои) ; 26 см

ISBN 978-608-226-843-9

1. Павловски, Ѓорѓи [автор]

COBISS.MK-ID 51739397

# ПРЕДГОВОР

Почитувани ***ученици, наставници и родители***,

***Учебникот, географија за VIII одделение***, во деветгодишното основно образование е пишуван според наставната програма и врз начелата на Концепцијата и Методологијата за изготвување и вреднување учебници.

***Основната цел*** на содржините во учебникот е стекнување на познавања за природно-географските и социо-економските карактеристики на европскиот континент и негово приближување до ученикот како краен корисник. Во таа насока, покрај примарниот, методско-дидактички пристап од страна на наставникот, учебникот може да понуди солидна основа за учење, но и за насочување кон домашни и училишни работни активности кои отвораат нови перспективи и димензии во поимањето на географската наука.

***Учебникот има работен карактер*** и овозможува постапно учење преку истражување, размислување, откривање и заклучување при што ученикот е доведен во состојба на активен учесник во усвојувањето на нови знаења, избегнувајќи ја монотонијата на пасивно набљудување. Во учебникот особено внимание е посветено на обемот и одмереноста на наставните содржини кои не се оптоварени со фактографски материјал. Тие се кратки, јасни и концизни и доволно илустрирани со фотографски и картографски материјал. Учебникот е збогатен со свежи статистички податоци во вид на табели, шеми и графикони кои можат да послужат за прегледна анализа, споредување и извлекување заклучоци за одредена појава, предмет или проблем.

***Богатата дидактичка апаратура***, покрај основниот текст, повеќе од доволно ги продлабочува знаењата кај љубопитните и учениците што напредуваат побрзо во учењето, а нуди и брза проверка на стекнатите знаења и вештини. Ученикот честопати го внесува во новостекнати проблемски ситуациии, за чие решение е потребно самостојно учење и истражување преку задачи или изработка на разни проекти, за чие остварување неминивно е ползување на додатна литература и информатичко-компјутерска технологија.

Авторите ви посакуваат успешна работа!

# ПРЕПОРАКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЧЕБНИКОТ

Препорачлива воведна задача за исцрпување на претходните знаења за поимите во содржината.

Картографски материјал за просторно доловување на предметите и појавите.




Занимливости кои ќе ја поттикнат твојата љубопитност и желба за истражување.

Фотографии и сателитски снимки кои илустративно и фактографски го дополнуваат основниот текст

Додатен текст за љубопитните и учениците кои побрзо напредуваат во учењето.

Вежби со примена на информатичко-компјутерска технологија која нуди широки можности за проширување и стекнување нови знаења и вештини.




Табели и графикони со статистички податоци кои го збогатуваат, а не го оптоваруваат основниот текст, погоден за анализа и дискусија на часот.

Прашања и задачи за проверка на стекнатото знаење.

## ПРЕПОРАЧЛИВ ПРИБОР, ЛИТЕРАТУРА И ДОДАТЕН ИЗВОР НА ЗНАЕЊА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ

- Географски атлас на светот;
- Неми карти за основно образование;
- Географска читанка шесто одделение (Ѓорѓи Павловски, 1997);
- Државите на светот (Države sveta): Karel Natek & Marjeta Natek, Ljubljana, 2000;
- WWW. worldatlas.com;
- Google Map, Google Earth.

# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР ......3
ПРЕПОРАКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УЧЕБНИКОТ ......4

**ТЕМА I: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА ......7**

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА НА ЕВРОПА ......8
БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА ЕВРОПА ......11
РЕЉЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА ......15
ВЛИЈАНИЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ КЛИМАТА НА ЕВРОПА ......19
КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ ВО УМЕРЕНИОТ ТОПЛИНСКИ ПОЈАС НА ЕВРОПА ......22
КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ ВО СТУДЕНИОТ ТОПЛИНСКИ ПОЈАС НА ЕВРОПА ......25
РЕЧНИ СЛИВОВИ И РЕКИ ВО ЕВРОПА ......28
ЕЗЕРА ВО ЕВРОПА ......31

**ТЕМА II: СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА ......35**

ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ЕВРОПА ......36
ЈАЗИЧНА И ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ И РАЗНОЛИКОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПА ......39
КУЛТУРА, ТРАДИЦИЈА И ОБИЧАИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПА ......42
НАСЕЛБИ ВО ЕВРОПА ......45
РЕГИОНАЛНА И ПОЛИТИЧКО ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА ......48

**ТЕМА III: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЈУЖНА ЕВРОПА ......51**

ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУЖНА ЕВРОПА ......52
БАЛКАНСКИ ПОЛУОСТРОВ ......54
БУГАРИЈА ......54
ГРЦИЈА ......57
СРБИЈА ......59
АЛБАНИЈА И КОСОВО ......61
ХРВАТСКА И СЛОВЕНИЈА ......64
ЦРНА ГОРА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ......68
АПЕНИНСКИ ПОЛУОСТРОВ ......71
ИТАЛИЈА, САН МАРИНО И ВАТИКАН ......71
ПИРИНЕЈСКИ ПОЛУОСТРОВ ......74
ШПАНИЈА, ПОРТУГАЛИЈА И АНДОРА ......74
ЗАГРОЗУВАЊЕ, ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЈУЖНА ЕВРОПА ......78

**ТЕМА IV: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЗАПАДНА ЕВРОПА ......83**

ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЗАПАДНА ЕВРОПА ......84
ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И Р. ИРСКА ......84
ФРАНЦИЈА ......87
БЕНЕЛУКС ......89

**ТЕМА V: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СЕВЕРНА ЕВРОПА ......93**

СЕВЕРНА ЕВРОПА ......94
ШВЕДСКА ......94
НОРВЕШКА И ФИНСКА ......97
ДАНСКА И ИСЛАНД ......100

**ТЕМА VI: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СРЕДНА ЕВРОПА ......105**

СРЕДНА ЕВРОПА ......106
ГЕРМАНИЈА ......106
ПОЛСКА ......109
ЧЕШКА И СЛОВАЧКА ......111
ШВАЈЦАРИЈА И АВСТРИЈА ......115
УНГАРИЈА ......119
РОМАНИЈА ......121

**ТЕМА VII: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ИСТОЧНА ЕВРОПА ......125**

ИСТОЧНА ЕВРОПА ......126
РУСИЈА ......126
УКРАИНА ......129
БЕЛОРУСИЈА И МОЛДАВИЈА ......132
ЛЕТОНИЈА, ЕСТОНИЈА И ЛИТВАНИЈА ......135

РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ ......138
КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ ......140



*Клучни поими:*

- *Европа;*
- *Континент;*
- *Географска положба;*
- *Граници и природна гранична линија;*
- *Брегова линија;*
- *Полуостров и остров;*
- *Заливи и фјордови;*
- *Протоци;*
- *Планински масиви;*
- *Низини;*
- *Котлини;*
- *Дини;*
- *Плато;*
- *Превали;*
- *Климатски типови;*
- *Климатски појас;*
- *Степа;*
- *Тајга;*
- *Тундра;*
- *Хидрографија;*
- *Водни ресурси.*

Пејсаж од Тоскана, регион во Италија.



# ТЕМА I: ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА


ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА НА ЕВРОПА ........ 8

БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА ЕВРОПА ........ 11

РЕЛЈЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА ..... 15

ВЛИЈАНИЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ КЛИМАТА НА ЕВРОПА ........ 19

КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ ВО УМЕРЕНИОТ ТОПЛИНСКИ ПОЈАС НА ЕВРОПА ........ 22

КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ ВО СТУДЕНИОТ ТОПЛИНСКИ ПОЈАС НА ЕВРОПА ........ 25

РЕЧНИ СЛИВОВИ И РЕКИ ВО ЕВРОПА ........ 28

ЕЗЕРА ВО ЕВРОПА ........ 31

# ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА, ГРАНИЦИ И ГОЛЕМИНА НА ЕВРОПА

***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Потсети се, размисли и опиши го значењето на поимот континент!*
- *Дискутирај за потеклото на името на континентот Европа!*
- *На географската карта на светот пронајди го и одреди ја местоположбата на континентот Европа!*

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА **Европа** се наоѓа на северната Земјина полутопка. Нејзината најсеверна точка, ‘ртот **Нордкап,** се наоѓа на 71° северна географска ширина, а најјужната - ‘ртот **Мароки**, на 36° северна географска ширина. Континентот Европа претежно се наоѓа во северниот умерен топлински појас на Земјата со пократко растојание до **Северниот Пол,** за разлика од растојанието спрема Екваторот. Најзападната точка на Европа се наоѓа на ‘ртот **Рока,** на 9° 31’ западна географска должина. Најистурената точка на исток, се наоѓа на планината **Урал** на 67°источна географска должина. Според тоа, Европа со својот најголем дел од територијата се одликува со источна географска должина и напоредничко простирање од околу 7.000 км.



Европа има најповолна географска положба меѓу континентите во светот. Преку **Атлантскиот Океан**, таа е поврзана со **Северна** и **Јужна Америка**, а преку Средоземното Море со Африка. Преку ова море и **Суецкиот Канал** водат и најважните поморски патишта кон









**Азија** и **Австралија**. Европа претставува и мост што по најкраток пат ги спојува континентите Азија и Африка. Континентот Европа има и **копнени врски**. Тие се најмногу застапени со континентот Азија. Европа со подалечните континенти е поврзана и со голем број авионски линии.

**Босфор** - проток кој ги поврзува **Мраморното** и **Црното Море** и го разделува европскиот дел на Турција (Румелија) од азискиот (Анадолија). На него е расположен градот Истанбул.

Научно е докажано дека Босфорот постоел пред 7.500 години. Во минатото, нивото на водата во Црно и Средоземно Море била многу помала за разлика од денеска. Како резултат на топењето на големите санти лед и со навлегувањето во самиот Босфор, нивото на водата многу се зголемила.

Под протокот поминува железничкиот тунел „Мармарај“, пуштен во употреба на 29 октомври, 2013 г.

ГРАНИЦИ Европа е полуостровски континент кој го зафаќа западниот дел од големото евроазиско копно. Од три страни Европа е обиколена со вода. На север, нејзините граници ги заплискуваат водите на **Северниот Леден Океан**. На југ, излегува на Средоземното Море, а на запад ги допира водите на **Атлантскиот Океан**. Само источната граница на Европа е копнена. **Природната гранична линија,** помеѓу



Европа на запад и Азија на исток, води по релјефни и хидрографски објекти, кои природно и недвосмислено одвојуваат две посебни географски целини. Така, таа се протега по: планината **Урал, реката Урал, Каспиското Езеро, Кумо-маничката долина (реката Манич), Црно Море, Протокот Босфор, Мраморно Море, Протокот Дарданели и Егејското Море.** Европа со својата јужна граница најмногу се доближува до континентот Африка. Од овој континент таа е одделена со **Гибралтарскиот Проток**, широк 14 км.

ГОЛЕМИНА Во наведените граници Европа зафаќа површина од 10 милиони км$^2$. Во споредба со другите континенти, таа е меѓу најмалите. Поголема е само од континентот Австралија. Но, Европа, според бројот на жители (742 милиони) го зазема третото место меѓу континентите, после Азија и Африка.

**Табела 1:** Бројна состојба на светското население по континенти

| Континент | Азија | Африка | Европа | С. Америка | Ј. Америка | Австралија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Жители | 4.400.000.000 | 1.200.000.000 | 742.000.000 | 579.000.000 | 423.000.000 | 24.000.000 |



***За продлабочено знаење:***

- Името Европа потекнува од зборот „**Ереб**“, што значи земја каде што заоѓа Сонцето. Овој збор потекнува од јазикот на древните феникиски и асиро-вавилонски народи. Сите земји на запад од Феникија, тие ги нарекувале „Ереб“.
- Природната гранична линија помеѓу Европа и Азија не се совпаѓа со: етничките, културните и јазичните граници помеѓу овие два континенти, што се менувале низ историјата. Поради тоа, одредувањето на реска граница помеѓу овие два континенти е сложена и специфична задача. Досега честопати се вршени измени на линијата од планината Урал кон Црно Море. Некои автори во соседните земји дури и планината Кавказ ја третираат како дел од Европа!



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каква е географската местоположба на Европа?
- Која планина претставува природна граница помеѓу Европа и Азија?
- Кое место го зафаќа Европа помеѓу континентите според: површината и населеноста?
- Размисли и поврзи ги поимите од левата страна со соодветните од десната страна:

| | |
|---|---|
| а) Нордкап | југ |
| б) Рока | север |
| в) Мароки | исток |
| г) Урал | запад |

- Вистинито или невистинито? (означи со симболите: **√** или **X**)

а) Европа е најмал континент во светот б) Гибралтар ја одвојува Европа од Африка
в) Европа излегува на Тихиот Океан г) Европа има северна географска ширина




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на некои софтверски пакети (Google Map или Google Earth) пронајди ги и констатирај во кои држави се наоѓаат најистурените точки (’ртови) на Европа во однос на страните на светот!
- Пронајди ги и пресметај го најмалото растојание на Европа во однос на Азија кај протоците Босфор и Дарданели!
- Повлечи права линија и дознај ја оддалеченоста од најсеверната до најјужната точка на Европа!

# БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА ЕВРОПА

***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Потсети се за значењето на поимите: остров, полуостров и залив!*
- *На кој полуостров во Европа се наоѓа Р. С. Македонија и кои мориња го обиколуваат истиот?*
- *На географската карта на Европа пронајди ги и наброј ги петте најголеми острови во Средоземното Море!*

Европа има најразгранет брег меѓу континентите во светот. На нејзините брегови се среќаваат голем број на: **полуострови, заливи, протоци, канали, ‘ртови** и друго. Освен тоа, во морињата има голем број острови и островски групи. Островите и полуостровите зафаќаат дури 30 % од територијата на континентот, а вкупната должина на бреговата линија надминува 38.000 км. Меѓутоа, сите брегови на Европа не се подеднакво разгранети.




СЕВЕРЕН БРЕГ Северниот брег е најслабо разгранет. Во него има само два поголеми полуострови - **Кола** и **Канин**. Меѓу овие полуострови длабоко во копното навлегува **Белото Море.** Тоа е поврзано со **Баренцовото Море** на север, во кое се наоѓаат островите: **Нова Земја, Земјата на Франц Јосиф и Шпицбершките Острови (Свалбард).**

Нордкап е општина во округот Финмарк во северниот дел на Норвешка. Административен центар на општината е Хонингсвог, гратче со 2.400 жители. Зафаќа површина од 925 km$^2$ и има население од 3.228 жители.



Нордкап - најсеверниот ’рт во Европа

**ЗАПАДЕН БРЕГ** Западниот брег на Европа е еден од поразгранетите. Најголемата разгранетост во него се наоѓа на **Скандинавскиот Полуостров**. На бреговите на овој полуостров постојат многубројни тесни и длабоки заливи со високи и стрмни страни, наречени **фјордови**. Пред фјордовите се наоѓаат илјадници мали карпести острови што ја отежнуваат поморската пловидба. На југозапад од Скандинавскиот Полуостров се наоѓаат најголемите острови во западниот брег. Тоа се **Велика Британија** и **Ирска**, а на северозапад се наоѓа **Исланд**. На западниот брег на Европа, Атлантскиот Океан образувал неколку рабни морињa. Од нив најголемо е **Северно Море**. На исток од него длабоко во копното навлегува **Балтичко Море**. Тоа се разгранува на повеќе заливи. Од нив најголеми се: **Ботничкиот, Финскиот** и **Ришкиот Залив**. Балтичко Море од Северно Море е одделено со **Полуостровот Јиланд** и протоците: **Скагерак и Категат**. Западниот брег на Европа е карактеристичен и по големите полуострови и заливи. Од полуостровите најпознати се: **Јиланд, Нормандија** и **Бретања**, а од заливите - **Бискајскиот Залив** и каналот **Ламанш**. Помалите заливи на западниот брег што претставуваат потопени речни вливови и се нарекуваат **естуари.**






Ламанш или Англиски Канал – проток на Атлантскиот Океан кој го одвојува островот Велика Британија од северна Франција и го спојува Атлантскиот Океан со Северното Море. Долг е околу 563 км, а широк околу 240 км. Доверскиот Проток е најјужниот дел на каналот, кој е широк само 34 км и се наоѓа на најисточниот дел на преминот.

Каналот е релативно плиток, со просечна длабочина од околу 120 м на најширокиот дел па сè до 45 m во делот меѓу Довер и Кале.

Во 1994 година под Ламанш е ископан железнички тунел долг 50 километри, што претставува втор по должина железнички тунел во светот.




Разгранетост на западниот брег

ЈУЖЕН БРЕГ Јужниот брег на Европа е најразгранет. На него се наоѓаат трите големи полуострови: **Пиринејски**, **Апенински** и **Балкански**. Пиринејскиот Полуостров е одделен од Африка со **Гибралтарскиот Проток**, а Балканскиот од Азија, со протоците **Босфор** и **Дарданели**. Апенинскиот Полуостров најмногу се доближува до континентот Африка преку островот **Сицилија.** На јужниот европски брег, Средоземното Море се разгранува во повеќе рабни мориња, и тоа: **Тиренско, Јонско, Јадранско, Егејско, Мраморно, Лигурско, Црно** и **Азовско Море**. Сите мориња во Средоземното Море се поврзани со протоци и канали што имаат посебно значење за одвивање на поморскиот сообраќај. Во водите на Средоземното Море се наоѓаат повеќе острови и островски групи - **архипелази**. Од островите најголеми се: **Сицилија, Сардинија, Корзика** и **Крит**. Од заливите најпознати се: **Џеновскиот, Лионскиот, Бока Которска, Солунскиот Залив** и други.



Разгранетост на јужниот брег

**Табела 2:** Површина на најголемите европски полуострови.

| Полуостров | Скандинавски Пол. | Пиринејски Пол. | Апенински Пол. | Балкански Пол. |
|---|---|---|---|---|
| Површина (км$^2$) | 773.500 | 596.700 | 131.337 | 470.000 |

***За продлабочено знаење:***



- После Големите географски откритија во XV век, западниот брег на Европа добива големо сообраќајно и стопанско значење. Оттогаш главните поморски патишта се префрлени од Средоземното Море во Атлантскиот Океан. Тоа овозможило на овој брег да се развијат големи поморски пристаништа како: **Лондон**, **Авр**, **Ротердам** и др. Од нив почнуваат главните светски прекуокеански патишта кон другите континенти.
- Освен поголемите заливи, европскиот брег го карактеризираат посебен вид на помали заливи од типот на: **фјордови, ријаси и естуари**. Фјордовите се наоѓаат на Скандинавскиот Полуостров, а претставуваат тесни клинесто втиснати заливи со стрмни страни настанати како последица од потопувањето на долниот дел од стара ледничка долина. **Ријасите** се карактеристични за Пиринејкиот Полуостров и претставуваат длабоки и разгранети заливи на повеќе ракави што настанале како последица од потопувањето на долниот дел од сливот на поголема морска притока. Естуарите, што ги има на западниот европски брег, претставуваат потопени речни вливови за време на плимата кога нивото на морето се подигнува за 10-15 метри. **Естуари** се формираат на реките: **Темза**, **Жиронда**, **Лаба** и др.
- Европскиот брег го карактеризираат и помалите острови групирани во островски групи- архипелази. Такви има во: Јадранското и Егејското Море (Киклади и Спориди).



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каква е бреговата разгранетост на Европа?
- Кој брег се одликува со големи полуострови?
- Кои протоци ги поврзуваат Северното и Балтичкото Море?
- Размисли и поврзи ги поимите од левата страна со соодветните од десната страна:

| | |
|---|---|
| а) Кола Пол. | јужен брег |
| б) О. Исланд | |
| в) Сицилија | западен брег |
| г) Апенински П. | |
| д) Скагерак | северен брег |
| ѓ) Крит | |

- Вистинито или невистинито? (означи со симболите: **√** или **X**)
  а) Ирска е најголем остров на западниот брег.
  б) Скандинавскиот Полуостров е најголем во Европа.
  в) Сардинија е остров од западниот брег.
  г) Апенинскиот Полуостров излегува на Северно Море.

- На картата впиши ги поголемите полуострови и острови во Европа!





***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на некои софтверски пакети (Google Map или Google Earth) пронајди ги, истражувај ги и опиши ги фјордовите на Скандинавскиот Полуостров!
- Пронајди го каналот **Ламанш** и пресметај ја неговата најмала широчина. Кои земји ги одвојува овој канал?
- Изработи табела користејќи програми (Word или Excel) во која ќе ги класифицираш поголемите острови, полуострови и заливи од: северниот, западниот и јужниот брег на Европа!

# РЕЛЈЕФНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се што е релјеф и кои се крупните релјефни форми?*
- *Разгледај ја картата на Европа и констатирај според боите, кој релјеф е најзастапен?*
- *Во кои делови од Европа се распространети планините, а каде низините?*

**Релјефот** во Европа е мошне разновиден, како според староста и начинот на формирање, така и според големината на релјефните форми. Покрупниот релјеф е претставен со бројни: **планини, висорамнини, низини** и **котлини,** а поситниот релјеф со: **ридови, полиња, речни долини, превали** и др. Најголем простор во релјефот на Европа зафаќаат **низините** – 60 %. По нив следува ридското земјиште со 24 %, а најмалку им припаѓа на планините – 16 %. Средната надморска височина на релјефот во Европа изнесува 300 метри. Според тоа, Европа претставува **најнизок** континент во светот.



Релјеф на Европа

## ПЛАНИНИ И ВИСОРАМНИНИ

Планинскиот релјеф во Европа го сочинуваат: високи, средно високи и ниски планини, кои во основа се разликуваат според **староста** и **генезата** (настанокот). Според староста во Европа се застапени: **младите верижни** и **старите грамадни планини,** а според настанокот тие се**: тектонски** (набрани или раседнати) **и вулкански планини.**

*Шематски приказ на висинските појаси во Европа (во %)*



## МЛАДИ ВЕРИЖНИ ПЛАНИНИ



Алпи

Младите верижни планини се создале во поново време. Тие се поврзани во венци долги и по неколку стотици километри. Овие планини, главно, се високи и имаат остри врвови и стрмни падини. Младите верижни планини се протегаат низ јужната половина на Европа. На запад, овие планини се протегаат од бреговите на Атлантскиот Океан и ги опфаќаат најјужните делови на континентот. Овој венец во Европа започнува со **Пиринејските Планини** на запад. На Пиринеите се надоврзуваат **Алпите**. Тие, пак, се протегаат во паралелни венци, меѓу кои се наоѓаат пространи **висорамнини**. Алпите имаат над 15 врвови високи над 4.000 метри, а највисокиот воопшто во Европа е **Мон Блан** (Бел Врв), висок 4 807 метри. Сообраќајната проодност преку алпските венци ја овозможуваат **превалци** (Симплон, Сент Готард и др.). Помеѓу планинските венци може да се протегаат и висорамнини. Една од најпространите во алпските делови на Европа е **Швајцарската Висорамнина**. Од Алпите се одвојуваат и разгрануваат: **Апенините, Динаридите и Карпатите**. **Апенините** имаат јужна насока на протегање. Тие го зафаќаат просторот на Апенинскиот Полуостров и преку Сицилија продолжуваат во Северна Африка. Долж Апенините се присутни и **вулкански планини** (Везуф, Етна и др.). **Динаридите**, пак ги зафаќаат западните делови на Балканскиот Полуостров. Нивниот правец на протегање е кон југоисток и југ покрај Јадранското Море. Тие се познати под името Динарски Планини, што го добиле по името на најдолгата планина меѓу нив - **Динара** (160 км). На Динарските Планини се надоврзуваат планините од **Шарската група** што продолжуваат во Грција, а оттаму до бреговите на Мала Азија. На североисток, Алпите продолжуваат и се надоврзуваат на планините **Карпати**, што за разлика од нив се значително пониски и попроодни. Карпатите прават лак кон југ и на Балканскиот Полуостров се надоврзуваат на **Стара Планина** (Балкан), протегајќи се до Црното Море. На исток, овој млад планински венец, преку Кавказ, продолжува во Азија.

## СТАРИ ГРАМАДНИ ПЛАНИНИ

Старите грамадни планини во Европа се разликуваат од младите по тоа што имаат поблаги падини и зарамнети врвови. Раседнати се на одделни планини или **планински масиви.** Помеѓу нив преку тектонско спуштање настанале **ровови - котлини**. Старите планини се лесно проодни и погодни за изградба на патишта и железнички пруги поради ниските **превалци** по должината на нивните сртови**.** Правецот на протегање кај овие планини не е одреден. Затоа тие се протегат во различни правци. Од старите планини во Европа, во северниот и западниот дел на континентот најпознати се **Скандинавските Планини**. На овие планини се наоѓаат пространи висорамнини познати под името **фјелди**. Стари грамадни планини го опфаќаат и просторот на Велика Британија и Ирска. На север од Алпите и



Родопи

Карпатите се протегаат стари грамадни планини, меѓу кои најпознати се: **Централниот Масив**, **Ардените, Вогези, Рајнските Планини** и др. На југ од Пиринеите на Пиринејскиот Полуостров се протегаат **Ибериските** и **Кастилијанските Планини**. Помеѓу планините на Пиренејскиот Полуостров се наоѓа најголемата европска височина-**Мезета**. На Балканскиот Полуостров стари грамадни планини се планините од **Родопската планинска група**. Во групата на стари планини спаѓа и најдолгата планина во Европа - **Урал,** со која Европа е одделена од Азија.

*НИЗИНИ* Низините го зафаќаат најголемиот простор од релјефот на Еворпа. Најголема е **Европската Низина**. Таа се протега, на север од Пиринеите, на запад од Бискајскиот Залив, сè до планината Урал на исток. Оваа низина е најширока во нејзините источни делови и се вика **Источноевропска Низина**. По површина, Источноевропската Низина опфаќа речиси една половина од континентот Европа. Оваа низина северно од Каспиското Езеро се спушта пониско и од морското ниво



Панонска Низина




Топографска карта на Европа

– **депресија**. Само на одделни места во оваа низина се појавуваат повисоки и зарамнети области во вид на ниски висорамнини (**плато**) чија надморска височина не поминува 400 метри, како што е **Средно-руското Плато**. Од другите низини најпознати се: **Ломбардиската Низина** во долината на реката **По**, **Панонската Низина** во средниот и **Влашката Низина** во долниот тек на реката **Дунав**. На Пиринејскиот Полуостров најпознати се: **Андалузија** и **Арагонија**. Сите овие низини имаат плодни почви. Тие се покриени со ситен песок и глина што се таложеле во минатото кога овие низини биле морски басени. За разлика од другите, Ломбардиската Низина настанала под дејство на наносниот материјал на реките од Алпите, бидејќи во минатото таа била залив на Јадранското Море. Од песочните седименти од морско или ледничко потекло, во европските низини, со посредство на ветерот или други надворешни фактори, во минатото се создавале песочни ритчиња-**дини**. Песочни дини нашироко се среќаваат во: Шпанија, Холандија, Шкотска, Данска, Полска, Бугарија и други земји.

*СПЕЦИФИЧНИ ФОРМИ* Целосната релјефна слика на Европа ја надополнуваат и ситни релјефни форми кои се втиснати врз крупниот релјеф, а нивната посебност (специфика) доаѓа од самите димензии, настанокот (претежно од ерозивни сили) и староста (претежно помлади форми, чие развивање трае и денес). Освен, погоре спомнатите, платоа, превалци и дини, европскиот релјеф изобилува и со форми од **стар вулкански релјеф:** (купи, кратери, плочи), **леднички долини**, **карстни полиња, пештери, клифови, кањони, водопади, делти** итн.



***За продлабочено знаење:***

- **Фјелди** се пространи зарамнети простори (висорамнини) на Скандинавскиот Полуостров во чија генеза (настанок) големо влијание имале некогашните ледници со кои бил покриен полуостровот за време на последната ледена епоха.
- За депресии се сметаат низините кои се спуштени под морското ниво. Таква е Прикасписката Низина, спуштена на 28 метри под светското морско ниво.
- Најдолгиот ледник на Алпите – **Алеч** се наоѓа во Швајцарија и се одликува со должина од 23 км.



***За проверка на стекнатото знаење:***

- На север од Алпите и Карпатите лежат стари планини. Наброј ги!
- Кои делови од Европа се низински?
- Која гранка од младо верижните планини на Европа се протега низ територијата на нашата република?
- Вистинито или невистинито? (означи со симболите: **√** или **X**)
  а) Алпите се највисоки планини во Европа
  б) Мезета е најголема висорамнина во Европа
  в) Панонската Низина се наоѓа на Апенинскиот Полуостров
  г) Скандинавските Планини се младо верижни.
  д) Динаридите се протегаат низ Балканскиот Полуостров.




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на некои софтверски пакети (Google Map или Google Earth) пронајди ги и констатирај, низ кои држави во Европа се протегаат младите верижни планини и каде се наоѓаат највисоките европски врвови!
- Истражувај, дознај и изработи табела за презентација на часот користејќи програми (Excel или Word) со основни податоци за неколку највисоки планини и врвови во Европа, како и за најпространите низини!
- Користејќи интернет страни обиди се да дознаеш за стопанската искористеност на поголемите планини во Европа. Впечатоците изнеси ги на часот!

# ВЛИЈАНИЕ НА КЛИМАТСКИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ КЛИМАТА НА ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се, размисли и опиши го значењето на поимите: време и клима!*
- *Од што зависи климата во едно место?*
- *Какво е значењето на релјефот и морињата врз климата на некој простор?*

Климата претставува повеќегодишен режим на времето на одреден простор. Нејзиното формирање зависи од повеќе климатски фактори. Меѓу нив, најважни се: **географската ширина, близината на океаните и морињата, минувањето на топлите или ладни морски струи, правецот на дувањето на ветровите, релјефните карактеристики** и др.

**ГЕОГРАФСКА ШИРИНА** Географската ширина го условува аголот под кој паѓаат сончевите зраци и годишната инсолација (осонченост), кои доведуваат до загревање на тлото и воздухот. Овој климатски фактор укажува на умерени климатски влијанија во Европа, бидејќи најголемиот дел од континентот се наоѓа во северниот умерен топлински појас. Само нејзиниот најсеверен дел се наоѓа во студениот појас.




**Инсолација (осонченост) на Европа во часови годишно**

**БЛИЗИНА НА МОРИЊА И ОКЕАНИ** Големо влијание врз климата во Европа имаат близините на: **Атлантскиот Океан, Северниот Леден Океан** и **Средоземното Море** на југ. Атлантскиот Океан ја определува климата во Западна Европа, бидејќи врз него се формираат влажни воздушни маси кои преку зима се потопли, а преку лето се посвежи од копнените воздушни маси. Освен тоа, низ Атлантскиот Океан тече топлата **Голфска струја** што минува покрај бреговите на Западна Европа и Скандинавскиот Полуостров и опфаќа дел од Северна Европа. Како последица од оваа топла струја, морското крајбрежје на Западна и Северна Европа никогаш не замрзнува. Влијанието на атлантската клима се проширува подлабоко во копното на Европа преку ниското земјиште - низините, како и по речните долини и котлини. Исто така, и топлото Средоземно Море значително делува на ублажување на зимите во јужните делови на Европа, но и за формирање на влажни воздушни маси што носат врнежи на копното.




Топлите и ладните морски струи

**ВЕТРОВИ** Посебно влијание врз климата во Европа вршат **западните ветрови.** Тие дуваат кон исток и нивна најважна заслуга е продорот на атлантските влажни маси, од кои се излачуваат врнежи врз централните и источните делови на континентот. Ветровите од југ носат мошне топли воздушни маси во Јужна Европа од северниот дел на Африка. Тие во летниот период се топли и суви, а во зимската половина се заситени со влага од Средоземното Море. Од север и североисток преку Источноевропската Низина, во зимските месеци, длабоко во континентот продираат студени арктички воздушни маси, што носат студено време со ниски температури.




Влијание на климатските фактори

**РЕЛЈЕФ** Релјефот исто така, има значително влијание врз климата во Европа. Низините и котлините не претставуваат пречка за продирање на западните ветрови кон исток. Меѓутоа, високите верижни планини, како: Алпите, Карпатите и Скандинавските Планини, ги запираат влажните воздушни маси и влијаат врз режимот на врнежите. На високите планини најчесто доаѓа до кондензирање на водената пареа и затоа на нив врнежите се најобилни.




Движење на водните маси

Пределите источно од нив, добиваат пониска сума на врнежи. Благопријатното влијание со осетливо ублажување на зимите што е резултат од влијанието на Средоземното Море, во Јужна Европа, е спречено од високите планински ограноци. Неговото влијание е во пониските приморски предели и низ речните долини на неговите притоки.

Како последица на влијанијата на разновидните климатски фактори во Европа се среќаваат два **топлински појаси** и седум **климатски типови**.



***За продлабочено знаење:***

- Климатските фактори условуваат пад на минималните температури на европско тло и до – 52 °C, во басенот на Печора. Највисоките температури на Пиринејскиот Полуостров се искачуваат до 48 °C.
- Годишната сума на врнежи во Европа бележи намалување од запад кон исток. Западните страни на континентот добиваат од 1000-2000 мм годишен талог, а крајните источни делови од 350-500 мм. Највրнежливи се некои мерни места во Шкотска и Црна Гора (до 5000 мм), а најсушна е Прикасписката Низина со околу 200 мм годишен воден талог.
- Ако не постои влијанието на Голфската струја, зимата во Велика Британија и Норвешка би била за 7 до 10 °C постудена од вообичаената.



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Какво е влијанието на Голфската струја врз климата во Европа, но и нејзиното стопанско значење за земјите што излегуваат на Атлантикот?
- Какво влијание има Средоземното Море врз климата во Јужна Европа?
- Размисли и обиди се да најдеш одговор: зошто средишните и источните делови на Балканот се едни од најсушните региони во Европа?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на интернет пребарувач обиди се да ги дознаеш средногодишните температури на некои главни европски градови во: Северна, Западна, Источна и Јужна Европа! Направи табела со резултатите! Од извршената споредба извлечи заклучоци кои може да ги презентираш на часот!
- Истражувај и дознај ги имињата и влијанието на некои национални и регионални ветрови кои се одлика во одделни европски земји!

# КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ ВО УМЕРЕНИОТ ТОПЛИНСКИ ПОЈАС НА ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се, размисли и опиши ја климата на нашата земја!*
- *Од што зависи климата во нашата земја?*
- *Каков е растителниот и животинскиот свет кај нас и пошироко на Балканот?*

Најголемиот дел на Европа, од ′ртот Мароки на југ, до северниот поларен круг на 66 ° северна геогрфаска ширина, припаѓа во **северниот умерен топлински појас** на Земјата. Во овој топлински појас се застапени пет **климатски типови** распространети во пет **климатски појаси (области)**. Во секој климатски појас се развил посебен растителен и животински свет, така што во поширока смисла може да се зборува за **климатско-вегетациски области**.




Климатски типови во Европа според Кепен

**АТЛАНТСКАТА КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКА ОБЛАСТ** Атлантската климатска област се простира во западниот дел на Европа, од северниот дел на: Шпанија, Западна Франција, Холандија, Белгија, Ирска, заклучно со западниот брег на Норвешка. Атлантскиот климатски тип се одликува со свежи лета и со благи и врнежливи зими. Врнежи има во текот на целата година во вид на дожд, со суми до 2000 мм. Голфската струја има посебно значење за климата на Западна Европа. Течејќи покрај бреговите на Западна Европа, таа стигнува на север од Европа и во

зимските месеци го затоплува морскиот брег. Затоа и најсеверните пристаништа во Европа, **Хамерфест** и **Мурманск** на Скандинавскиот Полуостров, никогаш не замрзнуваат и имаат особено значење за зимската пловидба. Во зимскиот период како последица од атлантската клима, карактеристични се многу чести и густи магли. Од растителниот свет во оваа климатска област најзастапени се **тревните заедници** и **листопадните шуми**. Од животинскиот свет ги има сите оние животни и птици кои ги има и во другите делови на Европа.



Алпи

**КОНТИНЕНТАЛНА КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКА ОБЛАСТ** Областа се протега во средишните и источните делови на Европа, во просторот на: Источноевропската, Влашката и Панонската Низина. Континенталниот климатски тип се одликува со топли и сушни лета, и со многу остри и студени зими. Во зависност од врнежите, континенталниот тип се дели на влажен континентален и континентално-степски тип. **Влажниот континентален тип** се протега во северните делови на областа што се покриени со големи шумски пространства од: **бор, ела, смрека** и др. Таа шумска заедница на иглолисни шуми е позната како **тајга**. Таа непрекинато се протега од Скандинавскиот Полуостров, на запад, до планината Урал на исток, а оттука продолжува низ северниот дел на Азија, сè до Тихиот Океан. Годишното количество врнежи во овој климатски тип се движи од 500 до 700 мм. Јужно од тајгата се протегаат мешовити шуми. Овде најчести животински претставници се: ирвасот, волкот, дивата свиња, лисицата, куната и др. **Континентално-степскиот климатски тип** е застапен во Украина, Влашката и Панонската Низина. Овој тип се одликува со суви и студени зими и со долги и сушни лета. Годишното количество врнежи се движи од 300-600 мм. Климата условила таму да се развие ниска тревна заедница - **степа**. Во степата живеат многу видови животни, а од високостеблестите растенија се застапени листопадни шуми.



Тајга

**СУПТРОПСКА (МЕДИТЕРАНСКА) КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКА ОБЛАСТ** Областа е распространета во приморскиот крајбрежен појас на Средоземното Море, како и неговите рабни морињa и островските групи. Во оваа област е застапен **суптропскиот** (медитерански) **климатски тип**. Тој се одликува со суви и многу топли лета и со благи, врнежливи зими. Снегот е ретка појава во овој климатски тип, освен на повисоките планини. Во овој климатски појас растителниот свет е застапен со специфична вегетација-**макии.** Всушност, тоа се ниски зимзелени растенија кои се отпорни на суша. Во овој климатски тип се среќаваат: кипарис, приморскиот бор, маслинка, лимон, портокал, смоква и др.

Освен трите главни климатско-вегетациски области во умерениот топлински појас на Европа, во зависност од релјефот и други климатски фактори се среќаваат и зони со **умерено-континентална** и **планинска клима.**

**Умерено-континенталниот климатски тип** е преоден и се среќава во области каде се судира, меша и испреплетува континенталната со медитеранската клима, како што се средишните предели на Балканскиот Полуостров, како и делови од Средна Европа. Таа се одликува со умерено топли лета и умерено студени зими и доволно количество врнежи во текот на годината. Во областите со овој климатски тип се застапени, како иглолисни, така и листопадни растенија.



Медитеранска шума

**Планинскиот климатски тип** е застапен на сите повисоки планини ширум Европа и неговата појава не е зависна од географската ширина, туку од надморската височина. Нејзини одлики се: долгите, студени и снежни зими, а кратки и свежи лета. Поради падот на температурите напоредно со порастот на надморската височина, растителниот свет на планините е поставен во катови.



***За продлабочено знаење:***

- Првата опсежна и систематска климатска класификација на климатските типови и појаси на Европа и светот ја направил германскиот климатолог Кепен (Köppen) во 1918 година. Изменета и дополнета таа се користи и денес во основите на климатологијата. Главните климатски типови, Кепен ги означил со големите букви од латиницата: А, В, С, D и Е.
- Помеѓу метеоролошките станици од два различни климатски појаси може да постојат големи температурни разлики на годишно ниво. Така на пример во Стокхолм (Шведска) средногодишната температура на воздухот (7 °C) е двојно пониска од истата во Гевгелија кај нас (14 °C) или од Лисабон (Португалија) со 15 °C.
- Најврнржливо место во Европа е црногорската метеоролошка станица Црквице!



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каде се чувствува влијанието на атлантскиот климатски тип во Европа?
- Кои се одликите на медитеранската клима во Јужна Европа?
- Кои низини во Европа имаат континентална клима?
- Вистинито или невистинито? (Обележи со симболите **√** или **X**)!
  а) Во Источноевропската Низина владее медитеранска клима.
  б) Климата во Москва се одликува со благи зими и топли и суви лета.
  в) Земјите од Западна Европа имаат голем број врнежливи денови во годината.
  г) Италија и Грција се наоѓаат во Медитеранскиот климатски појас.




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на интернет пребарувач обиди се да ги дознаеш годишните суми на врнежи на некои главни европски градови во Западна и Јужна Европа. Направи табела со резултатите! Од извршената споредба извлечи заклучоци што може да ги презентираш на часот.
- Истражувај и дознај повеќе климатски детали за најпосетените скијачки центри во Европа! Презентирај го стопанското значење на планинската клима!

# КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКИ ОБЛАСТИ ВО СТУДЕНИОТ ТОПЛИНСКИ ПОЈАС ВО ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се и одговори колку долго трае еден поларен ден и една поларна ноќ. – На што се должи тоа?*
- *Каде се распространети: белата мечка, белиот зајак и белата лисица? – Зошто е бело нивното крзно?*
- *Какво е значењето на релјефот и морињата врз климата на некој простор?*

Студениот топлински појас на Европа ги зафаќа континенталните површини и островите во Северно Ледениот Океан кои се простираат северно од северниот поларен круг, односно напоредникот на 66° и 33′ северна географска ширина. Во студениот топлински појас се застапени два климатско-вегетациски области: **супполарна** и **поларна**.

## СУППОЛАРНА КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКА ОБЛАСТ

Таа се простира во североисточните делови на Европа, што излегуваат на: **Северно Ледениот Океан**, **Полуостровот Кола**, северниот дел на островот **Исланд** и ниските крајбрежни делови на **Шпицбершките Острови, Нова Земја и Земјата на Франц Јосиф**. Овде владее супполарната клима, позната како **клима на тундрата**. Тој тип се одликува со долги и студени зими, што траат од седум до десет месеци во годината и со кратки лета. Температурата на најтоплиот месец во годината не надминува 10° C. За време на краткото лето, снегот и мразот се топат и се создаваат голем број мочуришта, над кои се надвиснува магла. Околу мочуриштата доаѓаат јата птици кои што ја оживуваат природата. Тој ареал се нарекува **тундра,** во која постојат и одделни растителни заедници. Постудените предели на тундрата се природно станиште на нижи растенија како: **мовта** и **лишајот**, додека во потоплите предели се раши-




Карта на растителни заедници во Европа

рени: **цветни заедници, џуџестата бреза, арктичката врба** и други виши растенија. Животинскиот свет го дополнуваат: фоки, бели мечки, ирваси, мошусти говеда, лисици, зајаци и други.

## ПОЛАРНА КЛИМАТСКО-ВЕГЕТАЦИСКА ОБЛАСТ

Оваа област го опфаќа најсеверниот дел на Европа, односно мали замрзнати простори на **Северниот Леден Океан** и високите предели на некои острови со постојани ниски температури. Во овој многу мал и практично ненаселен дел од Европа е застапен поларниот климатски тип. Тој се одликува со многу долги и студени зими, со силни ветришта и со многу мали количества врнежи, во вид на снег. Всушност таму зимата е единствено годишно време, а земјата е секогаш покриена со вечен снег и мраз. Поларниот климатаски тип е познат и под името **клима на вечниот мраз,** бидејќи температурата и во најтоплиот месец во годината е еднаква или пониска од 0° С. Растителниот свет е оскуден и претставен со **нижи растителни заедници**, а животинскиот свет со: бела мечка, фока, морски слон (морж), кит, поларна лисица и други.


Поларен појас


Тундра


Поларна лисица

Ги населува: Норвешка, Исланд, Гренланд и околните острови, сè до Шведска. На крзното има две бои: кафена во текот на летото и снежно-бела во зимата.

Таа е типично поларно животно. Активна е преку денот и навечер. Живее во мали групи во тундрите и во планинските области. Копа дувла, а во областите каде што не се лови останува на земјата меѓу камењата или под грмушките.

Се храни со малечките од морските птици и со трупови од мртви животни, што се исфрлени на брегот. Во јуни, женката на свет донесува 6-10, а многу поретко 12 малечки. Тие се слепи и почнуваат да гледаат по 10 дена.

**Табела 3:** Средномесечни и годишни температури во различни климатски области: супполарна (Хамерфест), континентална (Харков), атлантска (Ливерпул) и медитеранска (Неапол), изразени во (° C).

| Град | М Е С Е Ц И | | | | | | | | | | | | годишен просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | |
| **Хамерфест** | -5,2 | -5,0 | -3,7 | -1,0 | 3,2 | 7,8 | 11,3 | 10,5 | 6,6 | 2,0 | -1,6 | -3,8 | **1,8** |
| **Харков** | -4,6 | -4,5 | 0,7 | 9,2 | 15,6 | 19,3 | 21,3 | 20,3 | 14,4 | 7,9 | 0,9 | -3,5 | **8,1** |
| **Ливерпул** | 4,8 | 4,7 | 6,6 | 8,7 | 11,8 | 14,5 | 16,5 | 16,3 | 14,2 | 11,1 | 7,7 | 5,0 | **10,2** |
| **Неапол** | 8,7 | 8,8 | 11,1 | 13,2 | 17,8 | 21,4 | 24,3 | 24,7 | 21,4 | 17,1 | 12,4 | 9,8 | **15,9** |

**Графикон 1:** Годишни температури во различни климатски области: супполарна (Хамерфест), континентален (Харков), атлантска (Ливерпул) и медитеранска (Неапол), изразени во (° C).




***За продлабочено знаење:***

- Просечните летни температури на Шпицбершките Острови во областа на тундрата, се движат од 4 - 6° C, а зимските околу – 16° C. Зимите во приморските делови на оваа островска група се релативно ублажени од крајните достreли на Голфската струја, длабоко на север во Арктикот.
- Ниските температури во студениот појас на Европа се резултат на долгите поларни ноќи, малиот упаден агол на сончевите зраци и високото албедо (индекс на одбивање на светлината) од страна на снежната покривка, при што загревањето на површината на земјата е сведено на минимум.
- Куриозитетна појава во појасот на тундрата, за време на краткото и влажно лето, е наездата на комарци, што не е вообичаена за подрачја на Земјата со толку свежи (студени) лета.

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каде се чувствува влијанието на супполарниот климатски тип во Европа?
- Кои се одликите на супполарната и поларната клима во Европа?
- Каков е растителниот свет во студениот топлински појас на Европа?
- Кој е најкрупниот претставник помеѓу класата цицачи во студениот појас на Европа?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пронајди и проследи документиран видео материјал за тундрата и поларните области. Впечатоците за амбиентот и живиот свет накратко сподели ги на часот!
- Користејќи соодветен програм (Paint; Corel Draw...) врз основа на нема карта на Европа обиди се да изработиш климатско-вегетациска карта на континенетот! Тимската работа, во пар или група, е препорачлива за ваква задача.

# РЕЧНИ СЛИВОВИ И РЕКИ ВО ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се и опиши ги речните елементи: корито, долина, влив и слив!*
- *Познаваш ли некои пловни реки во Европа?*
- *Какво е стопанското значење на реките?*

Во Европа има две главни извориштни области од каде што потекнуваат најголем број реки: **Алпите** и **Валдајското Возвишение**. Реките во Европа припаѓаат на **отворени** (егзореични) и **затворени** (ендореични) сливни подрачја. Сите реки во Европа што се вливаат во отворени морски басени, припаѓаат на три морски сливни подрачја и тоа: слив на **Средоземно Море**, слив на **Атлантскиот Океан** и слив на **Северен Леден Океан**. Реките што се вливаат во **Каспиското Езеро** или други езера, им припаѓаат на затворените сливни подрачја.

## СРЕДОЗЕМНОМОРСКИ СЛИВ

Сливното подрачје на Средоземното Море ги опфаќа сите реки што се вливаат во него или во неговите рабни мориња, и тоа јужно од **Пиринеите** и **Алпско-карпатскиот планински венец**. Поголемиот број реки во овој слив се кратки и мошне колебливи и зависни од годишниот режим на врнежите. Најголеми реки што директно се вливаат во Средоземното Море се: **Ебро** и **Рона**. Меѓутоа, во рабните мориња на Средоземното Море се вливаат повеќе реки.

Така, во Јадранското Море, од поголемите реки се вливаат: **Дрим, Бојана, Неретва, Цетина, По** и други**.** Во Егејското Море се вливаат: **Вардар, Струма, Марица, Бистрица** и др. Во Црното Море се вливаат **Дунав, Днепар** и **Днестар**, а во Азовското Море - **Дон**. Реката **Дунав** (2850 км) е втора река по должина во Европа. Извира од планината **Шварцвалд** во Германија и тече низ девет подунавски држави. При утоката во Црното Море таа се расчленува на повеќе ракави и прави голема делта. Реките: **Дон, Днепар** и **Днестар**, се пловни и имаат голема хидроенергетска моќност. На сите нив се изградени вештачки езера и хидроцентрали. Реката Дон со **пловен канал** е поврзана со Волга. Со овој канал е создаден важен пловен пат што го поврзува Азовско и Црно Море на југ, со Каспиското Езеро на исток и Балтичкото Море на север.




Сливни подрачја во Европа

## АТЛАНТСКИ СЛИВ

Сливното подрачје на Атлантскиот Океан ги опфаќа сите реки што се вливаат во Атлантскиот Океан и неговите рабни мориња. Тоа се реките од: **Пиринејскиот** и **Скандинавскиот Полуостров**, реките што течат од **Централниот Француски Масив** и реките од островите **Велика Британија** и

**Табела 4:** Хидролошки особености на реките во сливните подрачја на Европа

| Слив | Максимален протек (сезона) | Минимален протек (сезона) | Воден режим (исхрана) |
|---|---|---|---|
| Арктички | лето | зима | снежно-леднички |
| Атлантски | воедначен | воедначен | дождовен |
| Медитерански | зима | лето | дождовен |
| Касписки | пролет | зима | снежно-дождовен |

Вливот на Сава во Дунав



**Ирска**. Реките во овој слив се богати со вода и имаат постојан тек поради високите количества врнежи, што се излачуваат преку цела година. Најпознати реки на Пиринејскиот Полуостров што припаѓаат на ова сливно подрачје се: **Дуро, Мињо, Тахо, Гвадијана, Гвадалкивир** и др. На сите овие реки се изградени вештачки езера и хидроцентрали. Други поголеми реки што се вливаат во ова сливно подрачје се: **Сена, Лоара и Жиронда**. Во Северното Море се вливаат: **Рајна, Везер, Лаба, Темза** и др. Овие реки имаат големо сообраќајно значење за превоз на индустриски и земјоделски стоки. Во Балтичкото Море се вливаат: **Одра, Висла, Немен, Западна Двина и Нева**. Во зимскиот период тие често замрзнуваат, поради што сообраќајот по нив е отежнат. Повеќето од реките во Атлантското сливно подрачје, непосредно пред океанот, имаат проширени речни вливови-**естуари**.



Дунав е единствената голема река во Европа, која тече во насока од запад на исток. Извира од планината Шварцвалд (со надморска височина на изворите 1078 метри) во Германија. Тече на југоисток во продолжение на 2859 км, вливајќи се во Црно Море. Поминува низ многу земји од Средна и Источна Европа: Германија, Австрија, Словачка, Унгарија, Хрватска, Србија, Бугарија, Романија и Украина. Минува низ повеќе главни градови и тоа: Виена, Братислава, Будимпешта и Белград.

## СЛИВ НА СЕВЕРЕН ЛЕДЕН ОКЕАН

Овде припаѓаат реките **Северна Двина** и **Печора**. Во најголемиот дел во годината овие реки се замрзнати. Максималниот протек се случува во летниот период, а минималниот преку зима. Бидејќи и двете реки течат низ пространи шумски појаси-тајги, тие се користат како сообраќајници за пренесување на дрво и друг градежен материјал во летниот период.

## СЛИВ НА КАСПИСКОТО ЕЗЕРО

Сливот на Каспиското Езеро претставува единствено затворено сливно подрачје каде што се вливаат **Волга** и **Урал**, како и други помали реки. Реките во овој слив се колебливи со максимални водостои во пролетта, поради снежното потхранување. **Волга** е најдолга и најполноводна европска река (3700 км). Таа преку **канали** е поврзана и со други реки, со што е создаден еден долг пловидбен пат кој поврзува 4 мориња. Волга има голема хидроенергетска моќ, па затоа на неа се изградени повеќе вештачки езера и хидроцентрали. При вливот, Волга гради голема делта.

Стопанското значење на европските реки е големо. Тие се користат како пловни сообраќајници, за наводнување и за добивање на хидроенергија. Поголемите реки се поврзани меѓу себе со **пловни канали**.

**Графикон 2:** Годишен воден режим на реки од две различни сливни подрачја



***За продлабочено знаење:***

- Благодарение на пловните реки кои се поврзани со вештачки канали низ Европа е создаден внатрешен речно-пловен пат, значаен за економијата на повеќе земји. Така, преку реките Рајна, каналот Дунав-Мајна-Рајна и текот на Дунав, се поврзани Црното и Северното Море.
- Реката Рајна има големо сообраќајно значење за идустриски развиената Германија. Таа е пловна од вливот, па спротиводно до градот Базел во Швајцарија. Така, Швајцарија како средноевропска земја има излез на море и можност за поврзување со „светот“ по воден пат.

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Со помош на атлас на хидрографската карта на Европа обиди се да ги запишеш со молив имињата на означените реки покрај сините линии. - Задачата е погодна за работа во пар!



***Задачи со примена на ИКТ:***

- Изврши далечинско набљудување преку (Google Earth) на речните корита, речните канали и вливовите на поголемите европски реки! Издвој некои заеднички карактеристики според твоите видувања, за евентуална групна дискусија на часот!
- Направи виртуелно патување (Google Map) по текот на реката Дунав и направи листа на европски земји низ кои минува!

# ЕЗЕРА ВО ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се кои се неистечни води на Земјата!*
- *Какви езера постојат според настанокот на нивниот басен?*
- *Какво е стопанското значењето на езерата?*

Европскиот континент е богат со голем број езера. Според типот, односно настанокот на езерскиот басен, тие се: **тектонски**, **леднички**, **карстни**, **речни** и **вештачки**.

**ТЕКТОНСКИ ЕЗЕРА** Тие се стари езера, по неколку милиони години, чијшто басен е создаден по тектонски пат. Најголемо меѓу нив во Европа и светот е **Каспиското Езеро** и зафаќа површина од 371 000 $км^2$. Каспиското Езеро е остаток од некогашно море и затоа неговата вода е солена. Ова езеро се наоѓа за 28 метри пониско од морското ниво – депресија. Најголемо тектонско езеро во средишниот дел на Европа е **Балатон** во Унгарија (592 $км^2$). Значаен број од тектонските езера се наоѓа во средишните делови на Балканскиот Полуостров: **Охридското**, **Преспанското**, **Дојранското**, **Островското**, **Костурското Езеро** и други.



Дојранско Езеро

**Табела 5:** Најголеми езера според површината во Европа

| Езеро | Касписко | Ладога | Онега | Венерн | Ветерн | Меларн |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Површина ($км^2$) | 371.000 | 18.400 | 9.720 | 5.545 | 1.886 | 1.163 |

**ЛЕДНИЧКИ (ГЛАЦИЈАЛНИ) ЕЗЕРА** Тие се помлади ерера чиишто басени се производ од ледничка ерозија во низините и планините, кои за време на ледената епоха биле покриени со дебели ледници. Најмногу леднички езера има на: **Скандинавскиот** и **Финскиот Полуостров**. Таму има над 60.000 леднички езера. По овие езера, особено е позната **Финска** (езерска земја).



Женевско Езеро

Женевско Езеро е најголемо од сите алпски езера и прави широка полумесечина заедно со реката Рона која во него се влива од југоисточниот крај, а излегува од југозападниот. Иако езерото во најширокиот дел има 14 км, силните ветрови можат да предизвикаат силни бури што повеќе се својствени за морињата и внатрешноста на копното. Северниот брег е густо населен, а најважни градови се: Женева и Лозана. Падините по должината на езерскиот брег, свртени кон југ, претставуваат најголеми лозарски области во Швајцарија.

Најголеми леднички езера во северниот дел на Европа се: **Ладога, Онега, Венерн, Меларн, Ветерн** и др. Леднички езера има и на повисоките планини, како што се: Алпите, Динаридите, Родопите, Карпатите и др. Најживописни леднички езера има на Алпите. Најпознати меѓу нив се: **Женевското, Боденското, Циришкото, Бледското, Бохињското, Комо** и други езера. Помали леднички езера на Балканскиот Полуостров имаат: Рила, Пирин, Шар Планина, Баба, и други планини.



Скадарско Езеро

Скадарското Езеро е најголемо езеро во Црна Гора и на Балканскиот полуостров. Површината на езерото изнесува 369,7 км² (од тоа на Црна Гора и припаѓаат 221,8 км², а на Албанија 147,9 км²). Должината од Врањина до Скадар изнесува 40 километри, а ширината на некои места изнесува 14 километри. Длабочината изнесува од 4 до 6 метри, а што повеќе се оди кон западниот брег се вдлабочува повеќе. Езерото спрема годишните времиња ја менува својата големина, а вода прима од многу реки. Реката Бојана истекува од езерото и се влива во Јадранското Море.

**КАРСТНИ ЕЗЕРА** Карстните езера се застапени во варовнички и карстни предели. Поголем број од нив се среќаваат во Динарскиот планински венец на Балканот. Поголеми од овој тип се **Скадарското Езеро** (370 км$^2$) и езерото **Врана**. Најдлабокото езеро во Европа, **Црвеното Езеро** во Хрватска, според настанокот, исто така, припаѓа на карстните езера.

**РЕЧНИ ЕЗЕРА** Речни езера настануваат преку природно преградување на речните корита од одрон или преку таложење на бигорни прегради кај реки што течат низ варовнички предели. Такви се на пример: живописните **Плитвички Езера** и езерцата по текот на реките **Крка** во Хрватска и **Плива** во БиХ**.** Околу големите рамничарски реки кои се изливаат (Волга, Дунав, Днепар и др.) од речните корита, во близина се создаваат периодични или постојани езерца – **мртваи,** кои го губат контактот со речниот тек. Реките што наталожуваат песочни бедеми пред вливот во моријата, создаваат езера – **лимани**. Најмногу ги има при вливот на притоките на Црното и Азовското Море.



Плитвички Езера

**ВЕШТАЧКИ ЕЗЕРА** Тие се изградени за потребите на човекот. Нив ги има на повеќе реки во Европа, а најголемите се наоѓаат на: **Волга, Дунав, Днепар, Дон** и др. Водата од вештачките езера се користи за повеќе намени, а најмногу за: наводнување, добивање електрична енергија, риболов и туристички цели. Најголемите вештачки езера во Европа се изградени на реката Волга: **Кујбишевското, Рибинското и Волгоградското Езеро.**






Матка — најстарото вештачко езеро во С. Македонија, чијашто акумулација е изградена во 1938 година. Добиено е со преградување на реката Треска со брана и создавање на вештачка акумулација во кањонот Матка.



***За продлабочено знаење:***

- Помеѓу природните езера во Европа постојат и помал број езера кои се од вулканско потекло и лежат во вулкански кратер. Такви има во Франција и Италија – езерото Албано. Како остатоци од езера во исчезнување, низ европскиот континент постојат многу блатни (мочурливи) езера.
- Најголемото вештачко езеро во Европа (Кујбишевското Ез.) зафаќа површина колку една четвртина од територијата на нашата република.
- Црвеното (300 м), Охридското (294) и Каспиското (211) се трите најдлабоки езера во Европа.



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Која земја е најбогата со езера во Европа?
- Кое е најголемо тектонско и ледничко езеро во Европа?
- Поврзи ги езерата од левата страна со типот на кој му припаѓаат од десна страна:

| | |
|---|---|
| а) Ез. Балатон | ледничко |
| б) Скадарско Ез. | тектонско |
| в) Ез. Ладога | речно |
| г) Плитвички Езера | карстно |




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пронајди ги (Google Earth или Google Map) езерата: Ладога, Онега, Венерн, Меларн, Ветерн, Женевското, Боденското, Циришкото, Бледското, Бохињското, Комо, Скадарското и Плитвичките Езера. – Дознај во кои држави припаѓаат и како се стопански искористени!
- Направи виртуелно патување (Google Map) по текот на реките: Дунав, Днепар и Драва и направи листа на вештачките езера кои ги забележа!



*Клучни поими:*

- *Население;*
- *Густина на населеност;*
- *Природен прираст;*
- *Расни групи;*
- *Народи;*
- *Јазични групи;*
- *Верска припадност;*
- *Обичај;*
- *Традиција;*
- *Култура;*
- *Регија;*
- *Држава;*
- *Главен град;*
- *Република;*
- *Кралство;*
- *Кнежевство.*

Знамињата на европските држави.



# ТЕМА II: СОЦИО-ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ И РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА


ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУЖНА ЕВРОПА .......... 52
БАЛКАНСКИ ПОЛУОСТРОВ .......... 54
БУГАРИЈА .......... 54
ГРЦИЈА .......... 57
СРБИЈА .......... 59
АЛБАНИЈА И КОСОВО .......... 61
ХРВАТСКА И СЛОВЕНИЈА .......... 64
ЦРНА ГОРА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА .......... 68
АПЕНИНСКИ ПОЛУОСТРОВ .......... 71
ИТАЛИЈА, САН МАРИНО И ВАТИКАН .......... 71
ПИРИНЕЈСКИ ПОЛУОСТРОВ .......... 74
ШПАНИЈА, ПОРТУГАЛИЈА И АНДОРА .......... 74
ЗАГРОЗУВАЊЕ, ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЈУЖНА ЕВРОПА .......... 78

# ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се и одговори од што зависи бројот на жители во едно место или држава?*
- *Кои раси се застапени на "стариот континент"?*
- *Од каде дошле првите населеници во историјата на Европа?*

Европа со околу 743 милиони жители го зазема третото место помеѓу континентите во светот, односно зазема една десетина од светското население. Стариот континент поминал низ бурна историја чиишто: економски, општествени и воено-политички промени предизвикувале чести и драстични промени во населеноста. Првите европски народи потекнуваат од азиско копно. После Големите географски откритија, Европа преминува во големо емигрциско подрачје од каде што милионско население се насочува кон освојување и населување на „Новиот Свет“.

ПРИРОДЕН ПРИРАСТ Европа и развиениот свет воопшто, е демографско подрачје со низок природен прираст, особено од крајните декади на XX век, до денес. Ниската стапка на новородени (**наталитет**) и ниската стапка на изумрени (**морталитет**), се меѓусебно приближени и даваат низок **природен прираст** на европското население, што во последните две децении се движи под еден промил годишно (< 1 ‰). Некои европски земји дури имаат и негативен природен прираст, односно нивното население бројчано се намалува: Украина, Бугарија, Унгарија и др. Како главни фактори за ваквиот демографски тренд се: солидните економски и здравствени услови, образовното и културното ниво на населението. Како последица се јавува зголемување на бројот на старо население за сметка на младото, но и недостаток на работна сила. Според фактичките состојби во иднина во Европа може да се очекува намалување на бројот на населението – **депопулација.**

**Графикон 1:** Бројно движење на населението во Европа (.000)




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | 1960 | 1970 | 1980 | 1990 | 2000 | 2010 | 2018 |
| Жители | 605925 | 657350 | 694207 | 721698 | 727200 | 737163 | 742648 |

**ГУСТИНА НА НАСЕЛЕНОСТ** Според густината на населението, Европа е втор најгусто населен континент со просечна густина од 74 жители на 1 км². Населението на овој континент не е насекаде рамномерно распоредено. Тоа зависи, пред сé од природно-географските услови, како и од економските услови за живеење. Најгусто населени простори во Европа се индустриските области. Меѓу нив, најпознати се: **Рурската и Сарската Област, Шлезија, Рајнската Долина** и др. Во овие области постојат големи градови кои се надоврзуваат едни на други. Густо населени области се воедно и јагленокопните басени во: **Велика Британија, Франција, Русија, Белгија** и северозападниот дел на **Италија.** Исто така, речните долини, плодните низини и котлини, спаѓаат во густо населените подрачја на Европа. Најгусто населена земја е Холандија со 395 жители на 1 км². Во Европа најретко се населени северните области. Таму климатските услови не се погодни за живеење. Тоа се поларните и супполарните предели. Овде населеноста е многу ретка и се движи по неколку жители на 1 км². Густината на населеност зависи и од **миграциите** на населението кои се насочени од јужните и источните делови, кон економски поразвиените, средишни и западни делови на континентот.

**Графикон 2:** Процентуална застапеност на народносните групи во Европа




**РАСИ И НАРОДИ** Населението во Европа воглавно припаѓа на белата и помалку на жолтата раса. Народите (етноси) од белата раса во Европа припаѓаат на три главни групи: **Словени, Германи и Романи.**




Карта на народите во Европа

**Словените** ја претставуваат најбројната група народи во Европа со 34 % од вкупното население. Тие се населени во Источна, Средна и Јужна Европа. Во словенската група народи спаѓаат: **Македонците, Србите, Хрватите, Словенците, Црногорците, Бошњаците, Русите, Белорусите, Украинците, Полјаците, Чесите, Словаците, Бугарите** и **Лужичките Срби**.

**Германската** група народи со 31% е втора по бројот на населението во Европа. Германите се населени во Северна и Средна Европа, на Британските Острови и на други места. Германски народи се: **Германците, Англичаните, Швеѓаните, Холанѓаните, Норвежаните, Данците** и **Австријците**.

**Романската** група народи е застапена со 25 %. Овие народи се населени најмногу на Апенинскиот и Пиринејскиот Полуостров, како и во други делови на Западна и Источна Европа. Во оваа група народи спаѓаат: **Французите, Шпанците, Италијанците, Португалците и Романците.** Надвор од трите основни групи, како посебни народи се издвојуваат: **Грците, Албанците, Баскијците** и др.

Народи од жолтата раса во Европа се: **Финците, Унгарците, Турците, Татарите** и други.



***За продлабочено знаење:***

- Денешните народи во Европа се формирани како резултат на долготрајно етногенетско мешање, сплотување и асимилирање помеѓу стари племиња и народи во минатото. Така, народите од романската група ги наследиле и живеат на територијата на некогашните: Келти, Иберци, Готи, Галијци, Етрурци, Римјани и други.
- Во Европа постојат помали етнички групи кои не успеале да формираат своја држава и живеат интегрирано во државни те територии на некој друг народ, односно нација. Такви се: Каталонците, Баскијците, Власите, Лужичките Срби, Ромите и други. Иднината на Европа како лулка на светската цивилизација не е во војните и поделбите, туку во сплотувањето на мозаикот од “мали” и “големи” народи во едно единствено семејство без граници и без дискриминации.



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каков е природниот прираст на населението во Европа?
- Кои се најгусто и најретко населени региони во Европа?
- Кои народи во Европа припаѓаат на жолтата раса?
- Поврзи ги поимите од левата со соодветните поими од десната страна:

| | |
|---|---|
| а) Норвежани | Посебни народи |
| б) Шпанци | Словени |
| в) Руси | Германи |
| г) Албанци | Романи |




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Изработи табела во некој програм (Excel) класифицирајќи го европското население во посебни редови и колони според расната и етничката припаност!
- Набљудувај ги (Google Map) густо населените региони во Европа и дознај кои познати големи, милионски градови се наоѓаат таму!

# ЈАЗИЧНА И ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ И РАЗНОЛИКОСТ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПА

***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Дискутирај околу значењето на јазикот како општествено добро!*
- *Кои и зошто некои јазици ги нарекуваме "светски"?*
- *Каде, како и кога настанале денешните светски религии?*
- *Од каде дошле првите населеници во историјата на Европа?*

Континетот Европа, како центар на светската култура се одликува со голема разноликост во јазикот, верата и другите културни вредности. Разноликоста е резултат на долготрајните историски процеси од мешањето на народите, освојувачките походи, преселбите, војните и друго.

## ЈАЗИЧНА ПРИПАДНОСТ

Јазичниот мозаик во Европа го сочинуваат три групи и тоа: **индоевропска, урало-алтајска** и **посебна.**

ИНДОЕВРОПСКА ГРУПА Индоевропската јазична група е најраширена во Европа. Во неа спаѓаат: **словенската, германската, романската, келтската, балтичката** јазична гранка и **посебните јазици**.

**Словенските јазици** се поделени на три подгранки: **источна** (руски, белоруски, украински); **западна** (чешки, словачки, полски, лужичко-српски) и **јужна** (македонски, српски, бугарски, словенечки, бошњачки, хрватски и црногорски).




Карта на јазиците во Европа

**Германската гранка** јазици ја чинат: **англискиот, германскиот, данскиот, шведскиот, холандскиот, норвешкиот** и др. јазици.

**Романската гранка** јазици се користат во јужните делови на Европа. Тоа се: **италијанскиот, француснкиот, шпанскиот, португалскиот и романскиот** јазик.

**Келтската гранка** ја сочинуваат постари индоевропски јазици што се користат во Западна Европа, и тоа: Полуостровот **Бретања, Ирска, Шкотска, Велс** и на островот **Ман**.

**Балтичката гранка** јазици е блиска на словенската и ја сочинуваат: **летонскиот и литванскиот** јазик.

**Посебни** индоевропски јазици во Европа се: **грчкиот** и **албанскиот** јазик.

УРАЛО-АЛТАЈСКАТА ГРУПА Овие јазици ги донеле народите кои во минатото се доселиле од Азија. Тоа се: **турскиот** и **угро-финските** јазици (унгарски, фински, естонски и лапонски).

**ПОСЕБНИ ЈАЗИЦИ** Посебен јазик во Европа, којшто не припаѓа ниту во едно светско семејство е **баскискиот** јазик кој се користи во северниот дел на Шпанија и југозападниот дел на Франција (Бискајски Залив).

## ВЕРСКА ПРИПАДНОСТ

Верската разноликост во Европа ја чинат пред сè: **христијанството**, како религија со најмногу верници и **исламот,** кој што е помалку застапен.




Распространетост на религиите во Европа

**ХРИСТИЈАНСКА РЕЛИГИЈА** Таа има најголем број верници во Европа. Во 1054 година е поделена на две цркви: **Западна - римокатоличка** и **Источна - првославна** црква.

***Католичката црква*** со центар во **Ватикан** е најзастапена во: **Италија, Франција, Шпанија, Португалија, Хрватска, Словенија, Полска, Чешка, Унгарија** и други земји.

***Православната црква*** најмногу верници има во: **Русија, Белорусија, Украина, Романија, Србија, Бугарија, Грција, С. Македонија** и други земји.

**Графикон 3:** Верска припадност во Европа




***Протестантизамот*** е верско учење што во XVI век се одвоило од Римокатоличката црква како посебна религија. Денес Протестантите се населени во: **Велика Британија, Германија, Шведска, Норвешка, Данска** и други земји.

**ИСЛАМ** Исламот во Европа бил наметнуван уште во VIII век од страна на Арапите. Денес е застапен повеќе на Балканскиот Полуостров и потекнува од времето на Турското Царство. Тој е најзастапен во: **Албанија, Босна и Херцеговина, Косово** и во европскиот дел на Турција.

Верскиот мозаик на стариот континент со помал број го дополнуваат и припадници на други религии: **јудаизам, будизам** и др.





**Шарена џамија во Тетово**
На десниот брег на реката Пена во градот Тетово во XV век е подигната џамија со турбе што денес е во урнатини. Џамијата е значајна по своите внатрешни и надворешни сликарски декорации. Особено е живописана јужната страна која се гледа од главниот пат што води кон Гостивар. Во составот на овој амбиент, се наоѓа и зачуваниот амам, кој денес е уметничка галерија, како и конаците што претставуваат интересна урбанистичка целина. Со конзерваторско-реставраторските работи повратен е некогашниот изглед и убавина.



***За продлабочено знаење:***

- На Балканскиот Полуостров во стариот век бројни исчезнати или асимилирани народи користеле стари индоевропски јазици познати во науката како палео-балкански јазици. Такви биле јазиците на: древните Македонци, Илирите, Тракијците, Пеонците, Дакијците и др.
- Наспроти верниците (теисти), во многу европски земји одредени граѓани се декларираат како атеисти. Тие не признаваат постоење на божество и не чествуваат верски празници. Повисок процент атеисти во Европа се изјасниле во: Франција, Естонија, Холандија, Чешка, Белгија и Германија.

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои јазици припаѓаат во германската јазична група?
- Кои религии се застапени во западниот и северниот дел на Европа?
- Врз основа на анализа на религиската карта на Европа, поврзи ги соодветните поими од двета страни:

| | |
|---|---|
| а) Франција | муслимани |
| б) Шведска | православни |
| в) Романија | католици |
| г) Косово | протестанти |

- Вистинито или невистинито? (Означи го точниот одговор со симболот: √ или X):
  а) Рускиот јазик е во словенската група
  б) Италијанскиот јазик е во германската група
  в) Унгарците се претежно католици
  г) Португалците се претежно православни

Google

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај и откриј кој од европските јазици најмногу се раширени на други континенти. – Кои се тие земји?
- Истражувај преку интернет пребарувачите во кои воневропски земји најмногу се раширени прифатените религии во Европа?

# КУЛТУРА, ТРАДИЦИЈА И ОБИЧАИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕВРОПА

***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се и одговори што подразбираш под поимот култура?*
- *Опиши некој од обичаите во твоето најтесно опкружување!*
- *Кои ора и танци ги познаваш и умееш да ги играш?*

Европа е лулка на светската култура. Најголемите придобивки кои Европа ги остави во светско наследство се: **латинското** и **кириличното писмо**, повеќето **светски јазици**, појавата на **филозофијата**, развојот на **науките** и **уметностите** итн.

**АНТИЧКИ КУЛТУРИ** Европското копно е дом на повеќе стари цивилизации и култури. Тие датираат повеќе векови пред новата ера. Меѓу нив особено се издвојуваат културите на старите **Грци** и **Римјани**.



Лавовската порта во Микена

**Микенската култура** е прва високо развиена култура на тлото на Европа. За оваа култура ни кажуваат остатоците на градбите од тоа време. Една од тие градби е **Лавовската порта** во Микенскиот акропол. Од таа култура се пронајдени во старите градови разни предмети како што се: оружје, накит од злато и сребро, вази, таблици со грчко писмо и друго. Од тој период потекнуваат и двата познати епа, **Илијада** и **Одисеја,** кои ги напишал поетот **Хомер**. Стара Грција е прва земја во историјата во која се појавиле **театарски дела**. Тоа се **трагедиите** и **комедиите**.



Распоред на писмата како највредно културно наследство на Европа

Легенда:
- Латиница
- Кирилица
- Кирилица и латиница
- Грчко писмо

**Римската култура** се развила под влијание на старогрчката култура. Римската архитектура, вајарството и сликарството ги запознаваме врз основа на нивните остатоци. Тоа се: **патишта, мостови, водоводи, јавни капалишта** или **терми, триумфални арки** и друго. Најмногу остатоци се сочувани во Рим. Таму се наоѓа **Колосеумот**-големиот циркус кој можел да собере 50.000 гледачи. Во него се одржувале гладијаторски борби. Сите нивни места како улици, плоштади, мостови, Римјаните ги украсувале со бисти и скулптури. Во римско време се удрени и темелите на денешното **право** и **законодавство**.



Колосеумот во Рим

**НОВОВЕКОВНА И МОДЕРНА КУЛТУРА** Посебно поглавје од развојот на културното милје на Европа е почетокот на новиот век, после големите географски откритија. Откривањето на: нови територии, народи и култури, будењето на науките и уметностите, индустриската револуција и националното освестување кај народите ќе донесат крупни: општествени, економски и културни промени на стариот континент. Така, врз античките темели во Европа ќе се наталожат нови придобивки во една широка синтеза, популарно позната како З**ападна култура,** која ќе освојува нови хоризонти на Земјата.

**Табела 1:** Дел од светското (културно) наследство на Европа

| Изуми | Научници | Писатели | Филозофи | Композитори | Уметници |
|---|---|---|---|---|---|
| парна машина | Тесла | Алигиери | Сократ | Моцарт | Да Винчи |
| автомобил | Нобел | Шекспир | Платон | Бах | Микеланџело |
| телескоп | Њутн | Достоевски | Аристотел | Хендл | Рембрант |
| кино | Ајнштајн | Пушкин | Русо | Верди | Дали |
| автомобил | Ломоносов | Толстој | Лајбниц | Бетовен | Пикасо |
| телевизија | Менделеев | Иго | Хегел | Вагнер | Репин |
| динамит | Галилеј | Балзак | Маркс | Пучини | Веласкез |

**ТРАДИЦИИ И ОБИЧАИ** Европа денес е исправена пред големи културни предизвици. Од една страна е наталожено огромно **културно наследство**, а од друга страна модерните текови кои водат кон прифаќање на нови вредности. Традицијата како „колективна меморија“ во социолошка смисла е негување на вредностите од минатото, кои бавно водат кон прогрес на општеството. Прифаќањето на модерни, глобални вредности, пак, може да донесе ризик од губење на **културниот идентитет** кај народите. Решението е веројатно во негувањето на универзални морални и верски вредности што ја гарантираат хуманата димензија на современиот човек, а искоренување на традиционалните вредности што го „пломбираат“ минатото и водат кон предрасуди, шовинизам, поделби и дискриминации.



Велигден во православен храм

Денес во Европа се негуваат многу **традиции** и **обичаи**. Традиционално е **чествувањето** на многу православни, католички или муслимански празници. Значај-



Галичка свадба

на традиција кај европските народи е организирање на различни **фестивали** и **натпревари** во пеење, разни карневали, спортски настани и др. Народите во Европа негуваат разни **обичаи**. Тие се однесуваат на начинот на: чествување на празници, свадбени веселби, при раѓање на деца, погребни церемонии и друго. Иако постојат разлики во обичаите, некои од нив се карактеристика за голем број народи. На пример, обичајот на бојосување јајца кај православните верници за време на празникот **Велигден** и посетата на божјите храмови - цркви, манастири и катедрали од страна на христијаните ширум Европа. Посебна хумана димензија има обичајот за време на муслиманскиот празник **Курбан-бајрам,** кога поимотните семејства ги помагаат посиромашните. Кај Европските народи постојат различни обичаи и при склучување на бракови, како што се: венчавката, менување веренички прстени, свадбена церемонија и друго. Гордост на народите низ Европа е исто така и зачувувањето на: традиционалните песни, народни ора и танци, носии, занаети и слично.

***За продлабочено знаење:***

- Повеќето обичаи во Европа влечат корени од стари времиња. Некои симболизираат одреден настан, а некои се донесени врз основа на предрасуди без некое посебно логично или научно објаснување. На пример, матурантите во Норвешка носат разнобојна облека. Во Шпанија пред Велигден се организираат покајанички поворки за простување на грешките. На Велипеток во Англија обичај е да се консумира пециво со суво грозје. На истиот празник во Италија обичај е да се организираат поворки кои молчат за време на церемонијата. За време на Велигден во Полска е познат обичајот на полевање со вода помеѓу верниците.
- Некои традиционални ора и танци во Европа се издигнати на ниво на симбол и заштитен знак за културата на земјата домаќин. Такви се на пример: Тешкото оро кај нас, Ужичкото оро во Србија, танцот Чардаш во Унгарија, Полката во Чешка, Виенскиот валцер и други. Некои од нив се под заштита на УНЕСКО!

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Од кој период и народ потекнуваат денешните азбуки во Европа?
- Кои култури дале солиден темел за културното богатство на денешна Европа?
- Каква е традицијата на чествување големи верски празници во Европа како што се: Велигден и Рамазан-бајрам?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај и направи албум со слики од народни носии на некои европски народи! Анализирај ги разликите!
- Проследи видео материјал од народни ора и танци на некои народи вон Балканот! Постојат ли сличности и разлики со оние од нашите простори?

# НАСЕЛБИ ВО ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се и наброј некои основни карактеристики на населбите!*
- *Кои се основните разлики помеѓу градот и селото?*
- *Познаваш ли некои стари, антички, европски градови?*

Населбите се специјално уредени места во географскиот простор во функција на непречено одвивање на човековите животни активности, што во основа се сведени на: домување, работа и рекреација. Според видот, населбите се поделени на **градски** и **селски**.

**ГРАДСКИ НАСЕЛБИ** Градовите се поголеми населени места со неземјоделско население, кое е активирано претежно во: **индустријата, сообраќајот, трговијата, здравството, образованието, културата** и други дејности. Градовите се разликуваат од селата според: големината, бројот на населението, начинот на живеење, изгледот и друго.

**ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ** Најстарите градови во Европа датираат уште од стариот век. Голем подем и импозантен архитектонски раскош доживеале во античко време. Најстари се некои јужноевропски градови: **Атина, Теба, Делфи, Пловдив, Лисабон, Рим, Задар** и други. Во средниот век, за време на феудализмот се подигале помали градови – тврдини, а со индустриската револуција во новиот век и воспоставените капиталистички односи, се јавил процесот на забрзано урбанизирање, кога во Европа се појавиле модернизирани индустриски градови.

**ГРАДОВИ СПОРЕД ГОЛЕМИНА** Од бројот на населението зависи големината на еден град. Во многу држави во Европа минималниот број на жители за добивање градски статус е различен. Затоа е прифатено компромисно решение, кое се почитува во повеќе земји. Според него, **мали градови** се оние што имаат помалку од 10 илјади жители. Овие градови се средишта кон кои гравитираат околните села. **Средните градови** имаат од 10 до 100 илјади жители. Тие се центри на поголеми области и вршат влијание на својата поширока околина. **Големи градови** се оние со над 100 илјади жители и тие опфаќаат многу голем простор. Кон нив гравитираат и помалите градови. Градовите што имаат над еден милион жители се **милионски градови**. Прв милионски град во Европа, уште во антиката бил **Рим.** Во Европа, денес, има повеќе милионски градови. Најголеми од нив се: **Москва** во Русија и **Лондон** во Велика Британија. Според големината повеќе милионски градови се: **Санкт**

**Табела 2:** Најголеми градови во Европа

| Град | Популација | Држава |
|---|---|---|
| Москва | 11.980.000 | Русија |
| Лондон | 8.310.000 | В. Британија |
| Санкт Петербург | 5.130.000 | Русија |
| Берлин | 3.520.000 | Германија |
| Мадрид | 3.205.000 | Шпанија |
| Атина | 3.070.000 | Грција |
| Киев | 2.848.000 | Украина |
| Рим | 2.778.000 | Италија |
| Париз | 2.203.000 | Франција |
| Минск | 1.920.000 | Белорусија |

**Графикон 4**: Најголеми градови во Европа



**Петербург** во Русија, **Берлин** во Германија, **Мадрид** во Шпанија, **Рим** во Италија, **Киев** во Украина, **Париз** во Франција и други, несметајќи го **Истанбул** којшто припаѓа на два континенти. Најголем број од милионските градови во Европа, се наоѓаат во **Русија, Германија и Украина.**






Париз е главен град на Франција, а воедно претставува и: административен, политички, стопански, културен и образовно-научен центар на таа земја. Градот лежи на бреговите на реката Сена во северниот дел на Франција, во регионот Ил де Франс т.е. парискиот регион. Со годишна бројка од над 45 милиони туристи Париз е најпосетуваниот град во светот.



туристички региони



индустриски региони

**Густи туристички и индустриски урбани региони во Европа.**

**ФИЗИОНОМИЈА И ФУНКЦИЈА** Физиономијата или изгледот на градот ја диктираат: релјефот, времето на изградба и урбано-планскиот пристап. Така во Европа се присутни градови или нивни остатоци од различни епохи кои физиономски можат да се категоризираат како: **медитерански,** со тесни, поплочени улици и камени куќи (Малага, Мурсија, Будва); **средновековно-утврдени,** со високи ѕидови и замоци (Сан Марино, Дубровник, Талин, Јорк); **турско-ориентален,** со ниски градби, чардаци, тесни улици и безистени (чаршиите во Сараево, Скопје, Битола) и секако, **модерни** градови со сложени инфраструктурни решенија. Градовите обично се сметаат за повеќефункционални населби, меѓутоа кај некои од нив може да преовладува една или две дејности, според кои ќе добијат: **индустриска** (Манчестер, Торино), **туристичка** (Венеција, Кан), **трговска** (Хамбург, Марсеј), **сообраќајна** (Франкфурт, Ротердам), **административна** (Брисел, Женева) или друга **функција**.

**СЕЛСКИ НАСЕЛБИ** Селата за разлика од градовите се помали населени места во кои луѓето се занимаваат претежно со земјоделски гранки. Според положбата што ја заземаат, постојат: **планински, ридски, рамничарски и крајбрежни села**.

***Планинските села*** се мали населби со збиени градби. Ридските села се состојат од повеќе маала кои се оддалечени едни од други. Тие вршат **сточарска** и **шумарска функција**. Некои од планинските села на Алпите во последниот век се трансформирале во вистински туристички центри: **Шамони, Оберсдорф, Давос, Арос, Кицбил** и други.

***Рамничарските села*** се најголеми и во нив може да има различна инфраструктура (улици, водоводи), а куќите се градени на повеќе катови.

Според физиономијата постојат села од **збиен** и **разбиен тип**. Тие вршат полјоделско-сточарска функција за потребите на градовите. Во **Источноевропската, Западноевропската, Панон-**

ската, **Ломбарадија и Влашката Низина** во Европа, постојат големи села со над 10 илјади жители. Тие се урбанизирани и личат на мали гратчиња. Во Англија и Холандија веќе не може да се зборува за села во вистинска смисла, поради нивната физиономска и функционална складност со градовите.



Планинско село

***Крајбрежните села*** вршат **риболовна** (Скандинавски Полуостров) и **туристичка** функција (Грција, Португалија, Хрватска, Италија). Во најсеверните предели на Европа постојат села чии куќи се градени од **мраз**. Тие куќи се викаат **игло**. Појужно од нив постојат села кои се градени претежно од дрво. Тие села се ноаѓаат во тајгите на северните предели на: Русија, Норвешка, Шведска, Финска и други. Во неразвиените ридско-планински предели на Јужна и Источна Европа, иако во исчезнување, сè уште се среќаваат остатоци од **турско-ориентален** селски тип. Градбите се од глинени тули, чардаците дрвени, а водоснабдувањето од бунар или јавна чешма.

***За продлабочено знаење:***

- Конурбација е процес на просторно ширење и соединување на два или повеќе соседни градови во огромна градска агломерација, наречена мегалополис. Мегалополиси се создадени во индустриски развиената регија од Англија спрема северозападна Италија и во туристички развиениот Азурен Брег на Средоземното Море.
- Првите блескави подеми, градовите ги доживеале во римско време. Некои од градовите имале урбан квалитет завиден и за денешни услови (градски фонтани, поплочени улици, јавни бањи, меани, театри), владеење на правото, развиено стопанство итн. Подоцнежните, средновековни градови, во духот на времето, претставуваат една назадна и темна страна од историјата на човештвото. Зад маркантните тврдини се криеле: заразни болести, слаби хигиенски услови, глад, еколошки деструкции, паганство, економска изолираност итн.

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои се најголеми градови во Европа?
- Каде се подигнале и кои биле најстарите градови во Европа?
- Каде се селата најурбанизирани?
- Какво може да биде значењето на селото за локалната или државната економија?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Изработи постер или албум (Power Point) со фотографии од различни типови градски и селски, познати, населби во Европа. Презентирај и издвој некои карактеристики за секој поединечен тип!
- Истражувај (Google) и дознај кои европски метрополи за првпат во градскиот превоз вклучиле подземна железница – метро!

# РЕГИОНАЛНА И ПОЛИТИЧКО ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА НА ЕВРОПА

***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Што подразбираш под поимот регион?*
- *Зошто за државите се вели дека се политички творби?*
- *Какво може да биде државното уредување?*




Регионална поделба на Европа

Според регионалната поделба Европа е поделена на следниве географски регии: **Јужна, Западна, Северна, Средна,** и **Источна Европа**.

ЈУЖНА ЕВРОПА главно е планински регион. Таа го опфаќа европското подрачје на Средоземното Море со трите големи полуострови: **Апенински, Балкански** и **Пиринејски**, како и островите и островските групи. Нејзиниот простор главно го зафаќаат стари грамадни и млади верижни планини. Климатски, Јужна Европа е под влијание на Медитеранот. Во Јужна Европа бројни се народите од **романската** и **словенската** група.

**Балканскиот Полуостров** во политичко-територијален поглед е поделен на повеќе држави: **Србија** со главен град Белград, **Црна Гора** (Подгорица), **Бугарија** (Софија), **Албанија** (Тирана), **Грција** (Атина), **Северна Македонија** (Скопје), **Словенија** (Љубљана), **Босна и Херцеговина** (Сараево), **Хрватска** (Загреб) и **Косово** (Приштина).

На **Апенинскиот Полуостров** се наоѓаат: **Италија** со главен град Рим, **Ватикан** (Ватикан) и **Сан Марино** (Сан Марино).

На **Пиринејскиот Полуостров** се наоѓаат: **Шпанија** со главен град Мадрид, **Португалија** (Лисабон) и **Андора** (Андора ла Вела).

Според државното уредување, земјите од оваа регија се претежно **републики**, освен Ватикан (**изборна монархија**), Андора (**кнежевство**), Шпанија (**монархија**) и Босна и Херцеговина – **сојузна република**.

ЗАПАДНА ЕВРОПА ги зафаќа западните делови на континентот, широко отворени кон Атлантскиот Океан и неговите крајбрежни мориња. Релјефот е претставен со низини и стари грамадни планини. Климата е атлантска со обилни врнежи. Западна Европа спаѓа во најгусто населените регии на континентот. Во овој регион најбројни се народите од **германската** и **романската група**. Државите на овој регион се високоразвиени земјоделски и индустриски земји. Тоа се: **Франција** со главен град Париз, **Монако** (Монако), **Велика Британија** (Лондон), **Ирска** (Даблин), **Белгија** (Брисел), **Холандија** (Амстердам) и **Луксембург** (Луксембург). Според државното уредување земјите во регијата се **уставни монархии,** освен **кнежевството** Монако.

**СЕВЕРНА ЕВРОПА** е регион што го опфаќа најсеверниот дел на овој континент: **Скандинавскиот Полуостров, Кола, Канин, Јиланд, островите во Арктикот** и **Исланд**. Релјефот на овој регион е главно планински и низински. Карактеристично за оваа регија се фјордовите и фјелдите, како и многубројните леднички езера. Во овој регион климатските услови се најнеповолни, особено во подрачјата каде што владее супполарната клима. Населението кое ја населува Северна Европа припаѓа, главно, на **германската група** народи кои во поглед на стопанството и културното ниво спаѓаат меѓу најразвиените и најнапредните народи во Европа. Во овој регион се наоѓаат државите: **Норвешка** со главен град Осло, **Шведска** (Стокхолм), **Финска** (Хелсинки), **Данска** (Копенхаген) и **Исланд** (Рејкјавик). Според државното уредување земјите во регијата се: **уставни монархии** и **републики** (Исланд, Ирска, Финска).

**СРЕДНА ЕВРОПА** како регион го опфаќа просторот на Средна Европа, помеѓу Алпите и Карпатите, опфаќајќи: алпски, подунавски и прибалтички простори. Релјефот во неа е различен. Тој се состои од стари и млади верижни планини, како и од пространи и плодни низини. Климата е континентална и умерено-континентална. Реките што течат низ овој регион се особено важни за нивното стопанско искористување (сообраќај, наводнување, хидроенергија и др.). Во овој регион се населени жители од различни групи народи, од кои најбројни се **Словените** и **Германите**. Политички-териоријално регијата е поделена на државите: **Германија** со главен град Берлин, **Полска** (Варшава), **Чешка** (Прага), **Словачка** (Братислава), **Швајцарија** (Берн), **Австрија** (Виена), **Лихтенштајн** (Вадуз), **Унгарија** (Будимпешта) и **Романија** (Букурешт). Според државното уредување, земјите во регијата се: **републики, сојузни републики** (Германија, Австрија, Швајцарија) и Лихтенштајн како **монархија**.

**ИСТОЧНА ЕВРОПА** го опфаќа просторот на Источноевропската Низина и се протега на исток сè до планината Урал, реката Урал и Каспиското Езеро. Во Источна Европа, главно, владее континенталната клима. Реките што течат низ овој регион се: долги, бавни, полноводни и пловни. Нивната вода се користи за наводнување и за добивање на електрична енергија. Населението кое го населува овој регион припаѓа на **словенската** група народи. Политичко-територијалната карта ја сочинуваат државите: **Русија** со главен град Москва, **Белорусија** (Минск), **Украина** (Киев), **Естонија** (Талин), **Летонија** (Рига), **Литванија** (Вилнус) и **Молдавија** (Кишињев). Сите имаат **републиканско** уредување, освен Русија - **сојузна република**.



***За продлабочено знаење:***

- На чело на уставните монархии – кралства, во Европа, се наоѓа крал. Власта на кралот е ограничена со устав. На чело на некои монархии стои кнез – кнежевство. Кај републиканските држави не постои наследна власт, односно извршната власт и шефот на државата се бираат на избори.



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каде се протега западната регија на Европа?
- Кои држави се наоѓаат во северната регија?
- Какви се државните уредувања на земјите од јужната регија?
- Поврзи ги земјите со регигите каде што припаѓаат:

| | |
|---|---|
| а) Швајцарија | Јужна Европа |
| б) Холандија | Северна Европа |
| в) Србија | Источна Европа |
| г) Данска | Западна Европа |
| д) Украина | Средна Европа |



***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на некои софтверски пакети (Microsoft Excel) изработи табела со податоци за регионалната припадност и државното уредување на европските земји!



**Клучни поими:**

- Бреговa линија;
- Полуострови;
- Острови;
- Островски групи;
- Планински венец;
- Макии;
- Полуостров;
- Државни граници;
- Државно уредување;
- Родопи;
- Мусала;
- Република;
- Скадарско Езеро;
- Религија.

Пејсаж од Средоземното Море.

# ТЕМА III: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЈУЖНА ЕВРОПА


ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУЖНА ЕВРОПА ........ 52
БАЛКАНСКИ ПОЛУОСТРОВ ........ 54
БУГАРИЈА ........ 54
ГРЦИЈА ........ 57
СРБИЈА ........ 59
АЛБАНИЈА И КОСОВО ........ 61
ХРВАТСКА И СЛОВЕНИЈА ........ 64
ЦРНА ГОРА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ........ 68
АПЕНИНСКИ ПОЛУОСТРОВ ........ 71
ИТАЛИЈА, САН МАРИНО И ВАТИКАН ........ 71
ПИРИНЕЈСКИ ПОЛУОСТРОВ ........ 74
ШПАНИЈА, ПОРТУГАЛИЈА И АНДОРА ........ 74
ЗАГРОЗУВАЊЕ, ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЈУЖНА ЕВРОПА ........ 78

# ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЈУЖНА ЕВРОПА

***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Потсети се и одговори кои полуострови се наоѓаат на јужниот европски брег?*
- *Кои се антички култури на Европа?*
- *Каде се протегаат Динаридите?*




**Табела 1:**

Држави и главни градови на полуостровите во Јужна Европа

| **Балкански Пол.** | **Гл. град** |
|---|---|
| 1. Албанија | Тирана |
| 2. Бугарија | Софија |
| 3. БиХ | Сараево |
| 4. Грција | Атина |
| 5. С. Македонија | Скопје |
| 6. Србија | Белград |
| 7. Словенија | Љубљана |
| 8. Хрватска | Загреб |
| 9. Црна Гора | Подгорица |
| 10.Косово | Приштина |

| **Апенински Пол.** | **Гл. град** |
|---|---|
| 1.Италија | Рим |
| 2.Ватикан | Ватикан |
| 3.Сан Марино | Сан Марино |

| **Пиринејски Пол.** | **Гл. град** |
|---|---|
| 1.Шпанија | Мадрид |
| 2.Португалија | Лисабон |
| 3.Андора | Андора ла Вела |

ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА. Јужна Европа ги опфаќа **Апенинскиот, Балканскиот** и **Пиринејскиот Полуостров.** Овие полуострови длабоко навлегле во водите на околните мориња и се доближиле до Азија и Африка. Од Азија се оддалечени помалку од 3 км кај протоците: **Босфор** и **Дарданели**, а од Африка, 14 км кај **Гибралтарскиот Проток**. Поради тоа, Јужна Европа има многу поволна географска положба. Таа претставува „мост“ што ги поврзува региите на Европа со државите од Азија и Африка. Поволната географска положба се должи и на повеќето мориња, кои од три страни ја обиколуваат оваа регија. Од нив најголемо значење има **Средоземното Море** со неговите рабни мориња. Големо значење за географската положба на Јужна Европа има **Атлантскиот Океан**. Тој ја поврзува оваа регија по воден пат со другите океани и континенти.

БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ Бреговата разгранетост на регијата Јужна Европа, освен трите големи полуострови ја сочинуваат и други помали: полуострови, острови и заливи на Средоземното Море. Поради големата расчленетост, оваа регија има мошне долга **брегова линија**. Во групата помали полуострови припаѓаат: **Пелопонез, Истра, Калабрија** и други. Најголемите острови во регијата се: **Сицилија, Сардинија, Корзика, Крит** и други.

**РЕЛЈЕФ** Релјефот во Јужна Европа се состои претежно од планини и низини. Најраспространети се планинските венци: **Апенини, Пиринеи и Динариди**. Од низините најголеми се: **Андалузија, Арагонија, Ломбардија** и дел од **Панонската Низина**. Во планинскиот релјеф на регијата се присутни и **вулкански планини** со неколку активни вулкани.

**КЛИМА И ХИДРОГРАФИЈА** Климата во Јужна Европа е **средоземноморска,** со: топли и суви лета, а благи и влажни зими. На повисоките места климата се движи од умерено-континентална до планинска. Реките се кратки и колебливи, а од езерата најмногу се среќаваат: тектонски, карстни и леднички.

**РАСТИТЕЛЕН СВЕТ** Растителниот свет во Јужна Европа е претставен најчесто со медитерански зимзелени грмушести и дрвенести видови, кои се отпорни на суша и високи температури, познати под заедничкото име - **макии**.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението во Јужна Европа припаѓа на: **словенската, романската** и **посебни** народни групи. Верската припадност е воглавно: **православна, католичка** и **муслиманска.** Најразвиени стопански дејности во регијата се: **земјоделството, индустријата и туризмот.**

**ПОЛИТИЧКО-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПОДЕЛБА** Регијата Јужна Европа опфаќа 17 држави. Тие заземаат 13 % од површината на Европа и 22 % од населението на овој континент. Десет од државите се наоѓаат на Балканскиот Полуостров, а по три држави има на: Апенинскиот и Пиринејскиот Полуостров. Во Средоземното Море се наоѓа островската држава Малта со главен град Валета.



***За продлабочено знаење:***

- Првите држави во Европа се појавиле во јужната регија уште пред новата ера. Најмногу од нив се издигнале Грција, Македонија и Рим. Нивните народи го задолжија човештвото со: наука, уметност и градежништво.
- Населението во регијата Јужна Европа се судрува со: бројни демографски (иселување), социјални (длабок јаз на богати и сиромашни), економски (невработеност и низок стандард) и еколошки проблеми.
- Стратешка цел на народите од Јужна Европа е обединувањето во едно општество без граници каде што се почитуваат поединечните културни особености на народите, надминувајќи и оставајќи ги во минатото бројните меѓуетнички и меѓуверски воени судири.



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Какви се релјефните карактеристики на Јужна Европа?
- Каква е климата во Јужна Европа?
- Кои народи и религии се застапени во земјите од јужната регија на Европа?
- Поврзи ги земјите со нивните главни градови:

| | |
|---|---|
| а) Словенија | Рим |
| б) Португалија | Подгорица |
| в) Црна Гора | Љубљана |
| г) Италија | Лисабон |




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Изврши далечинско набљудување (Google Earth) и пребарај објавени содржини за вулканите и поголемите карстни полиња во Јужна Европа! Опиши ги впечатоците на часот!
- Пребарај и дознај кои се трите најголеми главни градови во Јужна Европа?

# БАЛКАНСКИ ПОЛУОСТРОВ






# БУГАРИЈА

| | |
|---|---|
| **Име** | Бугарија |
| **Главен град** | Софија |
| **Површина (км²)** | 110.910 |
| **Број на жители** | 7.177.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | бугарски |





***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Златни Песоци, Рила, Пирин, Пловдив... – Какви се твоите предзнаења?*

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Бугарија го опфаќа источниот дел на Балканскиот Полуостров. На север се граничи со Романија, на југ со: Грција и Турција, а на запад со: Србија и Република Северна Македонија. На исток, таа излегува на Црно Море. Во овие граници Бугарија зафаќа површина од 110.910 км$^2$ и на тој простор живеат над 7 милиони жители.

Бугарија има **поволна географска положба,** бидејќи излегува на Црното Море, а оттука се поврзува со останатите земји на светот. Поволната положба на Бугарија ја прави и реката Дунав, која како пловна река ја поврзува со сите подунавски земји. Низ Бугарија минуваат и значајни

копнени патишта кои ја поврзуваат со Западна и Северна Европа и со земјите на Блискиот Исток. Бреговата разгранетост на Црното Море не е голема.

Во Бугарија најголем дел од релјефот е **планински**. Во неа се среќаваат млади и стари грамадни планини. Младите планини минуваат низ средишниот дел на Бугарија-**Балкан** и излегуваат на бреговите на Црното Море. Старите грамадни планини, пак, го исполнуваат просторот во Југозападна Бугарија. Тоа се **Родопите**. На запад од Родопите се издигнуваат високите планини **Пирин** и **Рила** со врвот **Мусала** (2925 м). Низинското земјиште во Бугарија е претставено со две низини и тоа: **Долнодунавската Рамнина**, северно од планината Балкан, и **Тракиската Низина**, во сливот на реката Марица.




Мусала е највисокиот врв на Балканскиот Полуостров. Се наоѓа на планината Рила, во близина на зимскиот центар Боровец и на 80 км од Софија. Според некои пишувања, името му произлегува од „Мус Алах“, или „место за молитва“, „врв за молитва“. Средната годишна температура изнесува -2,9°C, апсолутната минимална -31,2°C, а апсолутната максимална 18,7°C. Во просек 254 денови во годината врвот Мусала е покриен со снег. Преовладуваат северозападни ветрови. На околу 200 м под врвот се наоѓа „Леденото езеро“ на висина од 2.709 м.

Во Бугарија се застапени следниве климатски типови: **приморска, умерено-континентална и планинска клима**. Приморската клима го опфаќа крајбрежјето на Црното Море. Умерено-континенталната го опфаќа најголемиот дел од Бугарија, а планинската клима, на високите планини. Реките од Бугарија им припаѓаат на две морски сливни подрачја. Најголемо е црноморското сливно подрачје во кое, сите води од Бугарија ги води реката **Дунав.** Во егејското сливно подрачје се вливаат реките: **Струма, Места и Марица**.




Несебар е град на Црно Море, административен центар на општина Несебар. Тој е еден од најстарите градови во Европа. Пристанишен град со 22 311 жители, со развиен морски туризам и голем број хотели. Градот е непосредно сраснат со вториот најголем туристички центар на Црно Море - Сончев Брег. Несебар е под заштита на УНЕСКО со неговите културни, историски и природни реткости. Античкиот град е сместен на полуостров. Денес на полуостровот се наоѓа само помал дел од градот.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Најголем број од населението во Бугарија го сочинуваат **Бугари** (84 %). Покрај нив во Бугарија живеат и припадници на други народи: **Турци, Роми, Македонци** и други. Македонците живеат во југозападниот дел на Бугарија, а ги има и во поголемите градови. Бројот на жители во Бугарија во последните четири децении се намалил за над 1 милион.

Во стопанството најголем удел имаат: **услужните дејности, индустријата** и **земјоделството.** Поголеми индустриски центри се: **Пловдив, Стара Загора, Плевен** и др. Од земјоделските култури најмногу се одгледува: **тутун, памук, грозје, пченица, ориз** и друго. Бугарија е познат одгледувач и на **рози** од кои се прави специјално масло. Индустријата во оваа држава е во развој. Туризмот во оваа земја сè повеќе станува значајна стопанска гранка. Туристичко подрачје во Бугарија е крајбрежјето на Црното Море, а значаен туристички центар е градот **Варна**. Значајни зимски и планински туристички центри се **Банско и Боровец**. Во надворешната трговија Бугарија извезува земјоделски производи, особено ран зеленчук, а увезува индустриски стоки.

**Графикон 1:** Застапеност на стопанските дејности во Бугарија во проценти





Софија

## РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА

Според природните, демографските и стопанските одлики, Бугарија може да се подели на 5 региони и тоа: **Подунавје, Балкан, Софиска Котлина со слив на Марица, Црноморско Приморје и Родопи.** Административно, државата е поделена на 28 провинции, односно области.



***За продлабочено знаење:***

- Рила е највисоката планина во Бугарија и на Балканот со врвот Мусала (2925). Богатството од: шума, дивеч, извори и леднички езера биле причина за прогласување на планината во национален парк. Амбиенталните услови и големиот број денови со снег на Рила, овозможува развој на зимски и други видови туризам.
- Проучени и атрактивни вредности за посета во Бугарија:

| **Природни објекти** | **Туристички места** | **Културно-историски споменици** | **Градови** |
|---|---|---|---|
| Црно Море | Албена | Рилски Манастир | Софија |
| Рила | Созопол | Роженски Манастир | Варна |
| Пирин | Несебар | Стар Пловдив | Бургас |
| Родопи | Банско | Асенови тврдини | Стара Загора |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Какви се климатските карактеристики на Бугарија?
- Кои бугарски реки припаѓаат на Егејскиот Слив?
- Кои се природните богатства на Бугарија?
- Кои стопански дејности се развиени во Бугарија?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај и дознај повеќе за туристичкото значење на: Рила, Пирин и Родопските Планини во Бугарија!
- Проследи ја бреговата линија на Црно Море во Бугарија (Google Map) и направи листа на поголемите летни туристички места!



# ГРЦИЈА





***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Олимп, Атина, Спарта, Теба, Крит... – Какви се твоите предзнаења?*

| Име | Грција |
|---|---|
| **Главен град** | Атина |
| **Површина (км²)** | 131.957 |
| **Број на жители** | 10.950.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | грчки |

## ПРИРОДНИ ОДЛИКИ

Грција го зафаќа најјужниот дел на Балканскиот Полуостров. Таа е **островска** и **полуостровска** земја. На север се граничи со Република Северна Македонија и Бугарија, на исток со Турција, а на запад со Албанија. Од запад, Грција ја заплискуваат водите на Јонското Море, од јужната, водите на Средоземно Море, а од источната страна, водите на Егејското Море.

Грција има **поволна географска положба**, бидејќи од три страни е ограничена со морињa што ја поврзуваат со останатите поморски земји.

***Бреговата разгранетост*** на Грција спаѓа меѓу најголемите во Европа, со над 13.000 км брегова линија и над 1400 острови. Тука се среќаваат и голем број: **полуострови, заливи, канали**, како и островски групи – **архипелази**. Од полуостровите најпознати се: **Халкидики, Атика и Пелопонез**, кој со **Коринтскиот Канал** е претворен во остров. Од заливите најпознати се: **Солунскиот, Коринтскиот, Орфанскиот Залив** и други. Од островите најпознати се: **Крит, Крф, Евбеја, Тасос** и други, а од островските групи – **Киклади** и **Споради**. Овие групи се наоѓаат во Егејското Море. Според природните карактеристики Грција е: балканска, полуостровска, приморска и островска земја.

***Релјефот*** во Грција е претежно планински. Главниот планински венец го чинат **Грамос** и **Пинд** во Северна Грција, потоа **Парнас** во Средна Грција и **Тајгет** на Пелопонез. Највисоката планина во Грција е **Олимп** (2917м). Планините во Грција се сиромашни со шума, а само на некои од нив постојат планински пасишта. Таква е областа **Епир** во Западна Грција. Низините зафаќаат 20 % од релјефот на Грција. Тие се мали по површина и се наоѓаат во полуостровска Грција. Низините се наоѓаат во Северна Грција, а тоа се: **Солунската** и **Серската Низина**. Низ овие низини течат долните текови на реките **Вардар, Струма и Бистрица**. Освен нив, на југ од Олимп се наоѓа **Тесалија**. Таа спаѓа меѓу најплодните низини во Грција.

Најголем простор од територијата на Грција има **средоземноморска клима**, на планините – планинска, а во Северна Грција, изменето-средоземноморска клима. Најпознати реки што течат низ Грција се: **Вардар, Струма, Марица, Места, Бистрица** и др.

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Најголем број од населението во оваа земја го сочинуваат **Грци** (95 %), кои се определени како православни христијани.



Плажата Кукунарис на островот Скијатос

Стопанството се потпира на: **туризмот, риболовот, трговијата и земјоделството**. Од полјоделските култури во низините најмногу се одгледува пченица и јачмен, а од индустриските: памук, сончоглед, тутун и др. Во островска Грција најмногу се одгледува јужно овошје (маслинки, лимони, портокал, мандарини, смокви, грозје и друго). Индустријата е во развој. Водат прехранбената и кожарската индустрија.

**Графикон 2:** Застапеност на стопанските дејности во Грција




***Туризмот*** е многу значајна стопанска гранка во Грција. Топлата клима и долгите песочни плажи привлегуваат голем број туристи од земјите на Средна и Северна Европа. Во надворешната трговија, Грција извезува јужно овошје, а увезува: машини, руда, нафта и др.



Атина

## РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА

Регионално во Грција се издвојуваат: **Северна Грција, Средна Грција, Пелопонез** и **Островска Грција.**

***За продлабочено знаење:***

- За побрза водна комуникација помеѓу Егејското и Јонското Море во 1893 е прокопан Коринтскиот Канал (6,3 км) кај градот Коринт. Така, полуостровот Пелопонез е отсечен како остров од остатокот на Грција.
- Санторин е мал остров (73 $км^2$) во Егејското Море како остаток од голем вулкан кој бил активен во старата ера.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Грција:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Олимп | Кавала | Делфи | Атина |
| Халкидики | Калитеа | Партенон | Солун |
| Пелопонез | Ханиоти | Акрополис | Патра |
| Крит | Лептокарија | Метеори | Волос |
| Темпи | Парга | Микена | Лариса |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Какво е значењето на Средоземното Море за Грција?
- Кои грчки реки се вливаат во Егејското Море?
- Какви култури се одгледуваат во Грција?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај софтверски и дознај кои се петте најголеми острови во Грција?
- Проследи ја бреговата линија на полуостровот Халкидики во Грција (Google Map) и направи листа на поголемите летни туристички места!



# СРБИЈА





***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Златибор, Калемегдан, Белград, Шумадија – Какви се твоите предзнаења?*

| Име | Србија |
|---|---|
| **Главен град** | Белград |
| **Површина (км²)** | 77.474 |
| **Број на жители** | 7.200.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | српски |

**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Србија го зафаќа средишниот дел на Балканскиот Полуостров. На север се граничи со: Унгарија, на исток со: Романија и Бугарија, на југ со: Република Северна Македонија и Косово, на запад со: Република Хрватска, Република Босна и Херцеговина и Црна Гора. Во овие граници таа зафаќа површина од 77.474 км². Србија нема излез на море. Но, сепак таа има поволна географска положба. Низ нејзината територија поминува **Моравската Долина** која се надоврзува на југ на **Вардарската**, а на исток, на **Нишавско-маричката Долина**. По овие долини водат значајни патни и железнички комуникации од меѓународно значење. Реката Дунав, пак, како пловна сообраќајница ја поврзува Србија со сите подунавски земји.

***Релјефот*** во Србија е разновиден. Тој се состои од четири природни целини и тоа: **планини, низини, висорамнини, котлини** и **полиња.** Во западниот дел на Србија се протегаат младите верижни планини од Динарскиот планински предел. Меѓу нив најпознати се: **Златибор, Коритник** и др. Во средишниот и југозападен дел на Србија се протегаат планините од Родопскиот планински предел. Тоа се стари грамадни планини кои немаат одреден правец на протегање. Најпознати од нив се: **Копаоник, Чемерно, Бесна Кобила** и др. Во источниот дел се протегаат планините од Карпатско-балканскиот предел. Тоа се млади верижни планини богати со пасишта, шуми и руди. Најпознати меѓу нив се: **Стара Планина, Мироч, Дели Јован** и др. Најпозната низина во Србија е **Панонската Низина**. Таа се протега на север од реките: Дунав и Сава и претставува житница на Србија. Од висорамнините најпознати се: **Пештер** и **Стари Влах**, а од котлините, **Нишката** и **Лесковачката**.

***Климата*** во Србија е претежно **умерено-континентална**. Покрај неа, се среќаваат и други климатски типови.

***Реките*** во Србија припаѓаат на две морски сливни подрачја: **црноморското** и **егејското**. Најголемо од сите нив е црноморското сливно подрачје. Сите води во него ги носи реката Дунав. Оваа река низ Србија протекува во должина од 588 км и претставува најзначајна река за речниот сообраќај, наводнувањето и хидроенергетската сила. Во Ѓердапската Клисура, силата на реката Дунав се користи за добивање на електрична енергија. Во Србија, реката Дунав ги прима притоките: **Сава, Тиса, Тамиш, Велика Морава, Тимок** и др.



Златибор

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Освен Србите, во етничкиот состав на Србија учествуваат: Унгарци, Романци, Црногорци, Бугари, Хрвати, Руси, Македонци и др.

Од енергетски извори Србија има: **камен јаглен, кафеав јаглен, лигнит, хидроенергија** и помали извори на **нафта**. Од рудите има **бакар** (Бор и Мајданпек) и др. Србија е земјоделска земја. Земјоделството е најразвиено во: Панонската Низина, Поморавјето и Шумадија. Од житните култури најмногу се одгледуваат: **пченица и пченка**, а од индустриските: **сончоглед, шеќерна репка, маслодајна репка, лен, коноп** и др. Индустријата во Србија е во развој. Од индустриските гранки најразвиена е **прехранбената индустрија** во Војводина (Зрењанин, Суботица, Кикинда и др). **Машинската индустрија** е развиена во: Ниш, Крушевац, Смедеревска Паланка, Белград, Земун и Нови Сад. **Автомобилската индустрија** е развиена во Крагуевац и Прибој на реката Лим, а **текстилната**: во Лесковац, Врање и др. Центри на **петрохемиската индустрија** се: Нови Сад и Панчево, а на хемиската: Шабац, Бор и други.



Белград

**Туризмот** е значајна гранка во стопанството на Србија. Најразвиен е планинскиот туризам на: **Златибор и Копаоник** и бањскиот: **Нишка, Врњачка, Врањска Бања** и други.

**Графикон 3:** Застапеност на стопанските дејности во Србија




РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Србија може да се подели на 6 регии: **Војводина, Белградска Регија, Западна Србија, Шумадија, Јужна Србија** и **Источна Србија.**

***За продлабочено знаење:***

- Власинско Езеро е едно од најубавите вештачки акумулации во Србија. Се наоѓа на 1280 метри надморска височина, опколено со цветни ливади, борова и брезова шума. Во водите на езерото се наоѓа ретка природна појава на светско ниво – острови што пливаат. Тие се тресетни острови од земја и распаднати растенија врз кои изникнале дрвја. За време на ветер, островите ја менуваат положбата. Со закон се заштитени како „споменик на природата“.

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Копаоник | Златибор | Стар Рас | Белград |
| Кањон Увац | Врњачка Бања | Голубац | Нови Сад |
| Ѓаволска Варош | Соко Бања | Споменик, Авала | Ниш |
| Ѓердапска Клисура | Пролом Бања | Лепенски Вир | Сомбор |
| Тара | Власина | Петроварадин | Крагуевац |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Зошто Србија има поволна географската положба, иако нема излез на море?
- Кои поголеми притоки ги прима реката Дунав во Србија?
- Наброј ги релјефните целини во Србија!

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Истражувај и дознај со помош на компјутерска технологија кои се градските регионални центри и во кои српски населени места живее македонско население?

# АЛБАНИЈА И КОСОВО



## АЛБАНИЈА



| | |
|---|---|
| **Име** | Албанија |
| **Главен град** | Тирана |
| **Површина (км²)** | 28.748 |
| **Број на жители** | 3.000.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | албански |



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Драч, Скадар, Скендербег, Приштина... – Какви се твоите предзнаења?*

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Албанија се наоѓа во западниот дел на Балканскиот Полуостров. Копнената граница на оваа држава е со: Црна Гора, Косово, Република Северна Македонија и Грција. На запад излегува на Јадранското Море. Во овие граници Албанија зафаќа површина од 28.748 км$^2$.

***Релјефот*** во Албанија е претежно планински. Во тој поглед, Албанија може да се подели на два дела, и тоа: **приморски дел** на запад, главно низок и мочурлив и висок **планински дел**, на исток. Планините во Албанија се од Динарската и Шарската планинска група. Најпознати од нив се планините: **Проклетие, Паштрик, Кораб, Дешат, Јабланица** и други.

***Климата*** во Албанија е средоземноморска во приморскиот дел, а во планинската област се чувствуваат умерено-континенталната и планинската клима.

***Реките*** се вливаат во Јадранското Море. Најпознати од нив се: **Дрим, Бојана, Војуша, Шкумба** и **Семени.**



Тирана

**Графикон 4:** Верска структура на населението



**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението во оваа земја го сочинуваат Албанци (95 %) кои се посебен индоевропски народ со: муслиманска, православна и католичка припадност. Во Албанија живеат и **Грци, како** и **Македонци** во областа на **Мала Преспа**, и **Голо Брдо**. Главен град на државата е **Тирана**. Од рудните богатства, Албанија има наоѓалишта на: **хромна руда, боксит, бакарна и железна руда** и **нафта.**

***Земјоделството*** е основна стопанска дејност во Албанија. Најмногу се одгледуваат: житни култури, маслинки, портокали, грозје и тутун. Индустријата е во развој, а од индустриските гранки најразвиени се: текстилната, прехранбента и дрвната. Најголем прогрес во последната деценија доживеал туризмот.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Регионално, државата се дели на две регии: **приморско-низинска** и **котлинско-планинска.** Административно е поделена на 12 округи.



# КОСОВО



| | |
|---|---|
| **Име** | Косово |
| **Главен град** | Приштина |
| **Површина ($км^2$)** | 10.908 |
| **Број на жители** | 1.733.872 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | албански/српски |

**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Косово е најмлада држава создадена на Балканскиот Полуостров во 2008 година. На север и исток се граничи со Република Србија, на запад со: Црна Гора и Албанија, а на југ со Република Северна Македонија. Во овие граници, Косово, зафаќа површина од 10.908 $км^2$ и на тој простор денес живеат над 1,7 милиони жители. Главен град на државата е **Приштина.**

***Релјефот*** во Косово го сочинува **планинско** и **рамничарско** земјиште. Рамничарското земјиште се наоѓа во источниот и во западниот дел на републиката. Тоа се **Косово Поле** на исток и **Метохија** на запад. Косово

Призрен е град на северните падини на Шар Планина, близу границата со Албанија и Македонија. Тој е центар на истоимената општина и Призренскиот округ. Во времето на Византија, Призрен бил значајно регионално седиште и во тоа време во него биле изградени тврдините: Дрвенград и Вишеград, познат како призренски Горен Град. Во него било седиштето на Византиската епископија. Старото име на Призен е Приздријана.



Призрен

е обиколено со голем број на планини. Од нив најпознати се: **Копаоник** во нејзиниот североисточен дел, **Шар Планина и Скопска Црна Гора** на југ, а на запад **Проклетие** и **Паштрик**.

***Рекиѿе*** во Косово припаѓаат на три морски слива: егејски, јадрански и црноморски. На егејскиот припаѓа реката **Лепенец**, на јадранскиот реката **Бел Дрим**, а на црноморскиот реките **Ибар** и **Биначка Морава**.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Најголем број од населението на Косово се Албанци (88 %), потоа Срби (7 %) и останати (5 %). Косово е претежно земјоделска земја. Од земјоделските култури најмногу се одгледуваат: житни, градинарски култури, грозје и др. Од рудно богатство Косово има повеќе рудници на **јаглен** (петта во светот според резервите на лигнит), потоа руди на **олово** и **цинк** и др. Во Косово најзастапени индустриски гранки се: металната, дрвната, текстилната и други.

**Графикон 5:** Најголемите резерви на јаглен-лигнит во светот (во милијарди тони).




**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Регионално, Косово се дели на две регии, **Косово** и **Метохија**, додека административно, државата е поделена на 7 окрузи со вкупно 38 општини.



***За ӣродлабочено знаење:***

- Кањонот на реката Мируша во Косово е уникатен природен споменик. Широчината е 3 до 6 метри, а височината на долинските страни до 200 метри. Атрактивноста ја чинат: слаповите, водопадите, брзаците и езерцата што се скалесто поредени. Кањонот поседува голем туристички потенцијал.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Албанија и Косово:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Скадарско Ез.(Албанија) | Драч (Албанија) | Круја (Албанија) | Тирана (Албанија) |
| Дримска Клисура (Албанија) | Валона (Албанија) | Ѓирокастро (Албанија) | Бутринт (Албанија) |
| Кањон Ругова (Косово) | Саранда (Албанија) | Берат (Албанија) | Елбасан (Албанија) |
| Шар Планина (Косово) | Брезовица (Косово) | Дечани (Косово) | Призрен (Косово) |
| Кањон Мируша (Косово) | Призрен (Косово) | Призрен стар град | Приштина (Косово) |



***За ӣроверка на сѿекнаѿоѿо знаење:***

- Какво е значењето на Јадранското Море за Албанија?
- Кои реки течат низ Албанија и Косово?
- Кои стопански дејности се развиени во Албанија и Косово?




***Задачи со ӣримена на ИКТ:***

- Пребарај софтверски и дознај кои се приморски градски населби во Албанија и кои се националните паркови во Косово?
- Истражувај каква е стопанската поврзаност помеѓу Косово и Северна Македонија!

# ХРВАТСКА И СЛОВЕНИЈА



## ХРВАТСКА



| | |
|---|---|
| **Име** | Хрватска |
| **Главен град** | Загреб |
| **Површина (км²)** | 56.578 |
| **Број на жители** | 4.200.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | хрватски |



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Триглав, Постојна, Бриони, Дубровник... – Какви се твоите предзнаења?*

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Хрватска се протега во вид на еден голем лак помеѓу: Унгарија, Словенија, Босна и Херцеговина и Србија. На југозапад, Хрватска излегува на **Јадранското Море**. Во овие граници таа опфаќа површина од 56.578 км$^2$. Република Хрватска е: балканска, медитеранска и средноевропска земја. Географската положба на Хрватска е поволна. Излезот на Јадранското Море ѝ овозможува поврзување по воден пат со светот. Должината на јадранскиот брег во Хрватска изнесува над 700 км. Бреговата разгранетост на Јадранското Море во оваа земја е расчленета на многу: острови, полуострови, заливи, канали и др. Од полуостровите најпознати се **Истра** и **Пељешац**, а од заливите-**Кварнерскиот**, во кој лежат островите: **Крк, Црес** и др. Јужно од нив, поголеми хрватски острови се: **Брач, Хвар, Корчула, Млет, Вис** и други.



Дубровник

***Релјефот*** во Хрватска се дели на низински, во северната половина каде се протегаат пространства на **Панонската Низина** со областите **Славонија** и **Барања** и планини во југозападниот и приморскиот дел. Тоа се: **Голема и Мала Капела, Велебит, Динара** и др.

***Климата*** во приморјето е средоземноморска. На планините е планинска, а во Панонската Низина е умерено-континентална.

**Табела 2:**
Национални паркови во Хрватска

| **НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ** | |
|---|---|
| Бриони | Пакленица |
| Корнати | Плитвички Ез. |
| Крка | Рисњак |
| Млет | |

***Реките*** во Хрватска припаѓаат на две морски сливни подрачја. Тоа се црноморското и јадранското сливно подрачје. На црноморското сливно подрачје припаѓаат реките: **Дунав, Сава, Драва** и други. На јадранското сливно подрачје му припаѓаат реките: **Цетина, Крка** и други.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Хрватска е населена со повеќе од 4 милиони жители. Населението го сочинуваат Хрвати (90 %), Срби (5 %), Словенци, Италијанци и други. Мнозинството население во Хрватска има католичка вероисповед.

***Стопанството*** во Хрватска најмногу се потпира на **трговијата** (38 %), **туризмот** (22 %), и **индустријата** (20 %). Најпосетени туристички места се: Дубровник, Сплит, Задар, Пореч, Опатија, Пула, Плитвичките Езера, островот Хвар, Црес, Крк итн. Најразвиени индустриски гранки се: текстилната, прехранбената, петрохемиската и бродоградбата. Земјоделството во хрватската економија учествува со 7 %. Од културите најмногу се одгледуваат: житни, индустриски и винова лоза.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Регионално, државата се дели на три региии: **приморска, горска** и **низинска.** Административно е поделена на 20 територијални единици – жупании.



Слаповите на Крка



Задар



# СЛОВЕНИЈА

| | |
|---|---|
| **Име** | Словенија |
| **Главен град** | Љубљана |
| **Површина (км²)** | 20.273 |
| **Број на жители** | 2.070.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | словенечки |



**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Словенија на север се граничи со Австрија, на исток со Унгарија, на југ со Хрватска, на запад со Италија и излегува на Јадранското Море. Во овие граници таа зафаќа површина од 20.273 км$^2$. Словенија има поволна географка положба. Таа е **балканска, медитеранска и алпска** држава. Поволната положба на оваа држава се должи на излезот на Јадранското Море, што е од особено значење за оваа земја.

***Релјефот*** во Словенија е претежно планински. Во нејзиниот северозападен дел се протегаат источните венци на **Алпите**. Од нив се одделуваат венците на **Караванките и Јулиските Алпи**


Триглав


Пиран


Постоинска јама

со највисокиот врв **– Триглав** (2864). Во источниот дел на Словенија се наоѓаат ниските планини: **Козјак, Похорје и Словенска Горица**, а на запад: **Трновски Гозд, Нанос и Снежник**. Помеѓу планините се протегаат пространи котлини. Меѓу нив најпознати се: **Љубљанската, Мариборската, Цељската Котлина** и други.

Во Словенија карактеристични се четири климатски типови и тоа: **средоземноморска, континентална, умерено-континентална** и **планинска**.

***Реките*** во Словенија им припаѓаат на два слива: **црноморски и јадрански слив**. Во црноморскиот слив се вливаат реките: **Сава, Драва и Мура**, а во јадранскиот-реката **Соча**. Овие реки имаат значајна хидроенергетска сила и на нив се изградени повеќе хидроцентрали. Во Словенија, а особено на подножјето на Триглав лежат леднички езера: **Бледското** и **Бохинското Езеро**, кои со својата околина и убавина привлекуваат голем број туристи.

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Населението во Словенија го сочинуваат претежно **Словенци** (83 %), потоа Италијанци, Хрвати, Срби, Македонци и др. Најзастапена е католичката вероисповед. Словенија е најразвиена земја на Балканот, а според годишниот економски раст е помеѓу првите во Европа. Од индустриските гранки што учествуваат со 25 % во државната економија, најразвиени се: **металната** (Љубљана), **автомобилската** (Марибор), **електротехничката** (Крањ и Велење), **хемиската** (Ново Мес-

Постоинска Јама - карстен пештерски систем, долг е 20,5 км, кај градот Постојна. Претставува втор најголем ваков систем во Словенија и едно од најпосетените места во земјата. Јамата е создадена од реката Пивка. Во 1872 г. во пештерата е поставена посетителска железница за разгледување на внатрешноста. Најпрвин вовчето го туркале самите водичи, но на почетокот на XX век туркањето го заменила гасна локомотива. Во 1884 г. во пештерата е поставено електрично осветлување, прво во земјата, дури и пред Љубљана.

то), **текстилната** (Мурска Собота), **дрвната и прехранбената**. Големо внимание е посветено и на полјоделството и сточарството во Словенија и покрај тоа што земјоделството има мало учество во економијата (3 %). **Туризмот** зазема значајно место во стопанството на оваа земја. Тој е најразвиен во јадранското приморје (Порторож, Пиран, Копер и др.), потоа на Алпите (**Планица и Крањска Гора**), на Бледското и Бохињското Езеро. Голем број туристи привлекуваат и подземните јами и пештери. Меѓу нив најпозната е **Постоинската Јама**, која спаѓа во најубавите во Европа. Словенија извезува индустриски стоки, а увезува земјоделски производи, нафта и руди.

**Графикон 6:** Застапеност на стопанските дејности во Словенија




РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Регионално, Словенија се дели на четири региj: **алпси, динарска, низинска** и **приморска**. Административно, уште од времето на Хабсбуршката Монархија е поделена на 8 региони.



***За продлабочено знаење:***

- Езерото Врана на островот Црес во Хрватска е најпровидно езеро на Балканот (24 метри), пред Охридското Езеро со 21,5 метри. Истовремено претставува **криптодепресија**, односно, неговото дно, лежи на 60 метри под морското ниво, додека површината на езерото се наоѓа над морското ниво.
- Постоинската Јама во Словенија е долга над 20 км, а настанала од реката Пивка која е понорница. Таа е уредена за туристичка посета во должина од 5 км. Покрај спектакуларниот пештерски накит, јамата ја краси посебен куриозитет – човечката рипка.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Хрватска и Словенија:

| **Природни објекти** | **Туристички места** | **Културно-историски споменици** | **Градови** |
|---|---|---|---|
| Плитвички Езера | Дубровник | Диоклецијанова палата | Загреб |
| Хвар | Шибеник | Стар Дубровник | Ровињ |
| Млет | Пореч | Пулска арена | Пула |
| Вранско Езеро | Сплит | Шибенска катедрала | Задар |
| Триглав (Словенија) | Копер (Словенија) | Плоштад, Пиран (Словенија) | Љубљана (Словенија) |
| Бледско Ез. (Словенија) | Рогла (Словенија) | Предјама замок (Словенија) | Марибор (Словенија) |
| Постоинска Јама (Словенија) | Блед (Словенија) | Костањевички замок (Словенија) | Целје (Словенија) |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Какво е значењето на Јадранското Море за Хрватска и Словенија?
- Кои се најпосетени и најзначајни туристички места во Хрватска и Словенија?
- Кои индустриски гранки се развиени во Хрватска и Словенија?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на софтвер (Google Map) дознај и направи листа на најголемите острови и приморски градови во Хрватска!
- Истражувај и направи мини проект за некој од националните паркови во Хрватска или Постоинската Јама во Словенија!

# ЦРНА ГОРА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

## ЦРНА ГОРА



| | |
|---|---|
| **Име** | Црна Гора |
| **Главен град** | Подгорица |
| **Површина (км²)** | 13.812 |
| **Број на жители** | 622.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | црногорски |

***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Ловќен, Дурмитор, Будва, Баш-чаршија... – Какви се твоите предзнаења?*

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Црна Гора како балканска држава се граничи со Србија на север, Косово и Албанија на исток и Босна и Херцеговина и Хрватска на запад. Со својата јужна граница, Црна Гора излегува на Јадранското Море. Црна Гора има поволна географска положба, бидејќи има излез на море. Со внатрешноста на Балканскиот Полуостров е поврзана со повеќе автомобилски патишта и со железничка пруга Белград-Бар.

Во поглед на ***релјефот*** во Црна Гора има три карактеристични природни целини. Тоа се: **Црногорското Приморје, карстните планини** и **полиња** и **пределот на високите планини**. **Приморјето** го опфаќа тесниот појас од реката Бојана на исток до **Кривошије** и Бока Которска на запад. На север од црногорското приморје, сè до реката Зета, се протега втората природна целина. Тоа се **карстните** (варовнички) планини и полиња. Планините и целиот простор во оваа целина е: оголен, безводен и карпест. Најпознати карстни полиња се: **Никшиќкото, Граховското** и **Цетињското**. Трета природна целина е пределот на **високите планини**. Сите планини во оваа целина се повисоки од 2 000 метри и во минатото биле покриени со ледници: **Дурмитор, Сињаевина, Бјеласица, Комови, Проклетие** и други.

Во Црна Гора се застапени три ***климатски типови*** и тоа: **средоземноморска** (на приморјето), **изменето-средоземноморска** (по речните долини) **и планинска клима**.

***Реките*** во Црна Гора припаѓаат на две морски сливни подрачја. Тоа се јадранското и црноморското сливно подрачје. Во Јадранското Море се влива реката **Бојана**, која истекува од Скадарското Езеро. На црноморското сливно подрачје му припаѓаат реките: **Пива, Тара, Лим** и други. Овие реки имаат значајна хидроенергетска сила,



Дурмитор е планински масив и национален парк во северозападна Црна Гора. Масивот се граничи со кањонот на Тара на север, кањонот на Пива на запад и кањонот на Комарница на југ. На исток се протега висорамнината Језерска Површ, на надморска височина од 1.500 м. Има 48 врвови над 2.000 м. Највисок е Боботов Кук, со 2.522 м. По масивот и висорамнината Језерска Површ се расположени 18 леднички езера наречени „горски очи“. Најголемо од нив е Црното Езеро, поделено на Големо и Мало Црно Езеро.

бидејќи се брзи и со кањонски долини. Освен **Скадарското Езеро**, како најголемо карстно езеро, во Црна Гора има леднички езера. Најпознати меѓу нив се: **Црното Езеро** на Дурмитор, **Биоградското** на Бјеласица и **Плавското Езеро** под Проклетие.

**Табела 3:** Национални паркови во Црна Гора

| НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ | |
|---|---|
| Дурмитор | Скадарско Езеро |
| Биоградска Гора | Проклетие |
| Ловќен | |

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Црна Гора е ретко населена земја. Населението го сочинуваат: Црногорци, Срби, Бошњаци, Муслимани, Албанци и други. Службен јазик е **црногорскиот**, меѓутоа голем дел од населението се изјаснило дека го користи **српскиот** јазик. Мнозинството припаѓа на **православната** вероисповед. Главен политички и културен центар е **Подгорица**. Во стопанството, најголем придонес имаат **услужните дејности** (73 %), **индустријата** (17 %) и **земјоделството**. Индустриски центри за дрвна и металска индустрија се: Никшиќ, Подгорица, Цетиње и Беране. Туризмот е најзначајна стопанска гранка во Црна Гора. Годишно ја посетуваат околу еден милион туристи на црногорското приморје во**: Херцег Нови, Сутоморе, Тиват, Будва, Свети Стефан, Улцињ** и други.

**Графикон 7**: Етнички состав на населението во Црна Гора (%)




РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Регионално, државата се дели на **приморска и горска,** а административно е поделена на 21 општина.



# БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

| | |
|---|---|
| **Име** | Босна и Херцеговина |
| **Главен град** | Сараево |
| **Површина (км²)** | 51.197 |
| **Број на жители** | 3.503.000 |
| **Уредување** | сојузна република |
| **Службен јазик** | бошњачки, српски, хрватски |



ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Босна и Херцеговина го зафаќа југозападниот дел од Балканскиот Полуостров. Таа на исток се граничи со Србија и Црна Гора, а од север и запад со Хрватска. Само еден мал дел од територијата на Босна и Херцеговина излегува на Јадранското Море. Во овие граници, Босна и Херцеговина опфаќа површина од 51.197 км² и над 3,5 милиони жители. Босна и Херцеговина има поволна географска положба, бидејќи излегува на Јадранското Море. Тоа ѝ отвара пат кон другите поморски земји.

***Релјефот*** во Босна и Херцеговина е претежно **планински**. Најголем простор од нејзината територија го сочинуваат планините кои припаѓаат на Динарската планинска група. Средни и високи планини се протегаат во југозападниот дел: **Чврсница, Прењ, Бјелашница, Зеленгора, Лелија, Динара, Цинцар, Голија, Виторог, Грмеч** и други. Ниски планини има во северниот дел. Низинското земјиште во Босна и Херцеговина се наоѓа во северниот дел од оваа република и тоа во долината на реката Сава со неј-



Сараево

зините јужни притоки. Специфика за релјефот на оваа земја се и карстните полиња: **Гламочко, Дувањско, Ливањско** и др.

***Климата*** во Босна и Херцеговина е претежно **умерено-континентална**, а во долината на реката Неретва се чуствува влијанието на средоземноморската клима. На повисоките планини застапена е планинската клима.

***Реките*** во Босна и Херцеговина припаѓаат на две морски сливни подрачја: **црноморското** и **јадранското**. Во црноморското сливно подрачје сите води од Босна и Херцеговина ги одведува реката Сава. Најголеми притоки на оваа река се: **Уна, Врбас, Босна** и **Дрина**. На јадранското сливно подрачје му припаѓа реката **Неретва**.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Во Босна и Херцеговина живеат повеќе народи. Најбројни се: Бошњаците, Србите, Хрватите и други. Верскиот состав го чинат**: муслимани, православни** и **католици**. Стопанството во Босна и Херцеговина заостанува зад повеќето европски земји. Потенцијалот лежи во рудните богатства на: **железо, јаглен, боксит** и **сол**. Од индустриските гранки во Босна и Херцеговина се развиени: металната, машинската, хемиската и електротехничката. Индустриски центри се: **Зеница, Бања Лука, Тузла, Сараево** и др.

**Графикон 8:** Етнички состав во БиХ




**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА.** Со Дејтонскиот мировен договор од 1995 година, Босна и Херцеговина е поделена на три дела: **Федерацијата БиХ**, населена со Бошњаци и Хрвати, **Република Српска**, населена со Срби и независниот округ **Брчко**.

***За продлабочено знаење:***

- Заливот Бока Которска е бисер на црногорското приморје. Должината на бреговата линија е 33 км, помеѓу планините Орјен и Ловќен. Атрактивноста на заливот ја дополнува растителниот свет и туристичките населби: Котор, Рисан, Пераст и Тиват.
- Националниот парк Сутјеска во БиХ е познат и како парк на „херојството и победата“. Убавината на паркот ја доизразува прашумата Перучица и водопадот Скакавец.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Црна Гора и БиХ:



| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Бока Которска | Будва | Мавзолеј на Ловќен | Подгорица |
| Биоградско Езеро | Свети Стефан | Манастир Острог | Цетиње |
| Дурмитор | Херцег Нови | Стар Град, Котор | Никшиќ |
| Сутјеска (БиХ) | Неум (БиХ) | Мост, Вишеград, (БиХ) | Сараево (БиХ) |
| Јајце, водопади (БиХ) | Јахорина (БиХ) | Мостар (БиХ) | Мостар (БиХ) |
| Козара (БиХ) | Травник (БиХ) | Острожац, замок (БиХ) | Бања Лука (БиХ) |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои се повисоките планини во Црна Гора и БиХ?
- Кои леднички езера се наоѓаат во Црна Гора?
- Кои карстни полиња се наоѓаат во БиХ?
- Каков е етничкиот состав во БиХ?



***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на софтвер (Google Map) дознај и направи листа на 10 најголеми градови во Бих и 10 приморски туристички места во Црна Гора!

# АПЕНИНСКИ ПОЛУОСТРОВ



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Римската волчица, Азурите, Папата... – Какви се твоите предзнаења?*



# ИТАЛИЈА, САН МАРИНО И ВАТИКАН

## ИТАЛИЈА

| | |
|---|---|
| **Име** | Италија |
| **Главен град** | Рим |
| **Површина (км²)** | 301.340 |
| **Број на жители** | 60.500.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | италијански |

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Италија се наоѓа на Апенински Полуостров и поседува поволна географска положба. Од три страни таа е опколена со водите на: **Јадранското, Јонското, Средоземното, Лигурското и Тиренското Море.** На север во пределот на Алпите се граничи со државите: Австрија и Швајцарија, на запад со Франција, а на исток со Словенија. Во состав на Италија се два големи острови: **Сицилија** и **Сардинија**.



Топографска карта на Италија

***Релјефот*** во Италија е претежно **планински**. Во северниот дел се наоѓаат Алпите, а долж целиот полуостров се простираат **Апенините**, во должина од над 1000 км. Во северозападниот дел се простира низината **Ломбардија**.

***Климата*** во Италија е претежно **средоземноморска**, а на Алпите, планинска.

***Реките*** во Италија се кратки и се вливаат во Јадранското и Тиренското Море. Од нив најпознати се **По** и **Тибар**. Од езерата најголеми се: **Комо, Гарда** и **Маџоре**.

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Населението во оваа држава го сочинуваат Италијанци (91 %), Французи, Австријци, Словенци и други . Службен јазик е италијанскиот, а најголем дел од населението е католичко (75 %). Италија е високо развиена индустриска и аграрна земја. Членува во осумте најразвиени земји во светот **(Г 8)**. Земјоделството е најмногу развиено во Ломбардиската Низина. Италија е водечка земја во светот според производството на: грозје и вино, маслинки, јаболка, пор-



Тоскана

токали, лимон, круши и праски. Најразвиени индустриски гранки се: **автомобилската, машинската хемиската, петрохемиската, бродоградбената и електротехничката индустрија**. Туризмот носи 10 % од економијата. Пријатната клима, многубројните културно-историски споменици, како и должината на морскиот брег (над 6.600 км), ја прават привлечна за туристите. Најатрактивни туристички градови се: **Рим, Венеција, Милано, Фиренца и Пиза**. Туристичката атракција на оваа земја ја зголемуваат и живите вулкани: **Везув, Етна, Вулкано и Стромболи**, поради кои доаѓаат голем број туристи. Планинскиот туризам е развиен на Алпите, а особено на ледничките езера.

**Табела 4:** Петте најголеми италијански градови

| Град | Регија |
|---|---|
| 1.Рим | Лацио |
| 2.Милано | Ломбардија |
| 3.Неапол | Кампања |
| 4.Торино | Пиемонт |
| 5.Палермо | Сицилија |



Рим

**Табела 5:** Автомобилска индустрија во Италија

| АВТОМОБИЛСКИ МАРКИ | | |
|---|---|---|
| Алфа Ромео | Фиат | Ланча |
| Масерати | Ферари | Ламбурџини |

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Италија е поделена на 20 регии, од кои пет имаат автономен статус.



# САН МАРИНО

| Име | Сан Марино |
|---|---|
| Главен град | Сан Марино |
| Површина (км²) | 61,2 |
| Број на жители | 33.300 |
| Уредување | република |
| Службен јазик | италијански |

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Државата Сан Марино се наоѓа во источниот дел на Апенинскиот Полуостров. Таа претставува **енклава**, односно земја опколена од сите страни со еден сосед. Оваа држава го опфаќа просторот на ридско-планинскиот дел на планината Монте Титано. Сан Марино зафаќа површина од 61,2 км² и на тој простор денес живеат над 33 илјади жители. Главен град на државата е Сан Марино. Сан Марино има **средоземноморска клима**. Таа се одликува со топли лета и со влажни умерени зими.



Сан Марино

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Населението во државата го сочинуваат: Санмаринци 85 % и Италијанци 15 %, со доминација на католичката религија. По своето државно уредување, Сан Марино, е **република**. Највносни дејности се: банкарството и производството на вино и сирење. Сепак, најзначајна стопанска гранка во Сан Марино е туризмот и од него се остваруваат најголеми приходи во државата. Годишно ја посетуваат над 2 милиони туристи. Територијално е поделена на 8 општини.



# ВАТИКАН

| Име | Ватикан |
|---|---|
| Главен град | Ватикан |
| Површина (км²) | 0,44 |
| Број на жители | 1.000 |
| Уредување | изборна монархија |
| Службен јазик | италијански, латински |



Ватикан

Ватикан е најмала држава со површина од 44 хектари и постојана популација од 1.000 жители. Се наоѓа во главниот град на Италија – Рим, на десниот брег од реката Тибар. Ватикан е верски центар и седиште на Римо-католичката црква. Најголеми приходи во државата се остваруваат од продажба на поштенски марки и сувенири, како и од посетите на голем број туристи на културните знаменитости на оваа земја како што се: базиликите, капелите, музеите и друго.



***За продлабочено знаење:***

- Рим е еден од постарите европски градови, формиран во 753 година пред новата ера. Тој е симбол на римската и европската култура. Мноштвото од културни споменици, од кој Колосеумот и Форумот, го издигнаа на трето место по посетеност во Европа.
- Вулканот Везуф се наоѓа покрај Неаполскиот Залив во Италија. Честопати во историјата има нанесувано големи материјални штети и човечки жртви. Вулканска пепел од поранешни ерупции на Везуф се пронајдени на Балканот, дури и во нашата земја. Во XX век забележани се три ерупции: 1906, 1929 и 1944 година.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Италија и Сан Марино:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Гарда Ез. | Рим | Колосеум | Милано |
| Комо Ез. | Венеција | Римски форум | Торино |
| Доломити | Фиренца | Помпеја | Бари |
| Остров Капри | Сан Ремо | Херкуланум | Трст |
| Монте Титано (С. Марино) | Сан Марино | Гуаита (С. Марино) | Догана (С. Марино) |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Со кои мориња е ограничена Италија?
- Кои леднички езера се наоѓаат во Италија?
- Според која стопанска гранка Италија е водечка во светот?
- Какво државно уредување има Ватикан?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Искористи софтверска алатка и дознај колкава е најголемата должина и широчина на италијанската државна територија!
- Истражи и направи мини проект за италијанските регии со нивните регионални градски центри и основните дејности по кои се познати (вежбата е погодна за работа во пар)!

# ПИРИНЕЈСКИ ПОЛУОСТРОВ




# ШПАНИЈА, ПОРТУГАЛИЈА И АНДОРА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Корида, Ибица, Барселона... – Какви се твоите предзнаења?*



## ШПАНИЈА

| | |
|---|---|
| **Име** | Шпанија |
| **Главен град** | Мадрид |
| **Површина (км²)** | 505.990 |
| **Број на жители** | 46.773.000 |
| **Уредување** | монархија |
| **Службен јазик** | шпански |

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Шпанија е најголема држава на Пиринејскиот Полуостров. Копнена граница има само со Франција на север и со Португалија на запад. На север и запад е ограничена со водите на Атлантскиот Океан, а на југ и исток со Средоземното Море. Во овие граници Шпанија зафаќа површина од 505.990 км² и на тој простор живеат над 46 милиони жители. Шпанија има многу поволна географска положба. Преку Атлантскиот Океан, таа се поврзува со сите други океани на светот. Освен тоа, таа е најдоближена до континентот Африка. Од него е оддалечена само 14 км кај **Гибралтарскиот**



Кадиз - Андалузија



Кадиз, славниот град на Андалузија, е најстариот и еден од најубавите на Иберискиот Полуостров. Зградите во старото јадро на градот се сочувани, со преубави фасади и предолга историја. За Кадиз велат дека е меѓу најстарите градови во Европа, а во секој случај е најстар на Иберискиот Полуостров. Стар е повеќе од три илјади години. Ова значајно пристаниште со 157.000 жители се наоѓа во Андалузија, на брегот на Атлантскиот Океан.

**Проток**. На неа ѝ припаѓаат **Балеарските Острови** во Средоземното Море и **Канарските Острови** во Атлантскиот Океан.

***Релјефот*** во Шпанија е претежно планински. Од планините најпознати се: **Пиринеите, Иберииските и Кантабриските Планини, Сиера Морена, Сиера Невада** и други. Во Шпанија има и низини. Тие зафаќаат околу 10 % од нејзината територија. Од нив најпознати се **Андалузија** и **Арагонија**.



Мадрид

***Климата*** во Шпанија е: **атлантска, средоземноморска, умерено-континентална и планинска.** Во јужните делови максималните температури достигнуваат до 48 °C.

Најдолги ***реки*** во Шпанија се: **Дуро, Тахо, Мињо, Гвадијана и Гвадалквивир**, кои се вливаат во Атлантскиот Океан и реката **Ебро**, која се влива во Средоземното Море.

**Графикон 9:** Стопанството во Шпанија




## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Населението во оваа држава го сочинуваат Шпанци (87 %) и останати (13 %). На римокатоличката вероисповед припаѓаат 67 % од граѓаните во Шпанија. Службен јазик е шпанскиот, а во употреба се уште: **каталонскиот, баскискиот и галицискиот**. Шпанија е водечка земја во светот според производството на: маслиново масло, вино, ориз, бадеми и цитрусно овошје. Шпанија е петта индустриска земја во Европа. Најразвиени се: **машинската, бродоградбената, хемиската и текстилната** индустрија. Туризмот претставува многу значајна гранка која учествува со 11 % во стопанството. Шпанија е втора најпосетена земја на светот со над 80 милиони туристи годишно.

## РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА

Во Шпанија се издвојуваат 4 регии: атлантска, медитеранска, централна и пиринејска. Административно, државата е поделена на 17 автономни области и два града со автономен статус.

**Табела 6:** Шест најголеми автономни области во Шпанија

| Област | Градски центар |
|---|---|
| Кастилија и Леон | Валјадолид |
| Андалузија | Севилја |
| Кастилија Ла Манча | Толедо |
| Арагонија | Сарагоса |
| Естрамадура | Мерида |
| Каталонија | Барселона |



Барселона



# ПОРТУГАЛИЈА



Лисабон

**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Португалија на север и исток се граничи со Шпанија, а на запад и југ со Атлантскиот Океан. Во овие граници таа зафаќа површина од 92.212 км$^2$ и на тој простор живеат над 10 милиони жители. Португалија има поволна географска положба, бидејќи излегува на Атлантскиот Океан, кој по воден пат ја поврзува со многу поморски земји во светот. Во состав на Португалија влегуваат и островите: **Мадеира** и **Азорските Острови** во Атлантскиот Океан.

***Релјефот*** во Португалија покрај Атлантскиот Океан е претежно низински, а кон границата со Шпанија-планински. Низ Португалија течат реките: **Мињо, Дуро, Тахо и Гвадијана.** Тие се вливаат во Атлантскиот Океан.

Во Португалија се застапени два ***климатски*** типа и тоа: **атлантска** во северниот дел и **медитеранска** во јужниот дел.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението во оваа држава го сочинуваат претежно Португалци 99 %, а римокатолици се 97 % од популацијата. Главен град на државата е **Лисабон**. Од земјоделските култури во оваа земја најмногу се одгледува: пченка, јачмен. винова лоза, лимони, маслинки, портокали и др. Португалија е петти извозник на вино во светот. Од рудно богатство таа има: **калај, волфрам** и **ураниум**, а во енергетиката користи енергија од морски бранови и сончева светлина. Од индустриските гранки, развиени се: бродоградбената, текстилната и прехранбената индустрија. Туризмот е значајна дејност во Португалија. Таа спаѓа во групата на 20 најпосетени земји во светот.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Региално државата може да се подели на три дела: **северна, јужна** и **островска.** Административно, Портругалија е поделена на 5 копнени и 2 островски покраини.



| | |
|---|---|
| **Име** | Португалија |
| **Главен град** | Лисабон |
| **Површина (км$^2$)** | 92.212 |
| **Број на жители** | 10.290.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | португалски |

**Табела 7:** Петте најголеми градови во Португалија

| Град | |
|---|---|
| 1.Лисабон | 4.Авеиро |
| 2.Порто | 5.Фаро |
| 3.Брага | |



# АНДОРА




Андора е најмала држава на Пиринејскиот Полуостров. Граничи само со Франција и Шпанија. Таа се наоѓа високо на Пиринеите и зафаќа површина од 467 км$^2$ . На тој простор денес живеат над 77 илјади жители. Климата е планинска и континентална. Престолнина на државата е **Андора ла Вела**, воедно највисок главен град во Европа (1023 метри).

| | |
|---|---|
| **Име** | Андора |
| **Главен град** | Андора ла Вела |
| **Површина (км$^2$)** | 467,6 |
| **Број на жители** | 77.300 |
| **Уредување** | кнежевство |
| **Службен јазик** | каталонски |

***Населението*** има каталонско потекло и јазик, а вероисповед – католичка. Туризмот е главна дејност која учествува со 80 % од остварениот приход. Годишно, Андора ја посетуваат над 10 милиони туристи. Во банкарскиот сектор, Андора е позната како „даночен рај“ поради даночните олеснувања за странските државјани.



Андора ла Вела

***За продлабочено знаење:***

- Оле, оле... – е громогласно скандирање во шпанските арени каде што на висина на национален спорт се одигруваат традиционалните борби со бикови, наречени "корида". Коридите се истовремено и туристичка атракција за странски посетители кои имаат можност во живо да гледаат борба помеѓу тореадор и разјарен бик.

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Коста Брава | Мадрид | Алхамбра, Гранада | Кадиз |
| Коста дел Сол | Барселона | Алказар, Севиља | Толедо |
| Балеарски Острови | Мајорка | Кралска палата, Мадрид | Саламанка |
| Тенерифе | Малага | Голема Џамија, Кордоба | Валенсија |
| Кантабриски Пл. | Сан Себастијан | Музеј Дел Прадо | Севилја |
| Портимао (Пор.) | Мадеира (Пор.) | Манастир Херонимо (Пор.) | Лисабон (Пор.) |
| Фурнас (Пор.) | Лагос (Пор.) | Баталха (Пор.) | Порто (Пор.) |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои држави се наоѓаат на Пиринејскиот Полуостров?
- Со помош на карта пронајди ги шпанските реки што се вливаат во Атлантскиот Океан!
- На што се потпира стопанството во Андора?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Искористи софтверска алатка и дознај кои се најпосетените острови и градови во Шпанија!
- Измери колку изнесува должината на брегот на Португалија по права линија од најсеверната до најјужната точка!?

# ЗАГРОЗУВАЊЕ, ЗАГАДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ЈУЖНА ЕВРОПА



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Потсети се и одговори кои гасови ги испуштаат возилата?*
- *Зошто е значаен озонот ($O_3$)?*
- *Што знаеш за честичките ПМ 10?*

Природните, а особено антропогените  фактори се причина за нарушување на квалитетот на основните делови на животната средина во Јужна Европа. Деградирачките процеси безмилосно го напаѓаат: **воздухот, водите, земјиштето и живиот свет**.

ВОЗДУХ Загадувањето на воздухот е една од најтешките форми на  деградација на животната средина со директна опасност по опстанокот на органскиот свет. Атмосферата над Јужна Европа се соочува со повеќе извори на аерозагадување, кои можат да бидат од природно или ангропогено потекло. Ангропогените извори на загадување на воздухот се многу побројни и поефективни во таа смисла и повеќекратно го напаѓаат чистиот воздух преку механичко или хемиско загадување. Како највлијателни извори во оваа група се: ***индустријата, сообраќајот, енергетиката и домаќинствата***. Најчести загадувачки материи се: **јаглерод моноксид, сулфур диоксид, азот диоксид, озон, сус-**



**Индекс на загаден воздух во Ј. Европа (min.13 –  max. 98)**

**Табела 8:** Градови со најзагаден воздух во јужната регија  и воопшто на континентот Европа (2018)

| Град | Држава | Индекс на загадување |
|---|---|---|
| 1.Тетово | С. Македонија | 97 |
| 2.Скопје | С. Македонија | 83 |
| 3.Неапол | Италија | 83 |
| 4.Тирана | Албанија | 79 |
| 5.Торино | Италија | 74 |
| 6.Сараево | БиХ | 71 |
| 7.Барселона | Шпанија | 70 |
| 8.Рим | Италија | 67 |
| 9.Солун | Грција | 64 |
| 10.Милано | Италија | 63 |



Скопје

**пендирани честички со големина до 10 микрометри (ПМ 10), суспендирани честички со големина до 2,5 микрометри (ПМ 2.5), тешките метали** и други. Според извештаите на Светската здравствена организација (WHO), регијата Јужна Европа има најнизок квалитет на воздухот на стариот континент, а посебно се истакнуваат градските средини на Балканскиот Полуостров. Во десетте најзагадени јужноевропски градови, дури 5 се наоѓаат на Балканот. Како главни причини се наведуваат: **застарената индустриска технологија, користењето на дрва и фосилни горива за греење во зимскиот период, застарениот возен парк во сообраќајот, слабата пошуменост, непочитување урбанистички прописи итн.**



Индустријата е еден од поголемите загадувачи

ВОДА Загадените води го загрозуваат животот на човекот и опстанокот на растителниот и животинскиот свет. Овие води многу негативно влијаат на животната средина. Загадувањето на водите во Јужна Европа потекнува од различни извори. Најчесто и најмногу водите се загадуваат преку отпадните води кои се испуштаат од големите градови, односно од: рудниците, фабриките, сообраќајот, цврст отпад кој се фрла во речните корита и друго. Најчест извор на **органски загадувачи** се отпадните води од: **домаќинствата**, **сточарските фарми**, **индустријата** и **земјоделството**. **Токсичните метали** се најчест продукт од: **рударството**, **металургиските капацитети** и **металската индустрија**. Регијата Јужна Европа има сериозно загрозени реки поради нискиот број **прочистителни станици**, така што градските отпадни води нетретирано завршуваат во нив. Позагрозени се водите на: Балканот, Јужна Италија, Португалија и Андалузија во Шпанија. За најзагадена река во Јужна Европа со токсични материи од индустриско потекло се смета реката **Сарно** во Италија. Во однос на приморскиот појас,



Загадена река

**Графикон10.** Заштитена површина под „национален парк“ во државните територии на Ј. Европа (%)



регијата Јужна Европа може да се пофали со најчисти морски води на европско ниво, а тука се истакнуваат бреговите на Грција и Шпанија, кои овој момент максимално го користат во туристички цели.

**ЗЕМЈИШТЕ** Обработливото земјиште е природно и ограничено богатство кое служи за производство на храна. Заштитата на земјоделското земјиште е ургентна ако се има предвид брзото намалување на површините и нивната деградација, а за нивна обнова се потребни илјадници години. Деградацијата на земјиштето во Јужна Европа се случува поради: **ерозија и слаба пошуменост, ширење на населбите и стопанските објекти, депонирањето на тврд комунален и индустриски отпад, интензивното земјоделство** и друго.


Диви депонии

**ОРГАНСКИ СВЕТ** Растителното и животинското богатство во Јужна Европа е под постојана закана. Некои од видовите се исчезнати, а голем број од видовите се наоѓаат пред **истребување**. Најголема закана по опстанокот на живиот свет се: ширењето на населбите, индустријата, непланската сеча на шумите, претераниот лов, загадувањето и слично. Во насока на зачувувањето на биолошката разноликост некои станишта на растителните и животинските видови кои се одликуваат со посебни вредности, со закон се претворени во заштитени зони со ограничени активности на човекот. Заштитените зони се во вид на категориите: **национални**

**Табела 9:** Листа на најзагрозени цицачи, пред исчезнување во Ј. Европа

| | |
|---|---|
| 1. | Иберски рис |
| 2. | Медитеранска фока |
| 3. | Европска куна |
| 4. | Долгопрстест лилјак |
| 5. | Азорски лилјак |
| 6. | Долгоушест лилјак |
| 7. | Твор |


Помор на речна риба

**паркови, строги природни резервати, споменици на природата, предели со посебни природни реткости и слично.**

За надминување на проблемите на ниво на регионот, потрбни се сложени акциски планови и мерки за заштита и унапредување на животната средина кои ќе ги опфатат сите нејзини сектори.



И птиците страдаат

**Табела 10:** Најитни мерки за заштита на животната средина во Ј. Европа

| Сектор | Мерки |
|---|---|
| Воздух | Напуштање на дрвото како енергетски извор; Замена на јагленот и мазутот со гас, како енергетски извор во термоцентралите; Зголемување на произведената електрична енергија преку ветерници и соларна енергија; Вградување на најсофистицирани филтри во фабричките оџаци и катализатори во автомобилите... |
| Вода | Изградба на прочистителни станици (колектори), по светски стандарди, за прифаќање на градските отпадни води пред да бидат испуштени во некоја река или езеро; Третман на канализациските води во колекторите преку: филтрирање, цедење, таложење и неутрализација на штетните материи; Изградба на колекторски системи за одлагање и третман на отпадните води од индустриските капацитети по однапред утврдени стандарди... |
| Почви | Намалување на голите површини преку пошумување; Одржливо користење на шумскиот фонд преку планска сеча; Зголемено рециклирање, барем 70 %, од амбалажниот отпад... |



***За продлабочено знаење:***

- Според Светската здравствена организација (WHO), најзагадена регија во Европа е Балканскиот Полуостров. Овде е зачестена појавата на многу загадени градови со висока концентрација на суспендирани честички (ПМ 10) и тоа: Скопје, Битола, Тетово, Плевља (Црна Гора), Тузла (БиХ), Ваљево (Србија), Ниш (Србија), Пловдив (Бугарија) итн. Над 35.000 смртни случаи годишно на Балканот се предизвикани од загаден воздух.



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Какво е влијанието на енергетиката, индустријата и сообраќајот врз животната средина во Јужна Европа?
- Кои мерки треба да се преземат за да се спречи загадувањето на реките во Јужна Европа?



***Задачи со примена на ИКТ:***

- Преку интернет пребарувач, дознај кои се најзагадени реки во Јужна Европа и со какви загадувачки материи се најчесто загадувани! Какво е нивното влијание врз човекот и водниот свет?



*Клучни поими:*

- ***Криптодепресија;***
- ***Естуари;***
- ***Насипи;***
- ***Канали;***
- ***Нафтени платформи;***
- ***Природни богатства;***
- ***Туристички дестинации.***

Замокот Единбург е тврдина над градот Единбург, Шкотска. Археолозите откриле човечко присуство на карпата уште од железното доба, но замокот е граден во 12 век,

# ТЕМА IV: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ЗАПАДНА ЕВРОПА


ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И Р. ИРСКА.................. 84

ФРАНЦИЈА ..................................................... 87

БЕНЕЛУКС ..................................................... 89




# ЗАПАДНА ЕВРОПА

***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Стоунхенџ, Биг Бен, зелениот остров... – Какви се твоите предзнаења?*
- *Како се менуваше Западна Европа после Колумбо?*




# ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И РЕПУБЛИКА ИРСКА

## ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

| | |
|---|---|
| **Име** | В. Британија |
| **Главен град** | Лондон |
| **Површина (км²)** | 243.610 |
| **Број на жители** | 66.020.000 |
| **Уредување** | монархија |
| **Службен јазик** | англиски |

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Велика Британија е расположена на островот **Велика Британија**, северниот дел од островот **Ирска** и помали околни острови: **Хебридските, Оркниските, Шетланските, Нормanските** и др. Од копното на Европа ја дели каналот **Ламанш**, широк 33 км. Географската положба на Велика Британија е поволна. Таа се наоѓа на крстосницата низ која минуваат најважните поморски патишта од Европа за Америка.



Лондон

***Релјефно***, Велика Британија се дели на **планинска** и **низинска** целина. Шкотска, Велс и Северна Ирска се претежно ридски и планински, а Англија е низинска. Најпознати се Камбриските Планини, Пенинските и Грампиенските Планини со највисокиот врв **Бен Невис** (1343). Најголеми низини се: **Англиската** и **Шкотската Низина**.

***Климата*** во Велика Британија е **атлантска**, со свежи, врнежливи лета, а зимите благи и магливи.

Најпознати ***реки*** во Велика Британија се: **Темза, Хамбер, Северн и Клајд**. Тие се кратки, но полноводни и пловни. Нивните вливови за време на плимата се прето-

рени во длабоки заливи - **естуари**. За време на плимата, нивото на овие реки се издига, при што бродовите можат да впловат подлабоко во копното. Таков е случајот со реката Темза. За време на плимата Лондон е пристанишен град, иако е оддалечен 62 км од морето. На западниот брег се присутни и **фјордови**. Езерата се од ледничко потекло.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Велика Британија е населена со околу 66 милиони жители. Населението го чинат: **Англичани, Шкотланѓани, Велшани, Ирци** и доселеници од други земји. Освен англискиот јазик, во употреба се уште: велшки, шкотски и ирски. Најгусто е населен просторот помеѓу Лондон, Лидс и Ливерпул. Населението најмногу припаѓа на протестантските цркви: Англиканска, Шкотска, Баптистичка и други.

Велика Британија е петта најразвиена земја во светот. Од **енергетски извори** е богата со **јаглен**, а од руди, со **железо,** што овозможило многу рано да прерасне во индустриска земја. Од 1975 година, В. Британија е светски производител на нафта и гас, кои биле откриени под Северното Море. Тие се експлоатираат преку **нафтени платформи**. Во земјоделството најмногу се одгледува: пченица, шеќерна репка, компир, јачмен, а исто така и фондот на: говеда, овци и свињи го држи на милионско ниво. Велика Британија е лулка на индустријата. Во неа најмногу се развиени: машинската, текстилната, хемиската и други гранки. Британија е трета индустриска велесила во Европа со 20 % од приходите во стопанството остварени од индустрија.

**Туризмот** носи 4 % од годишните приходи. Главниот град, **Лондон**, е најпосетен во Европа, со 16 милиони туристи годишно.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Службеното име на земјата е "Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска" или накратко само Велика Британија. Поделена е на 4 држави: Англија, Шкотска, Велс и Северна Ирска.

**Табела 1:** Десет најмоќни индустриски фирми во В. Британија (со оригинално име).

| Компанија | Гранка |
|---|---|
| Unilever | прехранбена |
| Rio Tinto | металска |
| GlaxoSmithKline | фармацевтска |
| Anglo American | металска |
| Astra Zeneca | фармацевтска |
| BAE Systems | машинска и воена |
| British American Tobacco | тутунска |
| Imperial Tobacco | тутунска |
| Associated British Foods | прехранбена |
| Rolls - Royce | автомобилска |

**Графикон 1:** Стопанството во В. Британија









# Р. ИРСКА



**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Република Ирска е островска земја од сите страни обиколена со вода. Североисточниот дел, познат како Северна Ирска, заедно со Велика Британија припаѓа на Обединетото Кралство. Во своите граници Р. Ирска зафаќа површина од 70.273 км$^2$ и на тој простор денес живеат над 4,7 милиони жители. Главен град на државата е **Даблин**. Климата во Р. Ирска е океан-

| | |
|---|---|
| **Име** | Ирска |
| **Главен град** | Даблин |
| **Површина (км$^2$)** | 70.273 |
| **Број на жители** | 4.784.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | ирски, англиски |

ска. Зимите се благи, а летата свежи. Ирска има повеќе реки, но сите се со краток тек. Од нив најголема и најдолга е реката **Шенон** (370 км).



Даблин

**Табела2:** Петте најголеми градови во Р. Ирска

| Град |
|---|
| 1.Даблин |
| 2.Корк |
| 3.Гелвеј |
| 4.Лимерик |
| 5.Вотерфорд |

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Населението во оваа држава го сочинуваат претежно **Ирци.** Голем дел од Ирците, над 14 милиони се емигранти во САД и Канада. Англискиот и ирскиот јазик се во главна употреба кај населението, кое воглавно припаѓа на католичката вероисповед. Од земјоделските култури во Р. Ирска, најмногу се одгледуваат: јачмен, пченица, компир и шеќерна репа. Сточарството е една од позначајните стопански гранки, особено **говедарството и овчарството**, каде што климатските и биогеографските услови дозволуваат отворена испаша на стадата преку цела година. Од рудните богатства, Ирска располага со богати рудници на олово-цинкови руди. Во Ирска се развиени повеќе индустриски гранки. Од нив најпознати се: **прехранбената, текстилната, металната, хемиската** и други.

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Административно, Република Ирска е поделена на 31 општински округ – дистрикт.

***За продлабочено знаење:***

- Лондон е најголем град во Обединетото Кралство и во Западна Европа. На бреговите на реката Темза, Лондон, го формирале Римјаните на почетокот од новата ера. Иако оддалечен од Северното Море, преку естуарот на Темза, Лондон е пристанишен град. Аеродромот Хитроу во Лондон е најпрометно воздушно пристаниште во Европа. Градот изобилува со природни, културни и архитектонски објекти. Подземната железница во Лондон е изградена уште во 1863 година. Лондон е трикратен домаќин на Олимписки игри (1908, 1948 и 2012 г.).
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во В. Британија и Р. Ирска:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Лејк Дистрикт | Лондон | Стоунхенџ | Лондон |
| Кањон Чедар | Единбург | Лондонска кула | Бирмингам |
| Пештера Фингал | Глазгов | Римски бањи | Манчестер |
| Лохнес Ез. | Белфаст | Британски музеј | Ливерпул |
| Зелен мост, Велс | Јорк | Бакингемска палата | Брајтон |
| Пик Дистрикт | Бристол | Национална галерија | Кардиф |
| Киларни (Р. Ирска) | Даблин (Р. Ирска) | Дворец, Килкени (Р. Ирска) | Лимерик (Р.Ирска) |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каква е климата во В. Британија и Р. Ирска?
- Какво е рудното богатство во В. Британија?
- Која стопанска дејност е синоним за В. Британија и зошто?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Истражувај со помош на сателитско набљудување или пребарувач, кои се најголемите градови во Велика Британија и дознај кои се поголеми пристаништа во В. Британија!
- Истражи и направи мини проект со албум и основни податоци за знаменитостите на градот Лондон!



# ФРАНЦИЈА



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Галските петли, шампањ, градот на светлината, ... – Какви се твоите предзнаења?*



| Име | Франција |
|---|---|
| **Главен град** | Париз |
| **Површина (км²)** | 543.965 |
| **Број на жители** | 67.120.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | француски |

## ПРИРОДНИ ОДЛИКИ

Франција го зазема крајниот западен дел на Европа. Природни граници на Франција се: **Пиринеите,** спрема Шпанија, **Алпите,** спрема Италија и Швајцарија и реката **Рајна** спрема Германија. Единствено северната граница е отворена спрема Белгија. На запад, Франција широко излегува на Атлантскиот Океан, а на југ на Средноземно Море. Во овие граници зафаќа површина од 543.965 км². Освен континенталниот, Франција има и прекуокеански територии.

Франција има **поволна географска положба**. Таа е: атлантска, средоземноморска и алпска земја. Излезот на Атланскиот Океан ја поврзува со медитеранските земји, преку Алпите, пак се поврзува со алпските земји. Атлантскиот брег на Франција не е толку разгранет. Најпознати полуострови се: **Нормандија** и **Бретања**, а од заливите **е Бискајскиот Залив**. Во Средноземното Море најпознат е **Лионскиот Залив**, а од островите, **Корзика**.



Топографска карта на Франција

***Релјефот*** на Франција се состои од **планини** и **низини**. Од старите планини најпознати се: **Ардените, Вогезите** и **Централниот Масив**, а од младите, **Алпите** и **Пиринеите**. На Алпите се наоѓа највисокиот врв на Европа, **Мон Блан** (4810). Низините во Франција се протегаат во северозападниот дел.

***Климата*** е **атлантска,** со благи и врнежливи зими, а летата се свежи. Јужна Франција е изложена на влијанието на Средноземното Море и има **средоземноморска клима**. Во Источна Франција и на повисоките планини владее **континентална** и **планинска клима.**

***Реките*** во Франција припаѓаат на две сливни подрачја. Во Атлантскиот Океан се вливаат: **Сена, Лоара и Жиронда**. Сите овие реки се пловни. При вливовите градат **естуари** и се поврзани меѓусебно со пловни канали. Во Средоземното Море се влива **Рона**, која при вливот гради **делта**.

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Во Франција живеат околу 67 милиони жители. Најголем број од населението го сочинуваат Французи, од кои 51 % се припадници на католичката вероисповед. Освен нив има и **Бретонци, Фламанци** и неколку милиони европски и африкански доселеници.

**Графикон 2:** Верски состав на населението во Франција



Освен францускиот, како службен јазик, во употреба е **бретонскиот јазик,** од келтската група јазици.

Од ***рудно богатство***, Франција е богата со: **железна руда, камен јаглен и боксит**. Таа е еден од најголемите призводители на електрична енергија во Европа, претежно од нуклеарни централи.

***Земјоделството*** е современо, иако носи само 4 % од годишните приходи. Од земјоделските култури најмногу се произведува: пченица, јачмен, грозје и шеќерна репка. Франција е втор најголем производител и извозник на вино во светот и меѓу првите 15 земји во светот според сточниот фонд.

**Табела 3**: Најатрактивни туристички места во Франција

| Летни | Зимски | Бањски |
|---|---|---|
| Ница | Гренобл | Вител |
| Кан | Шамони | Виши |
| Бијариц | Албервил | Евиан |
| Сен Тропе | Вал Д' Изер | Аргелес Газост |
| Марсеј | Морзин | Куршевел |

Од ***индустриските гранки*** во Франција се развиени: **машинската, металната, хемиската, текстилната, прехрамбрената** и други. Франција е светски лидер во производството на: **автомобили** (пежо, ситроен, рено), **авиони** (ербас), **пневматици** (мишелин), **бродови, шински возила, парфеми** и **текстил**.

***Туризмот*** носи 10 % од вкупните приходи во стопанството. Тој е развиен во средоземното крајбрежје и на Алпите. Со 83 милиони туристи годишно, Франција е најпосетена земја во светот. Најпознати туристички центри се: Париз, Ница, Кан, Гренобл, Шамони и други.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Од 2016 година, Франција е поделена на 18 региони. Тринаесет од нив се континентални, заклучно со островот Корзика, а пет се прекуокеански.



***За продлабочено знаење:***

- Ајфеловата кула, висока 324 метри е национален белег и симбол на архитектонски престиж во Париз и Франција. Претставува челична конструкција проектирана од Александар Ајфел. Изградена е во 1889 година по повод 100-годишнината од Францускaта револуција и до денес е најатрактивен туристички објект во Франција што го посетуваат над 6 милиони туристи годишно.
- Шампањ како општ назив за пенливите вина дошол од лозаро-винарскиот регион Шампањ, во Франција, каде што се произведуваат високо квалитетни вински сорти.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Франција:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Алпи | Париз | Ајфелова кула | Марсеј |
| Азурен Брег | Ница | Дворецот Версај | Стразбур |
| Сребрен Брег | Сен Тропе | Триумфална капија | Лион |
| Централен Масив | Кан | Нотрдам катедрала | Тулуз |
| Пиринеи | Шамони | Музеј Лувр | Бордо |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каква е положбата и на кои мориња излегува Франција?
- Кои земјоделски култури се одгледуваат во Франција?
- Какви индустриски гранки се развиени во Франција?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на компјутерска технологија (Google Earth) измери ја должината на подлабоките естуари на големите реки во Франција!
- Далечински набљудувај го брегот на Атлантскиот Океан и Средоземното Море на Франција и направи листа на 10 поголеми летувалишта!
- Изработи албум за презентација (Power Point) со фотографии и основни податоци за најзначајните знаменитости на Париз (задачата е погодна за работа во пар или група)!

# БЕНЕЛУКС
# (БЕЛГИЈА, ХОЛАНДИЈА И ЛУКСЕМБУРГ)



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Брисел, Лалињата, Ниска Земја... – Какви се твоите предзнаења?*



| | |
|---|---|
| **Име** | Белгија |
| **Главен град** | Брисел |
| **Површина (км²)** | 30.528 |
| **Број на жители** | 11.120.000 |
| **Уредување** | монархија |
| **Службен јазик** | холандски, француски, германски |



| | |
|---|---|
| **Име** | Холандија |
| **Главен град** | Амстердам |
| **Површина (км²)** | 41.543 |
| **Број на жители** | 17.283.000 |
| **Уредување** | монархија |
| **Службен јазик** | холандски |



| | |
|---|---|
| **Име** | Луксембург |
| **Главен град** | Луксембург |
| **Површина (км²)** | 2.586 |
| **Број на жители** | 602.000 |
| **Уредување** | монархија |
| **Службен јазик** | француски, германски, луксембуршки |



**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Името **Бенелукс** е кратенка од првите почетни букви на државите: Белгија, Холандија (Недерланд) и Луксембург. Земјите на Бенелукс имаат поволна географска положба, излегувајќи на Северното Море (Белгија и Холандија). Тие го заземаат најнискиот северен дел од Западноевропската Низина и ниските предели на Ардените.

***Релјефот*** е претежно **низински**. Само во јужниот дел на Белгија и Луксембург тој е повисок, а тука се наоѓаат ниските ограноци на **Ардените**. Низината во земјите на Бенелукс е наведната кон север и северозапад. Во Холандија, таа е **депресија**, односно пониска од нивото на морето. Оттаму доаѓа името “Недерланд”, што значи **ниска земја**, бидејќи една третина од територијата се наоѓа под морското ниво. Дури 17 % од територијата на Холандија претставува **полдер**, односно вештачки создадено плодно копно преку заградување и исушување морски или езерски површини. Како мерка за одбрана од поплави, Холанѓаните градат високи **насипи** покрај брегот на Севрното Море.

***Климата*** во Бенелукс е атлантска. Западните ветрови се постојани и носат чести врнежи.

Најпознати **реки** што течат низ овие земји се: **Шелда, Мас (Меза), Рајна** и др. Сите тие се: полноводни, пловни и меѓусебно поврзани со **пловни канали,** што служат за сообраќајно поврзување и за ублажување на поплавни бранови за време на висок водостој на реките.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Земјите на Бенелукс се **густо населени**. Просекот е 320, а кај Холандија 414 жители на 1 км$^2$. Од народите најбројни се **Холанѓаните** (80 %) во Холандија. Во Белгија се **Фламанците** (58 %) и **Валонците** (31 %). Мнозинство во Луксембург се **Луксембуржаните.** Сите држави на Бенелукс се **кралства**. Јазиците во Бенелукс припаѓаат на германската и романската група. Во Белгија и Луксембург мнозинството население е католичко, додека во Холандија една половина од населението се изјаснило како нерелигиозно.

***Природните богатства*** на Бенелукс се состојат најмногу од: **јаглен** (Белгија), **железна**


Брисел


Амстердам


Луксембург

**Графикон 3:** Верски состав во Холандија



**руда** (Луксембург) и **природен гас** (Холандија). Во околината на холадскиот град Гронинген се наоѓаат најголемите европски резерви со природен гас.

Земјите на Бенелукс се високо развиени на земјоделски и индустриски план. Луксембург има највисок национален доход по жител во Европа. Холандија има најпродуктивно земјоделство во светот. Овие земји се извозници на сточарски производи. Посебно место зазема одгледувањето **цвеќе** на големи површини во Холандија. Таа е најголем светски извозник на цвеќе и втор извозник на градинарски плодови: домат, пиперка, краставица и др.

**Табела 4:** Пет најголеми градови во Белгија и Холандија

| Белгија | Холандија |
|---|---|
| Антверпен | Амстердам |
| Гент | Ротердам |
| Шарлроа | Хаг |
| Лиеж | Утрехт |
| Брисел | Ајндховен |

***Индустриски гранки*** во Бенелукс се: **металургијата, машинската, текстилната, електротехничката, прехрамбената, бродоградбената** и др. Земјите на Бенелукс имаат развиена мрежа на автомобилски и железнички патишта, како и густа мрежа од пловни канали. Во надворешната трговија извезуваат: машини, возови, електотехника, млечни производи, зеленчук, пиво и друго, а увезуваат суровини за својата индустрија како: нафта, памук, руди и друго.




**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Регионално и административно, Белгија е поделена на три региони: Фландрија, Валонија и Брисел. Фландрија и Валонија имаат по пет провинции. Холандија е поделена на 12 континентални провинции и три прекуокеански острови.



***За продлабочено знаење:***

- „Лалињата“ е синоним, второ име на Холанѓаните, поради најразвиената хортикултура и извоз на цвеќе во светот.
- Заливот Зојдер Зе уште во 1932 година со изградба на брана е откинат од Северното Море и претворен во слатководно езеро. Подоцна со мелиоративни мерки, пресушувани се делови од езерото и претворени во полдери – плодни земјоделски површини.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Бенелукс:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Ардени (Белгија) | Бриж (Белгија) | Атомиум, Брисел | Монс (Белгија) |
| Река Шелда (Белгија) | Лиеж (Белгија) | Камбанарија, Бриж | Антверпен (Белгија) |
| Дини, Тексал Парк (Холанд.) | Вијк ан Зе (Холандија) | Кралска палата, Брисел | Ротердам (Холандија) |
| Цветни полдери (Холандија) | Амстердам (Холандија) | Музеј Ван Гог (Холандија) | Ајндховен (Холандија) |
| Парк Бетембург (Луксембург) | Луксембург | Замок Вианден (Луксембург) | Клерво (Луксембург) |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каква е географската положба на земјите од Бенелукс?
- Зошто се градат насипи покрај брегот на Холандија?
- Какво е значењето на реките и каналите во Бенелукс?



***Задачи со примена на ИКТ:***

- Истражувај преку сателитско набљудување (Google Earth) со кои земји во Европа групата од Бенелукс е поврзана по внатрешни речно-канадски пловни патишта!
- Истражувај каква е улогата на Белгија во Европската Унија!

***Клучни поими:***

- ***Полуостров;***
- ***Монархија;***
- ***Фјордови;***
- ***Ледници;***
- ***Јазик, култура;***
- ***Рудни наоѓалишта;***
- ***Шуми;***
- ***Гејзери;***
- ***Хидроенергетски потенцијал;***
- ***Енергетика;***
- ***Ирвас.***



Аурора бореалис - поларна светлина во Норвешка. Природна појава предизвикана од судирот на наелектризираните честички под влијание на магнетното поле на Земјата.



# ТЕМА V: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СЕВЕРНА ЕВРОПА


СЕВЕРНА ЕВРОПА........................................... 94
ШВЕДСКА....................................................... 94
НОРВЕШКА И ФИНСКА................................ 97
ДАНСКА И ИСЛАНД ....................................100

# СЕВЕРНА ЕВРОПА




## ШВЕДСКА



| | |
|---|---|
| **Име** | Шведска |
| **Главен град** | Стокхолм |
| **Површина (км²)** | 450.295 |
| **Број на жители** | 10.223.000 |
| **Уредување** | монархија |
| **Службен јазик** | шведски |



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: земјата на четинарите и челикот, волво, сканија...*
  *– Какви се твоите предзнаења?*

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Шведска го зафаќа источниот и поширокиот дел од **Скандинавскиот Полуостров**. На запад се граничи со Норвешка, на исток со Финска и Ботничкиот Залив, а на југ со Балтичкото Море. Во овие граници Шведска зафаќа површина од 450.295 км$^2$. Според тоа, таа е најголема скандинавска земја. Шведска има поволна географска положба, бидејќи излегува на Балтичкото Море, кое ѝ отвора пат кон Атлантскиот Океан. На југ, Шведска се доближува до Данска и има функција на копнен мост меѓу овие две држави. Бреговите на Шведска не се многу разгранети, но се богати со мали заливи и ситни острови. Поголеми острови се: **Готлант** и **Еланд** во Балтичкото Море.



Парламентот во Стокхолм

***Релјефно***, се истакнуваат високите **Скандинавски Планини** што благо и степенесто се спуштаат кон исток сè до **Шведската Низина**. Тие се наведнати кон Балтичкото Море и се испресечени со длабоки клисури. Планините во Шведска се покриени со густи иглолисни шуми од: **бор** и **ела**. Шумите покриваат околу 60 % од вкупната територија на оваа држава.



Камењата во Але, Сканија, јужна Шведска

***Климата*** е континентална, поради Скандинавските Планини, кои го намалуваат атлантското влијание од запад. Само јужните области на Шведска се под влијание на Атлантскиот Океан и Балтичкото Море. Затоа тие имаат потопла и поблага клима.

***Реките*** се брзи, богати со **хидроенергетски потенцијал** и се вливаат во Балтичкото Море. Земјата изобилува со леднички езера. Меѓу поголемите се: **Венерн, Ветерн и Меларн**.

**Графикон 1:** Припадници на заедници родени вон Шведска.




## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Денес во Шведска живеат над 10 милиони жители, од кои дури 85 % во урбани средини. Населението го сочинуваат претежно **Швеѓани** и малцинство **Лапонци, Финци** и доселеници од далечни земји. Околу 60 % од населението припаѓа на Шведската протестантска црква.

Главен град на државта е **Стокхолм**. Други поголеми градови се: **Гетеборг, Малме, Кируна** и др. Освен **шведскиот,** се користи и **лапонскиот јазик** од угро-финската група. Шведска се наоѓа на 16-то место според стопанската развиеност во светот. Поради удобните економски и социјални услови за живот, во последните децении Шведска е привлечна земја за мигранти од Европа и Азија.

**Табела 1:** Големи индустриски компании во Шведска

| Компанија | Гранка |
|---|---|
| Волво | автомобилска |
| Ериксон | електронска |
| Сканија | автомобилска |
| Сони-Ериксон | електронска |
| Електролукс | електотехничка |
| ИКЕА | Мебел и дизајн |
| СКФ | машинска |
| H & M | текстилна |

***Рудното богатство*** го сочинуваат: железо, бакар, злато, олово, цинк, никел, манган и др. Шведска е најбогата со чиста и квалитетна **железна руда**. Таа се вади најмногу во рудниците кај градот Кируна. Од енергетските извори најголемо значење има хидроенергетскиот потенцијал на реките.

Шведска е високо развиена земјоделска и индустриска земја. Од полјоделските култури, најмногу се одгледува: **пченица, јачмен, компир, овес и шеќерна репка**. Иако површините под

овие култури не се големи, приносите се многу високи. Шведска има високо развиено сточарство. Се одгледуваат: **говеда, куни** и **ирваси**.

***Индустријата*** е најважна стопанска гранка во таа земја. Таа се развила врз основа на рудното богатство. Развиени се: **металната, машинската, хемиската, електротехничката и дрвната индустрија**. Индустриски центри се: Стокхолм, Гетеборг, Малме и Кируна. Шведска увезува градинарски култури и јужно овошје, а извезува руди и машини.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Природно-географски се издвојуваат: **северна**, **средна** и **јужна регија**, додека административно, Шведска е поделена на 21 округ.



Средновековни ѕидини во Визби, на островот Готланд

***За продлабочено знаење:***

- Венерн е најголемо ледничко езеро во Шведска (5546 км$^2$). Долго е 108 км (како Скопје – Демир Капија), а широко 40 км. Длабочината достигнува 108 метри. Вода добива од триесетина притоки. Езерото има големо сообраќајно значење, бидејќи со систем од канали е поврзано со Балтичкото Море.
- Најстариот универзитет во Северна Европа, основан во 1477 година, се наоѓа во градот Упсала, Шведска.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Шведска:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Дјургарден | Калмар | Кралска палата | Малме |
| Абиско парк | Аре ресорт | Дротингхолм палата | Гетеборг |
| Сарек парк | Ангелсберг | Музеј Нобел | Упсала |
| Високиот брег | Лунд | Музеј АБА | Линќепинг |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои се најголемите езера во Шведска?
- Какви се природните богатства на Шведска?
- Какви индустриски гранки се развиени во Шведска?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на компјутерска технологија (Google Earth) пронајди и дознај ги имињата на петте најголеми езера во Шведска!
- Пребарај и дознај каде живеат иселениците од нашата земја во Шведска?
- Пребарај и дознај како се поврзани Шведска и Данска по копнен пат!? – Презентирај ги резултатите на час!

# НОРВЕШКА И ФИНСКА



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Викинзи, Лапонија, фјордови... – Какви се твоите предзнаења?*



## НОРВЕШКА



ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Норвешка лежи во Северна Европа, во северозападниот дел на Скандинавскиот Полуостров. На исток и североисток се граничи со Шведска, Финска и Русија, а на запад излегува на Атлантскиот Океан. Освен полуостровскиот дел, Норвешка има и островски територии. Вкупната површина изнесува 385.203 км$^2$ и на тој простор живеат над 5 милиони жители. Норвешка има еден од **најразгранетите брегови** во Европа. Тој се состои од голем број на тесни заливи – **фјордови** и илјадници мали острови во близина на брегот.

| | |
|---|---|
| **Име** | Норвешка |
| **Главен град** | Осло |
| **Површина (км$^2$)** | 385.203 |
| **Број на жители** | 5.323.000 |
| **Уредување** | монархија |
| **Службен јазик** | норвешки |

***Релјефни*** специфики се зарамнетите делови – **фјелди** на старите Скандинавски Планини во внатрешноста на земјата.

***Климата*** во најсеверните делови е **супполарна**, во внатрешноста **планинска**, а покрај брегот кој не замрзнува, се чувствуваат атлантските влијанија со Голфската струја.

***Реките*** имаат планински падови со голем **хидроенергетски потенцијал**. Од планините, преку фјордовите, реките се вливаат во Атлантскиот Океан. Освен нив, во Норвешка има и голем број леднички езера.



Фјорд

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Населението го сочинуваат претежно **Норвежани** (86 %), мал број **Лапонци** и доселеници од други земји (13 %). Службен јазик е **норвешкиот.** Околу 70 % од населението припаѓа на Норвешката протестантска црква.

Норвешка спаѓа меѓу најразвиените земји во светот, со висок **животен стандард** на населението. Стопанската развиеност се должи на големото природно богатство: **хидроенергија**, **нафта, природен гас**, **железо, никел, титаниум** и други метални руди. Дури 98 % од електричната енергија доаѓа од **хидроцентралите**. Тоа овозможило развој на **електрометалургијата**. Норвешка, денес е петти извозник на нафта

**Табела 2:** Најголеми градови во Норвешка

| Град | Популација |
|---|---|
| Осло | 1.000.000 |
| Берген | 255.000 |
| Ставангер | 222.000 |
| Трондхајм | 183.000 |
| Драмен | 117.000 |



Осло

во светот, која се експлоатира од **нафтени платформи** во Северното Море со околу 3500 бушотини. Традиционална дејност е **риболовот**. Норвешка е втор извозник на риба во светот.

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Природно-географски во Норвешка се издвојуваат три региви: **атлантско приморје**, **скандинавски масив** и **југоисточна регија**. Административно е поделена на 18 окрузи.

# ФИНСКА



ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Финска се наоѓа на **Финскиот Полуостров**. На југ и запад преку **Ботничкиот** и **Финскиот Залив** излегува на **Балтичко Море**.

***Релјефот*** на оваа земја е претежно **низински,** со просек од 400 метри надморска височина. Само од северниот дел допираат ограноците на Скандинавските Планини. Тоа е областа **Висока Финска**. На југ од неа се простира **Езерската Област**. Целото копно од оваа област е под **езера** и **шуми**.

***Климата*** е континентална и субполарна. Зимите се долги, остри и студени. Снегот се задржува од ноември до мај. Летата се кратки и свежи, со просечна температура од 10 °C.

***Езерска земја*** со над 60 илјади езера, кои зафаќаат 10 % од државната територија. Езерата меѓусебе се поврзани со острови и канали. Најголеми езера се **Сајма** и **Инари**.

| **Име** | Финска |
|---|---|
| **Главен град** | Хелсинки |
| **Површина (км²)** | 338.424 |
| **Број на жители** | 5.515.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | фински, шведски |

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Населението во државата го сочинуваат: **Финци** (93 %), **Руси, Естонци, Швеѓани** и други. Покрај финскиот јазик, како дел од угро-финската група, во употреба се **шведскиот** и **лапонскиот јазик**.  Околу 70 % од населението се **протестанти**, припадници



Земја на 1000 езера

**Графикон 2:** Носители на стопанството во Финска



на Финската евангелистичко-лутеранска црква. Според економската развиеност и животниот стандард, Финците се наоѓаат на француско и германско ниво.

***Шумите*** се најголемо природно богатство на Финска. Тие покриваат 77 % од нејзината територија. Финската тајга е богата со: бор, ела, смрека и други четинари. Финска има и руди на: **бакар, железо, цинк, волфрам, злато** и друго.

Финска е индустриско-земјоделска земја. Главни индустриски гранки се: **дрвната, бродоградбата, текстилната и електронската**. Финска извезува: дрво, хартија, електроника, а увезува: жита и јужно овошје.

**Табела 3:** Познати индустриски фирми во Финска

| Компанија | Гранка |
|---|---|
| Нокиа | електроника |
| Нокиан | пневматици |
| Финландија | прехранбена |
| Балтик Јахтс | бродоградба |
| Несте | петрохемија |

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Природни региии на Финска се: **лапонската**, **езерската** и **приморската**. Административно, државата е поделена на 19 региони.




***За продлабочено знаење:***

- Лофотските Острови во Норвешкото Море претставуваат најголемо риболовно подрачје во Норвешка. Во околината се стационирани повеќе стотици бродови-фабрики за преработка на уловената риба, најмногу од видот бакалар.
- На ’ртот Нордкап во Норвешка, Сонцето не заоѓа од средината на месецот мај до крајот на јули.
- Финска е позната како земја со најефикасен образовен систем во Европа.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Норвешка и Финска:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Салтфјел парк | Лилехамер | Црква Хедал | Осло |
| Нордкап | Ставангер | Црква, Урнес | Кристијансанд |
| Лофотски Острови | Карасјок | Кралска палата | Тромзе |
| Фјорд Герангер | Алта | Катедрала, Осло | Нарвик |
| Леменјоки парк (Финска) | Селото на Дедо Мраз (Фин.) | Катедрала, Хелсинки (Фин.) | Турку (Финска) |
| Аландски Острови (Финска) | Порво (Финска) | Катедрала Успенски (Фин.) | Тампере (Финска) |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Какво природно богатство поседуваат Норвешка и Финска?
- Каква индустрија развиле Норвежаните и Финците?
- Што стока извезуваат Норвешка и Финска?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Набљудувај ги фјордовите на Норвешка! - Колку изнесува должината на најдлабоките меѓу нив?
- Пребарај и дознај повеќе за појавата „Аурора бореалис“ во Лапонија! - Отвори дискусија и дај објаснување на часот!

# ДАНСКА И ИСЛАНД



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Леголенд, Ханс К. Андерсен, Лаки... – Какви се твоите предзнаења?*



## ДАНСКА

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Данска е полуостровска и островска земја. Таа лежи на полуостровот **Јиланд** и на 500 острови. Меѓу нив најголеми се: **Зеланд, Леланд** и **Фин**. Данска зафаќа површина од 42.933 км$^2$ и на тој простор живеат над пет милони жители. Освен континенталниот дел, Данска поседува и одвоени територии - (Гренланд и Фарските Острови).

| Име | Данска |
|---|---|
| Главен град | Копенхаген |
| Површина (км$^2$) | 42.933 |
| Број на жители | 5.806.000 |
| Уредување | монархија |
| Службен јазик | дански |

Данска има поволна географска положба. Таа претставува “мост” меѓу Скандинавскиот Полуостров и Средна Европа. Покрај тоа протоците **Скагерак и Категат** се “отворена врата” меѓу Балтичкото и Северното Море.



Ересундскиот мост е комбиниран двоколовозен железнички и четирилентен патен мост кој го сече теснецот Ересунд. Мостот е всушност комбинација од мост и тунел кој ги поврзува градовите: Копенхаген во Данска и Малме во Шведска. Мостот е еден од најдолгите во светот.





Данска е ***низинска*** земја. Таа е една од најрамните земји во Европа. Највисоката точка изнесува 173 метри надморска височина.

***Климата*** во Данска е **атлантска**. Зимите се благи, влажни и магловити, а летата умерено топли.

***Водното богатство*** го чинат кратки, полноводни реки и повеќе мали леднички езера.

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Населението го сочинуваат **Данци** (87 %). Тие припаѓаат на германската група народи. Освен нив, живеат Германци и доселеници од Азија и балканските

земји. Службен јазик е **данскиот**, од германската група, но, во одвоените територии се користи фарскиот и гренландскиот јазик. Околу 75 % од населението припаѓа на Данската протестантска црква. По своето општествено уредување Данска е **кралство**. Главен град на државата е **Копенхаген**.

**Графикон 3:** Носители на стопанството во Данска




Данска е високо развиена земјоделско-индустриска земја со **специјализирано сточарство**. Земјоделството се потпира на големите површини обработлива почва и високиот степен на механизација. Таму најмногу се сеат **сточни растенија** за потребите на сточарството, кое ја издигнува Данска во водечки производител на **млечни** и **месни производи**.




***Индустријата*** носи 15 % од годишните приходи во стопанството. Данска е ориентирана кон производство на **прехранбени производи**, конструкција на: **ветерници, машини, лекови и медицинска опрема**.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Природно-географски, Данска се дели на **атлантска** и **балтичка** целина. Административно е поделена на 5 региони.

**Табела 4**: Региони во Данска

| Регион | Најголем град |
|---|---|
| Главен | Копенхаген |
| Централен | Архус |
| Северен | Алборг |
| Зеланд | Роскилде |
| Јужен | Одензе |



Копенхаген



# ИСЛАНД



## ПРИРОДНИ ОДЛИКИ

| Име | Исланд |
|---|---|
| Главен град | Рејкјавик |
| Површина (км²) | 102.775 |
| Број на жители | 357.000 |
| Уредување | република |
| Службен јазик | исландски |

Исланд е островска држава во Атлантскиот Океан. Островот Исланд има вулканско потекло. Како последица од вулканите (**Лаки, Хекла** и др.), денес на Исланд има бројни: **гејзери** и **термални извори**. На Исланд има и големи површини под мраз, кои покриваат околу 11 % од површината на оваа земја. Затоа ја нарекуваат **земја на мразот и огнот**. Поради вулканското потекло, земјиштето е карпесто и чакалесто, со многу мала обработлива површина (1 %). Највисокиот врв се издигнува до 2119 метри.



***Климата*** во Исланд е **океанска** во крајбрежјето**.** Таа се одликува со благи зими и свежи лета. На високите предели преминува во супполарна.

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Викинзите го откриле и населиле островот Исланд уште во 870 година. Денес населението го сочинуваат **Исланѓани** (86 %) и доселеници од други земји. Службен јазик е исландскиот, како дел од германската група. Околу 67 % од населението се **протестанти**, припадници на Исландската евангелистичко-лутеранска црква.

***Енерѓетскиот сектор*** се темели на богатството од **геотермална** и **хидроенергија** од реките, без користење на фосилни горива, што ја прави еколошки најчиста земја во светот, со најнизок **индекс на загаденост**.



Детифос, најсилниот водопад во Европа, лоциран во североисточен Исланд





Рејкјавик

***Земјоделството*** благодарение на обновливата енергија од **гејзерите,** е ориентирано кон оранжериско одгледување на **компир** и **градинарски култури.**

Од ***индустриските гранки*** на Исланд најразвиена е прехранбената индустрија. Таа преработува риба во конзерви, како и масло и брашно од риба. Втора по значење е текстилната индустрија и производството на компјутерска опрема.


Гејзер




**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Исланд е административно поделен на 6 конститутивни територии.



***За продлабочено знаење:***

- Во одвоени и автономни дански територии влегуваат Фарските Острови (1.399 км$^2$) и најголемиот остров на светот – Гренланд (2.175.000 км$^2$), кој природно-географски припаѓа на континентот Северна Америка.
- Гејзер е стар исландски збор со значење – „топол извор“. Гејзерите ритмички исфрлаат зовриена вода во млазови до 70 метри во височина. Топлинската енергија од нив се искористува во земјоделството и загревањето на домовите во Исланд.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Данска и Исланд:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Лимфјорд | Островот Анхолт | Куќата на Х.К. Андерсен | Оденզе |
| Ролд Парк | Паркот на елените | Кралска палата | Хелсингер |
| Остови во Категат | Виборг | Галерија, Копенхаген | Копенхаген |
| Сина Лагуна (Исланд) | Тингвелир Парк (Исланд) | Национален музеј (Исланд) | Рејкјавик (Исланд) |
| Златниот Круг (Исланд) | Скафтафел Парк (Исланд) | Сага музеј (Исланд) | Селфос (Исланд) |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои се најголемите дански острови?
- Каква е климата во Данска и Исланд?
- Која индустрија ја развиле Данците и Исланѓаните?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај и дознај каква е сообраќајната поврзаност помеѓу земјите од Северна Европа? Постојат ли копнени врски помеѓу некои од нив?
- Со помош на соодветна алатка (Google Map) дознај ја оддалеченоста на Исланд од најблиските европски соседни земји!



*Клучни поими:*

- *Држава;*
- *Република;*
- *Монархија;*
- *Алпи;*
- *Алпска клима;*
- *Континентална клима;*
- *Речна мрежа;*
- *Каналска мрежа.*

# ТЕМА VI: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ СРЕДНА ЕВРОПА


СРЕДНА ЕВРОПА ....................................................106

ГЕРМАНИЈА ..........................................................106

ПОЛСКА ...............................................................109

ЧЕШКА И СЛОВАЧКА .............................................111

ШВАЈЦАРИЈА И АВСТРИЈА ......................................115

УНГАРИЈА.............................................................119

РОМАНИЈА ...........................................................121




Замокот Хохенверхен е изграден во 11 век. Се наоѓа 40 километри јужно од Салцбург во близина на градот Верфен во Австрија. Тврдината е опкружена со Берхтесгаденските Алпи.

# СРЕДНА ЕВРОПА






## ГЕРМАНИЈА

| | |
|---|---|
| **Име** | Германија |
| **Главен град** | Берлин |
| **Површина (км²)** | 357.386 |
| **Број на жители** | 83.000.000 |
| **Уредување** | сојузна република |
| **Службен јазик** | германски |



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Бундестаг, Рајна, мерцедес ... – Какви се твоите предзнаења?*

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Сојузна Република Германија го опфаќа просторот на Средна Европа, од **Алпите** на југ, до **Балтичко** и **Северно Море** на север. На исток, се граничи со Полска и Чешка, на југ со Австрија и Швајцарија, а на запад со Франција и земјите на Бенелукс. Во овие граници Германија зафаќа површина од 357.386 км². Според тоа, таа е **најголема држава** во Средна Европа.

Германија има **поволна географска положба**, бидејќи излегува на две морињa и тоа: Балтичко и Северно Море. Од нив поголемо стопанско и сообраќајно значење има Северното Море, затоа што никогаш не замрзнува и ја поврзува Германија со Атлантскиот Океан. Со прокопувањето на **Килскиот Канал**, се скратил водениот пат меѓу Северното и Балтичкото Море. Тоа, уште повеќе ја подобри географската положба на оваа земја.



Шварцвалд

***Бреговата разгранетост*** е мошне расчленета. **Северниот брег** на Германија е значително низок и расчленет со повеќе заливи и естуари при речните вливови.

Во близина на брегот се наоѓаат **Фризиските Острови**.

***Релјефот*** во Германија го сочинуваат три природни целини и тоа: Северна, Средна и Јужна Германија. **Северна Германија** ја опфаќа **Северногерманската Низина**. **Средна Германија** ги опфаќа старите, зарамнети планини: **Харц, Тириншка Гора, Ајфел** и други. **Јужна Германија** ја опфаќа областа јужно од реката **Мајна**. Тука се протегаат високи планини: **Баварските Алпи** и **Баварската Височина**. На запад од нив е планината **Шварцвалд**, под која извира реката Дунав.



Реката Рајна

***Климата*** е под умереното влијание на Атлантикот во северниот и западниот дел, додека во јужниот и источниот е **континентална** со поостри зими**.**

***Реките*** во Германија припаѓаат кон три сливни подрачја и тоа: **Северно Море, Балтичко** и **Црно Море**. Во Северно Море се вливаат реките: **Рајна, Елба (Лаба), Одра, Везер, Емс** и др. Тие се **пловни** и имаат проширени речни вливови-**естуари**. Меѓусебно се поврзани со пловни канали подолги од 300 км**,** формирајќи широко разгранета и пловна **речно-каналска мрежа.** Во Црното Море, водите од Германија ги одведува реката **Дунав.**

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО.

Германија е населена со 83 милиони жители. Степенот на урбанизација е висок. Најголема конурбација од сраснати градови се наоѓа помеѓу Рур и Рајна: **Диселдорф-Колоњ-Бон-Дортмунд-Есен-Дуисбург-Бохум**. Населението го сочинуваат претежно **Германци** (80 %), **европски доселеници** (12 %) и **воневропски доселеници** (8 %), претежно турско население. Службен е **германскиот јазик.** Околу 60 % од населението припаѓа на Протестантската црква. Главен административен центар на државата е **Берлин**.

**Графикон 1**: Етнички состав во Германија




***Индустријата*** е носечки столб на стопанство, преку кое се обезбедуваат 30 % од годишните приходи. Индустрискиот развој во минатото го овозможиле богатите резерви на: **јаглен, железна руда, калиеви соли, ураниум** итн. Во Германија се развиени сите индустриски гранки, меѓутоа водечки се: **металургијата** (топење на метали), **машинската** (машини алатки), **автомобилската, хемиската, фармацевтската и електротехничката.** Индустриски региони се **Рур** и **Сар**. Германија е најголем производител и извозник на автомобили помеѓу европските земји.

**Табела 1:** Најголеми индустриски фирми и автомобилски брендови во Германија

| Компанија | Гранка | Автомобилски фирми |
|---|---|---|
| Фолксваген (VW) | автомобилска | Фолксваген |
| Дајмлер (Daimler) | автомобилска | Ауди |
| БАСФ (BASF) | хемиска | Порше |
| Сименс (Siemens) | електро | Опел |
| БМВ (BMW) | автомобилска | Форд |
| Бош (Bosch) | метало-инженеринг | Мерцедес |
| Баер (Bayer) | фармацевтска | БМВ |
| Тисенкруп (ThyssenKrupp) | металска | Смарт |
| Континентал (Continental) | гумарска | МАН (камиони) |
| Хенкел (Henkel) | хемиска | Неоплан (автобуси) |

***Земјоделските гранки*** се развиени на високо ниво, иако носат само 1,2 % од приходите. Германија произведува: пченица, шеќерна репа, компир, хмељ, млеко, млечни и месни производи.

***Туризмот*** во Германија станува сè позначајна стопанска гранка, особено на Баварските Алпи. Најпознат туристички центар е **Гармиш-Партенкирхен**.



Гармиш-Партенкирхен

Германија има високоразвиена сообраќајна мрежа од: автопатишта, железнички пруги, пловни канали и др. Таа извезува: машини, автомобили, апарати за домаќинство, апарати за прецизна механика и друго, а увезува земјоделски производи, нафта, јужно овошје, зеленчук и друго.

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Германија е сојуз од 16 држави (републики), кои се поделени на 439 окрузи – дистрикти.



***За продлабочено знаење:***

- Во градот Улм на Дунав, се наоѓа готска катедрала со највисока камбанарија во Европа и светот (162 метри).
- Средногерманскиот канал е најдолга внатрешно-пловна артерија во Германија (321 км) која по воден пат поврзува земји од различни региони на Европа (западна со средна).
- Во последната деценија во Германија просечно годишно се произведувале по 5,5 милиони автомобили.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Германија:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Алпи | Ахен | Бранденбуршка порта | Берлин |
| Боденско Езеро | Оберсдорф | Рајхстаг, зграда | Хамбург |
| Црна Шума | Баден Баден | Нојшванштајн, замок | Минхен |
| Јасмунд Парк | Гармиш-Партенкирхен | Катедрала, Колоњ | Штутгарт |
| Херц Планина | Хајделберг | Катедрала, Берлин | Франкфурт |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каква е географската положбата на Германија?
- Кои се индустриските региони во Германија?
- Кои индустриски гранки се развиени во Германија?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на компјутерска технологија (Google Map) пронајди ги најголемите пристанишни градови во Германија на Северното и Балтичкото Море!
- Дознај како е поврзана Германија со земјите од Источна и Јужна Европа по воден пат? Кои се најзначајните речни канали?
- Изработи мини проект (Power Point) со фотографии и основни податоци за сојузните републики во составот на Германија! (задачата е погодна за работа во пар или група).



# ПОЛСКА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Закопане, Гдањск, Варшава... – Какви се твоите предзнаења?*



## ПРИРОДНИ ОДЛИКИ

Полска на север се граничи со: **Балтичко Море** и **Русија**, на исток со **Литванија, Белорусија** и **Украина**, на југ **со Словачка и Чешка** и на запад со **Германија**. Во овие граници таа зафаќа површина од 312.696 км$^2$ и на овој простор живеат над 38 милиони жители.

| | |
|---|---|
| **Име** | Полска |
| **Главен град** | Варшава |
| **Површина (км$^2$)** | 312.696 |
| **Број на жители** | 38.440.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | полски |

***Географската положба*** е поволна, бидејќи излегува на Балтичко Море, кое ја поврзува со Северното и Норвешкото Море, а оттаму со Атлантскиот Океан.

***Релјефот*** во Полска е претежно **низински**. Во јужната половина се истакнува **Полската Висија** со највисокото место **Лиса Гора** (611 метри). Во јужните погранични области спрема Чешка и Словачка земјиштето е планинско. Тука се протегаат **Судетите и Карпатите**. Највисокиот врв се наоѓа на еден од карпатските венци – **Татри** (2499).

***Климата*** во Полска е **умерена** во западниот и северниот дел, поради влијанието на Балтичкото Море, а на исток и југ преминува во **континентална** и **планинска**.

***Реките*** во Полска се: пловни, полноводни и припаѓаат на балтичкото сливно подрачје. Преку зима замрзнуваат. Најголеми се: **Висла, Варта, Одра и Буг.** Езерата се најчесто од ледничко потекло.

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Населението во Полска го сочинуваат: **Полјаци** (97 %), кои припаѓаат на словенската група народи, малцинство **Германци, Украинци, Белоруси** и други. Главна религија е католичката со 87 % од вкупното население. **Демографски проблеми** во Полска се нееднаквата густина на населеност и бројното намалување на популацијата која се случила после Втората светска војна и после влезот во Европската унија. Главен град на државата е **Варшава**. Покрај него, поголеми градови се: **Краков, Катовице, Вроцлав** и **Лоѓ**. **Шчеќин, Гдањск** и **Гдиња** се пристанишни градови.

**Графикон 2:** Бројно движење на населението (во милиони, 1900-2010 година)




***Земјоделството*** носи околу 4 % од приходите. Полска е водечки производител на: **компир** и **'рж** во Европа и светот. Останати негувани култури се: шеќерната и маслодајна репка, хмељот и др.

***Енергетските извори*** во Полска се темелат на: **камен јаглен** и помали резерви **нафта и гас.** Во последно време интензивно се градат обновливи извори на енергија – ветерници. Во Полска, индустријата има многу поголемо значење од земјоделството. Од индустриските гранки развиени се **металургијата** (Катовице и Краков), **машинската индустрија** (Вроцлав), **текстилната** (Лоѓ)

и други. Полска е познат европски производител на: шински возила, автобуси, воена опрема, земјоделски и рударски машини.

***Туризмош*** во Полска е во развој и тоа во јужниот дел, каде што се наоѓаат **Судетите** и **Карпатите**. Најпознат туристички центар во Полска е **Закопане**. Во надворешната трговија Полска тргува најмногу со земјите на Источна и Западна Европа. Увезува: земјоделски производи, јужно и средноевропско овошје, како и суровини за нејзината индустрија, а извезува: јаглен, машини и апарати за домаќинство.

**Табела 2:** Пет најголеми градови во Полска

| Град | Популација |
|---|---|
| Варшава | 1.770.000 |
| Краков | 770.000 |
| Лоѓ | 690.000 |
| Вроцлав | 640.000 |
| Познањ | 538.000 |


Варшава

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Во Полска се издвојуваат 4 приодно-географски региии: приморска, ниска, супкарпатски котлини и висорамнини, и карпатско-судетска. Административно е поделена на 16 провинции.



***За йродлабочено знаење:***

- Тешки последици врз популација и стопанството на Полска оставила Втората светска војна, кога земјата загубила 6 милиони жители.
- Во туристичкото гратче Фромборк, живеел и творел големиот ренесансен научник Никола Коперник.
- Полска има донесено долгорочен национален план за зголемување на пошумените површини кои ќе го намалат аерозагадувањето во земјата. Таа е покриена на 30 % од територијата со: бор, даб, бука, бреза и други видови.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Полска:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Татри Пл. | Закопане | Малборк, замок | Честохтова |
| Мастуриан Ез. | Фромборк | Стар град, Краков | Познањ |
| Словински Парк | Варшава | Стар град, Гдањск | Лоѓ |
| Судети Пл. | Краков | Стар град, Торун | Вроцлав |



***За йроверка на сшекнашошо знаење:***

- Кои се соседни земји на Полска?
- Опиши ги карактеристиките на населението во Полска?
- Какви производи извезува Полска?




***Задачи со йримена на ИКТ:***

- Со помош на компјутерска технологија (Google Earth/ Google Map) пронајди и дознај ги имињата на петте најголеми езера во Полска!
- Истражувај повеќе за поимот криптодепресија и дали постојат такви езера во Полска? - Резултатите презентирај ги на часот!

# ЧЕШКА И СЛОВАЧКА



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Бохемија, Прага, шкода... – Какви се твоите предзнаења?*

## ЧЕШКА



ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Чешка е самостојна држава, која настана во 1992 година со поделбата на Чешкословачката Република на две нови суверени држави: **Чешка** и **Словачка**. На север таа граничи со Полска, на исток со Словачка, на југ со Австрија, а на запад со Германија. Во овие граници, Чешка зафаќа површина од 78,866 км$^2$ и на тој простор живеат над 10 милиони луѓе.

***Релјефно***, Чешка се дели на две природни целини и тоа: **Моравија** на исток и **Чешката Висорамнина** (Бохемија) на запад.

**Моравија** од три страни е заградена со планини и тоа: **Јесеник** на север, **Бели Карпати** и **Јаворник** на исток и **Чешко-моравските Планини** на запад.

**Чешката висорамнина** од сите страни е заградена со планини и тоа: на север со **Судетите** (Крконошите), на југ, **Шумава**, на исток, **Чешко-моравските Планини** и на запад со **Рудните Планини**. Највисок врв е **Снежка** на Судетите (1603).

***Климата*** во Чешка е **умерено-континентална** и **континентална**. Планините со кои е ограничена оваа земја ја заштитуваат од продирањето на влажната и студената клима од север и исток. Континенталниот карактер се гледа во големата разлика помеѓу зимскиот минимум (–42,2 °C) и летниот максимум (40,4 °C) измерени во земјата, кој изнесува над 82 степени.

| | |
|---|---|
| **Име** | Чешка |
| **Главен град** | Прага |
| **Површина (км$^2$)** | 78.866 |
| **Број на жители** | 10.610.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | чешки |

Климатски типови во Чешка






Прага

***Реките*** од Чешката Висорамнина преку главниот тек, **Лаба** со притоката **В’лтава**, завршуваат во Северното Море. Низ Моравија тече реката **Морава**, која како притока на Дунав, завршува во Црното Море.

**Табела 3:** Гиганти во чешката машинска индустрија

| Компанија | Гранка |
|---|---|
| Шкода | автомобили, трамваи |
| Татра | камиони |
| АВИА | камиони |
| Ирисбус | автобуси |
| Аеро Водочоди | авионска |
| Лет Куховице | авионска |
| Зетор | трактори |
| Јава | мотоцикли |

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Населението во Чешка е мошне хомогено, и тоа: **Чеси** (94 %), **Моравци** (4 %), **Словаци** (1 %), **Полјаци** (0,5 %) и **Германци**. Чешкото население е најмалку религиозно во Европа. Дури 80 % од нив се изјасниле како атеисти или без религиозна определба. Само 10 % се изјасниле како католици. Главен град на државата е **Прага**. Тој е културен и индустриски центар на Чешка.

Карлови Вари - познат бањски центар и град во Чешка. Се наоѓа на реките Огже и Тепла, на околу 130 км западно од Прага. Наречен е по светиот римски цар Карло IV Луксембуршки, кој го основал градот во 1370 година. Познат е по своите топли извори (13 големи и околу 300 помали, и топлата река Тепла).



Карлови Вари

***Природните богатства*** од **шуми, пасишта** и **руди** (камен и кафеав јаглен, железо, графит, ураниум, злато, сребро, олово и друго) овозможиле брз стопански развој, особено после осамостојувањето.

Од земјоделските култури, најмногу се одгледува: шеќерна репка, компир, пченица, јачмен, хмељ, лен, коноп и друго.

Денес, Чешка обезбедува дури 30 % од енергијата преку нуклеарни централи, а носечка дејност е индустријата со дури 37 % од годишните приходи. Главни центри на **металургијата**, **машинската** и **хемиската** индустрија се: **Кладно, Усти, Брно, Моравска Острава, П’лзењ** (голем центар за пиво во светот) и други.

***Туризмот*** е најразвиен во бањските места: Карлови Вари, Маријанске Лазње, Јахимов и други.




## РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА

Природни и традиционални регии на Чешка се: **Бохемија, Моравија** и **Шлезија**. Административно, земјата е поделена на 13 провинции.



Брно

Брно е втор град по големина во Чешката Република. Основан е во 1243 година, иако тој реон бил населен уште во 5 век. Денес Брно има 403.304 жители и е седиште на Уставниот суд на Чешката Република, Врховниот суд, Врховниот административен суд, Државниот јавен обвинител и правобранител.

# СЛОВАЧКА



**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Средноевропска и подунавска земја, која граничи: на исток со Украина, на север со Полска, на југ со Унгарија, на запад со Австрија и Чешка. Во овие граници зафаќа површина од 49.035 км$^2$ и на тој простор живеат околу 5,5 милиони жители.

***Релјефот*** на Словачка е претежно **планински**. Планините зафаќаат 75 % од нејзината територија, а низините 25 %.

**Планините** го исполнуваат северниот дел на Словачка. Тоа се Карпатите со планинските венци: **Татри** (2655), **Фатри**, **Рудните Планини** и **Бескидите**. Карпатите се богати со шуми (38 %), пасишта (10 %), леднички езера и руди.

**Низините** во Словачка се наоѓаат во јужниот и во југоисточниот дел. Тоа се северните огранци на Панонската Низина.

| | |
|---|---|
| **Име** | Словачка |
| **Главен град** | Братислава |
| **Површина (км$^2$)** | 49.035 |
| **Број на жители** | 5.445.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | словачки |

Од **карстниот релјеф**, Словачка може да се пофали со 2.400 пештери, од кои пет се под заштита на УНЕСКО.

***Климата*** во Словачка е континентална и планинска.

Најзначајни ***реки*** на Словачка се **Дунав** и **Вах**. Дунав е важна сообраќајница и „врата“ кон Европа, а Вах е хидроенергетски искористена.

Топографска карта на Словачка
(75 % планински релјеф)





Добшинска Ледена Пештера

| Пештери под заштита на УНЕСКО |
|---|
| Добшинска Ледена Пештера |
| Домика Пештера |
| Гомбасек Пештера |
| Јасовска Пештера |
| Охтинска Арагонитска Пештера |

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението на Словачка го сочинуваат главно: **Словаци** (80 %), **Унгарци** (9 %), **Роми** (3 %), **Чеси** и **Руси**. Службен јазик е словачкиот, но се употреба и унгарскиот, од страна на унгарското малцинство. Најголем дел од населението е **католичко** (62 %), протестантско (9%), православно (1 %) итн. Главен град на Словачка е **Братислава**. Тој е стар град и важно пристаниште на Дунав.

***Енергетските потреби***, Словачка, ги задоволува најмногу од **нуклеарна енергија** (54 %), термоцентрали (18 %) и хидроцентрали (15 %). Од рудите најзастапени се: злато, сребро, бакар, железо, никел, антимон, манган, графит и друго. Реномето на економски заостаната земја, Словачка, во последната деценија го промени во епитетот „татрански тигар“. Тоа го стекна поради

брзиот годишен раст, благодарение на индустрискиот сектор и привлечените странски инвестиции. Покрај металургијата, Словачка е европски центар на **автомобилската индустрија**. Таму за странски брендови, годишно се произведуваат над 1 милион автомобили (фолксваген, ауди, порше, пежо, ситроен, киа, јагуар).

***Туризмот*** е во постојан пораст. Над 5 милиони туристи ги посетуваат скијачките центри, средновековните замоци и пештерите.

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Природни регии на Словачка се **планинската** и **низинската**. Административно, земјата е поделена на 8 краеви.


Братислава



***За продлабочено знаење:***

- Чешка се гордее со 12 објекти кои се под заштита на УНЕСКО. Сепак, најголеми туристички посети привлекуваат големите фестивали на пивото во: П'лзењ и Чешке Будејовице, во траење од 17 денови.
- Чешка сè уште го нема достигнато бројот од 10,7 милиони жители од 1930 година. Причина за тоа е иселувањето на 2,87 милиони судетски Германци, после Втората светска војна и иселувањето на Чесите за време на кризните години, пред почетокот на XX век.
- Братислава ја сметаат за „бисер“ на Дунав и „отворена врата“ на пријателство и гостопримство кон сите народи и земји.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Чешка и Словачка:

| **Природни објекти** | **Туристички места** | **Културно-историски споменици** | **Градови** |
|---|---|---|---|
| Моравски Крш | Карлови Вари | Дворец, Крумлов | Прага |
| Чешки Рај | Плзењ | Кутна Хора | Брно |
| Пропаст Макоча | Кромериж | Телч | Чешке Будејовице |
| Словачки Крш (Словачка) | Штрпске Плесо (Словачка) | Замок Бојнице (Словачка) | Кошице (Словачка) |
| Татрански Парк (Словачка) | Тренчин (Словачка) | Центар, Бардејов (Словачка) | Прешов (Словачка) |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои се поголеми реки во Чешка и Словачка?
- Кои индустриски гранки се развиени во Чешка и Словачка?
- Што најмногу посетуваат туристите во Чешка и Словачка?



***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај, истражувај и презентирај ги знаменитостите на градот Прага!
- Истражувај и направи мини проект за презентација на часот (Power Point) со албум и основни податоци за природните вредности на националните паркови или пештерите во Словачка! (Задачата е погодна за работа во пар.)

# ШВАЈЦАРИЈА И АВСТРИЈА



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Алпи, Нестле, Ролекс, Моцарт, Штраус... – Какви се твоите предзнаења?*



## ШВАЈЦАРИЈА

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Швајцарија е средноевропска и **алпска земја**. На север Швајцарија се граничи со Германија, на исток со Австрија, на југ со Италија и на запад со Франција. Во овие граници таа опфаќа површина од 41.285 км$^2$ и на тој простор живеат над 8,5 милиони жители.

***Релјефот*** е планински, со просечна височина од 1370 метри. Во него се издвојуваат три целини: **алпската** во јужниот дел, **Јура** во северниот и северозападниот и **Швајцарската Висорамнина** помеѓу нив. Алпите се издигнуваат со повеќе врвови над 4000 метри. Највисок е Монте Роза (4.640). Делумно се покриени со ледници, а наместа испресечени со леднички долини и **превалци.**

***Климата*** е претежно **континентална,** во густо населениот дел, додека на Алпите е планинска и суполарна, над линијата на вечниот мраз (2800 метри).

| | |
|---|---|
| **Име** | Швајцарија |
| **Главен град** | Берн |
| **Површина (км$^2$)** | 41.285 |
| **Број на жители** | 8.508.000 |
| **Уредување** | сојузна република |
| **Службен јазик** | германски, италијански, француски, ретороманси |




Топографска карта на Швајцарија




Климатски типови во Швајцарија



Женевско Езеро

***Водно̄то бо̄ла̄ство*** е во живописните езера од ледничко потекло: **Женевско, Боденско, Цииришко** и други. Реките се: планински, брзи и хидроенергетски искористени. Најголеми се: **Рајна, Рона** и **Ин.**

**Табела 4:** Гиганти во швајцарската индустрија

| Компанија | Гранка |
|---|---|
| Нестле | прехранбена |
| Новартис | фармацевтска |
| Роше | фармацевтска |
| АББ | електоинженеринг |
| Сика | хемиска |
| Своч | чесовници |
| Ролекс | часовници |
| Линд | прехранбена |

## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Една нација, две религии и четири јазици. Швајцарија е **космополитска земја** со четири службени јазици, кои традиционално се користени од страна на четири рамноправни народи (**Германци, Французи, Италијанци** и **Ретороманци**), како и голем број доселеници од Европа (Срби, Турци, Шпанци, Португалци, Албанци и други). Кај верската припадност најбројни се: **католици** (37 %), **протестанти** (калвинисти, евангелисти, лутеранци, 25 %), **православни** (2 %) и други. Според уживаните финансиски и еколошки услови, населението во Швајцарија се наоѓа на европскиот и светскиот врв. Швајцарија е **светско банкарско седиште**, поради традиционалната воена неутралност, стабилниот политички и правен систем.



Берн

***Индус̄ѿријаѿа*** е носечка дејност, која обезбедува над 25 % од приходите. Таа е поткрепена со релативно евтина енергија која воглавно се добива од хидроцентрали и помалку од нуклеарни централи. Носечки гранки се: **хемиската, прехранбената, машинската и електротехничката.** Швајцарија е светски лидер во индустријата за **прецизна механика** (часовници, ваги, мерни инструменти).

***Туризмоѿ*** е стара и вносна дејност, која Швајцарија свесно не ја проширува поради зачувувањето на квалитетот на животната средина. Најпознати туристички центри се: **Сент Мориц, Давос, Луцерн, Венген** и други.

## РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА

Природни региони на Швајцарија се: **Алпи, Јура** и **Швајцарска Висорамнина**. Според државното уредување Швајцарија е сојузна република – конфедерација, составена од 26 држави (кантони).



Сент Мориц е град и туристичко место во источна Швајцарија. Припаѓа на кантонот Граубинден, каде е една од најголемите населби. Сент Мориц е светски прочуен туристички центар каде што се собира светскиот „џет-сет“. Сент Мориц е единствен и по тоа што е највисок град во Европа - се наоѓа на 1.822 метри надморска висина.



Сент Мориц



# АВСТРИЈА



**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Средноевропска, алпска и подунавска земја. На север, се граничи со Германија и Чешка, на исток со Словачка и Унгарија, на југ со Словенија и Италија, а на запад со Швајцарија. Во овие граници Австрија зафаќа површина од 83.879 км$^2$ и на тој простор живеат над 8,5 милиони жители. Главен град е **Виена**.

***Релјефот*** е планински (66 %). **Алпите** се протегаат преку земјата во три паралелни венци, со највисок врв **Гросглокнер** (3797). На север и исток се наоѓаат периферни ниски предели од Панонската Низина.



Гросглокнер

| | |
|---|---|
| **Име** | Австрија |
| **Главен град** | Виена |
| **Површина (км$^2$)** | 83.879 |
| **Број на жители** | 8.857.000 |
| **Уредување** | сојузна република |
| **Службен јазик** | австриско-германски |

***Климата*** е **континентална** во низинските и подгорските алпски предели и **планинска** на Алпите, со: долги, студени и снежни зими.

***Речната мрежа*** најмногу припаѓа на црноморскиот слив: **Дунав, Ин, Енс, Драва, Мура** и други.



Топографска карта на Австрија

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението е најмногу концентрирано во ниските предели. **Австријци** се 85 %. Побројни малцински заедници се: **Германци, Турци, Бошњаци, Срби** и други. Службен јазик е австриско-германскиот. Околу 57 % од населението се декларирале како **католици**. Австрија и престолнината Виена оставиле неизбришлив белег во културата на Европа, посебно во музичката историја, како центар на генијално компонирање во 18 и 19 век.

**Графикон 3:** Верска структура во Австрија



***Природните ресурси*** од: ливади, пасишта и шуми, овозможуваат развој на **сточарството** и **шумарството. Рудното богатство** од: железна руда, камена сол, графит, волфрам и друго, овозможило развој на: **метална, машинска, автомобилска, хемиска, прехранбена, текстилна, дрвна индустрија** и други.

***Туризмот*** носи 9 % од годишните приходи. Австрија ја посетуваат над 20 милиони туристи годишно во зимските и културните центри: **Инсбрук, Салцбург, Виена, Кицбил, Грац** и др.



Салцбург

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Природни регии на Австрија се **Алпите** и **периферните низини**. Според државното уредување, Австрија е сојузна република составена од 9 држави.



***За продлабочено знаење:***

- Швајцарија е седиште на повеќе светски организации. Чувањето на животната средина е приоритет. Дури 90 % од транспортот на стока се одвива преку железнички сообраќај, којшто е целосно електрифициран. Возовите во Швајцарија се качуваат по планинските падини над 3000 метри.
- Денешна Австрија настанала во 1918 година, при распадот на Австро-унгарската Монархија која зафаќала големи територии од: Средна, Источна и Јужна Европа.
- Виена е „бисер“ на Дунав и центар на европската класична музика. Таму се твореле и интерпретирале делата на големите композитори: Хајдн, Штраус, Лист, Шуберт, Моцарт и др.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Швајцарија и Австрија:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Алеч | Замок Чилон | Замок Чилон | Цирих |
| Матерхорн | Сент Мориц | Брунсвик | Луцерн |
| Лугано Ез. | Цермат | Солотурн, центар | Женева |
| Холштат Ез. (Австрија) | Инсбрук (Австрија) | Шенбрун (Австија) | Виена (Австрија) |
| Гросглокнер (Австрија) | Кицбил (Австрија) | Центар, Салцбург (Австрија) | Грац (Австрија) |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои се највисоки планински врвови во Швајцарија и Австрија?
- Кои се поголеми реки и езера во Швајцарија и Австрија?
- Кој вид туризам е најразвиен во Швајцарија и Австрија?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај, истражувај и презентирај ги знаменитостите на градот Виена!
- Со помош на алатка (Google Earth) утврди ја надморската височина на поголемите леднички езера во Швајцарија и направи листа со добиените податоци, како и градовите кои се наоѓаат на нивните брегови!



# УНГАРИЈА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Чардаш, Будимпешта, Балатон, гулаш... – Какви се твоите предзнаења?*



**ПРИРОДНИ ОДЛИКИ** Унгарија е континентална земја распространета во Средното Подунавје. Унгарија се граничи со: Словачка и Украина на север, Србија и Хрватска на југ, Романија на исток, и Австрија и Словенија на запад. Во овие граници Унгарија опфаќа површина од 93.030 км$^2$ и на тој простор живеат 9,8 милиони жители. Низ територијата на Унгарија минуваат важни меѓународни патишта што ја поврзуваат со земјите од Северна и Јужна Европа. Големо значење за неа има реката Дунав кој како водена сообраќајница ја поврзува со сите подунавски земји.

| Име | Унгарија |
|---|---|
| Главен град | Будимпешта |
| Површина (км$^2$) | 93.030 |
| Број на жители | 9.797.000 |
| Уредување | република |
| Службен јазик | унгарски |

***Релјефот*** е претежно низински (95 %). Унгарија го зазема најголемиот дел од Панонската Низина. Планини во Унгарија има малку. Според височината тие спаѓаат во групата на ниски и средно-високи планини. Тоа се: **Матра** со врвот Кекеш (1015) и **Бук** (959) во северниот дел, а **Бакоњска Гора** (713) и **Мечек** (683 југозападно од Дунав.

***Климата*** во Унгарија е **континентална**. Зимите се студени и врнежливи, а летата суви и топли. Врнежите се движат од 450 до 900 мм годишно и на климата и даваат **континентално-степски** карактер.

Најзначајните ***реки*** во Унагарија се **Дунав** и **Тиса**. Тие се пловни и нивните води се користат за сообраќај, наводнување и за индустриски потреби. Од езерата најголемо е **Балатон**.




Климатски типови во Унгарија

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението во Унгарија го сочинуваат **Унгарци** (84 %). Тоа е народ кој по своето потекло, унгарски јазик и други национални белези, се разликува од своите соседи. Тие припаѓаат на **жолтата раса,** односно имаат **монголско** потекло. Малцински народи се: Ромите, Германците, Романците, Словаците, Хрватите и други. Главен град на државата е **Будимпешта**. Верски се определени како: католици (37 %), протестанти, 13 % (калвинисти и лутеранци), јудаисти, будисти и муслимани.

**Графикон 4:** Депопулација во Унгарија




**Демографски проблем** во Унгарија е малиот годишен прираст на населението, после Втората светска војна, којшто во последните три децении е негативен. Тоа значи дека населението бројно се намалува. Учеството на младо население, исто така се намалува, а уделот на старо население се зголемува.

***Обработливото земјиште*** од ораници и бавчи е најголемиот природен ресурс, кое зафаќа дури 50 % од тери-

торијата на Унгарија. Вкупниот земјоделски фонд, заедно со ливадите, пасиштата, овоштарниците и лозјата зафаќа над 65 % од територијата.

**Полјоделството** е ориентирано кон: пченка, пченица, компир, сончоглед, шеќерна репка, тутун и друго. Свињарството и живинарството се водечки сточарски гранки.

***Индустријата*** е поставена врз преработка на домашни земјоделски и рудни суровини: **боксит, манган, железо** и **нафта**. Носечки гранки се: металургијата, металната, машинската, електротехничката, хемиската, текстилната и прехранбрената индустрија. Унгарија е познат производител на: автобуси, земјоделски машини (трактори, комбајни и др), гуми, електроопрема, хемиски, прехранбени производи. Унгарија е голем регионален извозник во Средна и Источна Европа на електроапарати: телевизори, електрични броила, електрични вклопници, мобилни телефони и компјутери.

***Туризмот*** е влијателен во унгарската економија. Над 15 милиони туристи годишно ги посетуваат: езерото Балатон, Будимпешта и националните паркови.

**Табела 5:** Пет најголеми градови во Унгарија

| Град | Популација |
|---|---|
| Будимпешта | 1.757.000 |
| Дебрецин | 204.000 |
| Сегедин | 162.000 |
| Мишколц | 160.000 |
| Печуј | 146.000 |



Будимпешта

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Унгарија е административно поделена на 19 државни окрузи и градот Будимпешта, како посебна единица.

***За продлабочено знаење:***

- Езерото Балатон има статус на „унгарско море“. Долго е 77 км, а површината изнесува 592 км$^2$. Длабочината е релативно мала, околу 3 метри. Во летниот период температурата на водата надминува 25 °C, што го прави мошне атрактивно за многу туристи.
- Подземната градска електрифицирана железница – метро, во Будимпешта, е најстаро во континенталниот дел на Европа. Датира од 1896 година.
- Традиционален унагарски народен танц е Чардаш, а кулинарски специјалитет е гулашот.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Унгарија:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Ез. Балатон | Будимпешта | Стар град, Печуј | Дебрецин |
| Актелек Парк | Егер | Кралски дворец | Печуј |
| Бук Пл. | Тихани | Бања Чачар | Ѓер |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Опиши какви природни богатства има Унгарија?
- Кои се најзначајни реки што течат во Унгарија?
- Какви индустриски гранки се развиени во Унгарија?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Утврди ги географските координати на Будимпешта и пресметај ја разликата во аголни степени на географската ширина во однос на Скопје!
- Изработи мини проект (Power Point) со фотографии и основни податоци за културно-историските знаменитости на градот Будимпешта (задачата е погодна за работа во пар или група)!

# РОМАНИЈА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Дакија, Букурешт, грофот Дракула... – Какви се твоите предзнаења?*



| | |
|---|---|
| **Име** | Романија |
| **Главен град** | Букурешт |
| **Површина (км²)** | 238.397 |
| **Број на жители** | 19.638.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | романски |

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Романија го зазема југоисточниот дел од Средна Европа. Таа е: карпатска, подунавска и приморска земја. На север се граничи со: Украина, на југ со Бугарија, на исток со Молдавија и Црно Море, а на запад со Унгарија и Србија. Во овие граници, Романија зафаќа повшина од 238.397 км². На оваа територија живеат над 19 милиони жители. Романија има поволна географска положба, бидејќи низ неа тече реката **Дунав** и има излез на **Црното Море**. Таа е раскрсница помеѓу Средна, Јужна и Источна Европа.

***Релјефно***, во Романија се издвојуваат три природни целини, и тоа: **планини, висорамнини** и **низини**.

**Планините** го исполнуваат средишниот дел на Романија. Тоа се: **Карпатите**, што се протегаат во вид на лак од север кон југозапад. Тие се млади верижни планини со остри и назабени врвови. Во јужниот дел се викаат **Јужни Карпати** (Трансилвански Алпи) на кои се наоѓаат **превалци**, поволни за изградба на патишта.




Топографска карта на Романија

**Висорамнините** во Романија се наоѓаат на запад од Карпатите. Тоа е **Трансилванија** (Ердељ). Трансилванија е ограничена со ниските Рудни Планини, кои се испресечени со долини.

**Низините** во Романија се протегаат во: јужниот, источниот и западниот дел. Тоа се: **Влашката Низина, Молдавија, Панонска Низина** и **Северна Добруџа**. **Влашката Низина** се протега од подножјето на Трансилванските Алпи на север, до Дунав на југ. Областа **Молдавија** се протега источно од Карпатите, до реката Прут. **Панонската Низина** со источните делови е навлезена во западните предели на Романија. **Северна Добруџа** го опфаќа југоисточниот простор на Романија. Таа се наоѓа помеѓу: Дунав, Црното Море и Бугарија.

***Климата*** во Романија е претежно **континентална**. Само во одделни области (Молдавија, Банат) таа има преоден карактер кон **континентално-степска клима**.

***Реките*** во Романија припаѓаат на црноморското сливно подрачје. Реката Дунав има најголемо сообраќајно и хидроенергетско значење. Нејзини притоки се: **Тиса, Самош, Муреш, Прут, Олта** и **Серет.**




Рашнов град во округот Брашов во средишниот дел на Романија во историјската покраина Трансилванија. Според последниот попис имал 15.456 жители.

Рашнов е сместен во познат туристички регион во романските Карпати. Непосредно над градот се наоѓа истоимениот замок Рашнов. Јужно се наоѓа прочуениот замок Бран и познатите скијачки центри: Појана Брашов и Предеал.

Рашнов

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението во Романија го претставуваат **Романци** (89 %), кои припаѓаат во романската група народи. Малцински народи се: Унгарците (6 %), Ромите (3,3 %), Украинците, Германците и други. Службен јазик е романскиот, а верски се определени како: **православни** (81 %), **католици** (4 %), **протестанти** (6 %) и останати.

**Демографски проблем** во Романија е негативниот годишен прираст на населението. Од 1990 година, бројот на населението започнал да се намалува. Прирастот во последната деценија изнесува -2,6 промили на годишно ниво, односно стапката на изумрени (морталитет) е повисока од стапката на новородени (наталитет). Тоа, бројчано изразено, ќе рече дека земјата годишно губи по околу 50.000 жители.

**Графикон 5:** Депопулација во Романија




***Обработливото земјиште*** од ораници и бавчи зафаќаат високи 40 % од територијата на Романија, што е повеќе од доволно за одгледување на **житни** (пченица, пченка, јачмен), **индустриски култури** (сончоглед, тутун, шеќерна репка), **средноевропско овошје** и **винова лоза**.

**Табела 6:** Пет најголеми градови во Романија

| Град | Популација |
|---|---|
| Букурешт | 1.883.000 |
| Клуж Напока | 324.000 |
| Темишвар | 320.000 |
| Јаши | 290.000 |
| Констанца | 284.000 |



Букурешт

***Индустријата*** долго време била зависна од домашните суровини: нафта, јаглен и земен гас. Затоа најразвиена индустриска гранка е **петрохемиската индустрија**, чии главни центри се: **Плоешти, Брази, Крајова, Констанца** и др. Освен нив, развиени се: **машинската, металопреработувачката, текстилната** и **прехранбената индустрија**. Тие се наоѓаат во градовите: Арад, Букурешт, Брашов, Темишвар и др. Романија е истакнат производител и извозник на автомобили и автобуси (дачиа, форд, роман). Индустријата и земјоделството учествуваат со 49 % во годишните приходи, наспроти услужните дејности (51 %).

***Туризмот*** е влијателен во економијата со 9 милиони туристи годишно. Најпосетени се приморските (Мамаја), зимските центри и средновековните градови и замоци.




РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Природни региони во Романија се: панонска, трансилванска, карпатска, влашка, молдавска и добруџиска. Административно, Романија е поделена на 41 државен округ и градот Букурешт како посебна единица.

***За продлабочено знаење:***

- Букурешт е престолнина сместена во Влашката Низина. Убав, чист, зелен град богат со културно-историски објекти. Најистакнати се: Атениумот, Националниот музеј на историјата, замокот Тепеш, парламентарната палата и други.
- Ѓердапската Клисура со значење „железна врата“ на реката Дунав е најдолга во Европа (100 км). Овде е изградена брана и две хидроцентрали за енергетските потреби на Србија и Романија. За споредба, годишното производство на енергија во ѓердапските централи ги надминува нашите (македонски) потреби за три пати.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Романија:

| **Природни објекти** | **Туристички места** | **Културно-историски споменици** | **Градови** |
|---|---|---|---|
| Делта на Дунав | Констанца | Замок Корвин | Букурешт |
| Источни Карпати | Сибиу | Замок Дракула | Брашов |
| Ретезат Парк | Манастир Воронет | Замок Пелеш | Клуж |
| Клисура Ѓердап | Алба Јулија | Парламентарна палата | Плоешти |
| Сфинги, Брашов | Појана Брашов | Мавзолеј Марашести | Темишвар |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои планини и низини го сочинуваат релјефот на Романија?
- Кои се најзначајни реки во Романија?
- Какви природни богатства има Романија?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај, истражи и направи краток елаборат за националниот парк „Делта на Дунав“!
- Изработи мини проект (Power Point) со фотографии и основни податоци на тема по избор: замоци, национални паркови или нафтени полиња во Романија! (задачата е погодна за работа во пар или група).

*Клучни поими:*

- ***Континентална клима;***
- ***Поларна клима;***
- ***Супполарна клима;***
- ***Макија;***
- ***Поларна врба;***
- ***Поларна бреза;***
- ***Депресија;***
- ***Поларна лисица.***



Тракај е островски замок лоциран во Тракај, Литванија во езерото Галве. Изграден е конкарајот на 14 век и почетокот на 15 век.



# ТЕМА VII: ГЕОГРАФСКИ ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНОТ ИСТОЧНА ЕВРОПА

ИСТОЧНА ЕВРОПА ........................................126
РУСИЈА ........................................................126
УКРАИНА ......................................................129
БЕЛОРУСИЈА И МОЛДАВИЈА ......................132
ЛЕТОНИЈА, ЕСТОНИЈА И ЛИТВАНИЈА ..................................................135

# ИСТОЧНА ЕВРОПА






## РУСИЈА



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Кремљ, Бољшој, Ермитаж ...*
  *– Какви се твоите предзнаења?*

| Име | Русија |
|---|---|
| **Главен град** | Москва |
| **Површина (км²)** | 17.125.191 |
| **Број на жители** | 146.793.000 |
| **Уредување** | сојузна република |
| **Службен јазик** | руски |

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Русија е најголема држава во Европа и светот и се протега на два континента: Европа и Азија**.** Во напоредничкиправец, таа, се протега од Балтичко и Црно Море на запад, до Тихиот Океан на исток, во должина од 10.000 км. На север и на исток, излегува на: Северниот Леден и Тихиот Океан. На југ и на запад Русија има копнени граници. Таа се граничи по копно со 14 држави. Ширината на Русија во меридијански правец, од северната до јужната граница, изнесува над 5.000 км. Во овие граници таа опфаќа површина над 17 милиони км². Русија нема поволна географска положба и покрај тоа што излегува на три океани и 12 рабни мориња. Бреговата линија надминува 37.000 км. Расчленета е со повеќе острови, полуострови и заливи, меѓутоа во поголем дел од зимата, водата замрзнува.

Во ***релјефот*** на Русија преовладуваат повеќе низини. Тие го исполнуваат целиот европски и западната половина од азискиот дел. **Источноевропската Низина** во европскиот дел на Русија се протега од Балтичкото Море на запад, до планината Урал на исток. Низ неа се издигаат ниски



Москва

возвишенија **(плато)**, кои не се повисоки од 400 метри. На исток од планината Урал се протега **Западносибирската Низина,** сè до реката Енисеј. На исток од оваа река, до Тихиот Океан, се протега **Источен Сибир** со: **Јаблановските** и **Становојските Планини**.



Касписко Езеро

***Климатски,*** Русија се простира во два топлински појаси: **умерен** и **студен**. Териториите северно од 66-от степен влегуваат во студениот појас. Тука се среќаваат **поларната** и **субполарната клима**. Најраширена растителна заедница во појасот на супполарната клима е **тундрата**. Таа е заедница на: **нижи** (мов), **цветни растенија**, **поларна врба** и **поларна бреза**. Јужно од нив, се протега **умерениот појас**. Во него се застапени повеќе климатски типови: **континентална, умерено континентална, степско-пустинска, планинска и суптропска**, околу Црното Море.




Климатски типови во Русија

***Водното богатство*** го чинат над 150 илјади реки и 250.000 езера. Реките припаѓаат на повеќе сливни подрачја. Во сливот на **Северниот Леден Океан** се вливаат најдолгите реки: **Северна Двина, Печора, Об, Енисеј, Лена** и др. Овие реки имаат голема хидроенергетска моќност. Во Каспиското Езеро се вливаат **Волга** и **Урал**, а во Азовското Море, реката **Дон**. Реките во Русија се: долги, длабоки и пловни. На повеќето од нив се изградени брани со големи вештачки езера и хидроцентрали. Меѓусебно, реките се поврзани и со **пловни канали**. Во Русија има голем број езера. Нивниот број изнесува над 250.000. Најголемо меѓу нив е **Каспиското**, а најдлабоко **Бајкалското Езеро**. Басенот на Каспиското Езеро претставува голема **депресија**, затоа што се наоѓа на 28 метри под површината на „светското море“.

**Графикон 1:** Распоред на стопанството во Русија




## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Во Русија живеат над 146 милиони жители. Мнозинството се **Руси** (82 %), припадници на словенската група народи. Освен Руси, во етничкиот состав учествуваат уште 130 малцински народи: **Татари, Украинци, Ерменци** и народи од монголската и кавкаската група. Мнозинството е определено како: **православно** (43 %), муслиманско население (6,5 %), неопределени и атеисти (38 %) итн. Русија е ретко населена земја. На еден километар квадратен доаѓаат по 9 жители. Главен град на државата е **Москва.** Демографски проблем во Русија е нискиот годишен прираст, кој во одделни години е негативен, како и големата нескладност во половиот состав. Имено, женското население е побројно за 20 милиони од машкото население, најмногу како последица од Втората светска војна.

***Земјоделските гранки*** се развиени во европскиот дел. Од земјоделските култури, најмногу се одгледува: пченица, пченка, шеќерна репка, тутун, сончоглед, винова лоза, и др. Голем удел

**Табела 1:** Големи индустриски компании во Русија

| Компанија | Гранка | Седиште |
|---|---|---|
| Газпром | петрохемија | Москва |
| Лукоил | петрохемија | Москва |
| ЕуроХем | хемиска | Москва |
| АвтоВАЗ | автомобилска | Тољати |
| ГАЗ Груп | автомобилска | Нижни Новгород |
| Камаз | автомобилска | Набережние Челни |
| Русал | рударство и металургија | Москва |
| Евраз | рударство и металургија | Москва |
| Северстал | рударство и металургија | Москва |
| Металоинвест | рударство и металургија | Москва |

во примарните дејности зазема риболовот.

Русија се наоѓа во првите пет најразвиени европски земји. Како предуслов за тоа се огромните природни богатства од **енергетски извори и руди**. Високи 80 % од рускиот извоз отпаѓа на: нафта, гас, метали и дрво. Русија се смета за голем светски производител на: **нафта, гас, железо, злато, платина, алуминиум, сребро, цинк, дијаманти** и друго. Така во Русија се развиени сите индустриски гранки: металната, машинската, хемиската, електротехничката, петрохемиската, текстилната, дрвната и други. Главни индустриски центри се: **Москва, Санкт Петербург, Архангелск, Горки, Волгоград, Ростов** и др.



Бајкалско Езеро

***Туризмот*** во последните неколку години во Русија интензивно се развива. Најповолни услови за оваа стопанска гранка овозможуваат бреговите на Црното Море. Тука се развиле и најпознатите туристички центри.

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Природни регии на Русија се: Источноевропска Низина, Западносибирска Низина, Средносибирска Висија, Источен Сибир, Далечен Исток, Бајкалска Регија, Средноазиско Горје и Кавказ. Административно, Русија се состои од 8 федерални окрузи за полесно управување. Составни единици на Руската Федерација се вкупно 85 федерални субјекти.

***За продлабочено знаење:***

- Русија има 15 милионски градови. Првите пет се: Москва, Санкт Петербург, Новосибирск, Екатеринбург и Нижни Новгород.
- Железничкиот е мошне искористуван сообраќаен тип во Русија. Вкупната железничка мрежа изнесува 85.000 км. Најдолгата линија од Москва до Владивосток изнесува 9.259 км.
- Бајкалското Езеро е единствениот слатководен басен во светот населен со фоки.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Русија:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Бајкалско Езеро | Сочи | Музеј Ермитаж | Нижни Новгород |
| Камчатка | Санкт Петербург | Театар Бољшој | Волгоград |
| Црноморско Приморје | Москва | Црвен плоштад | Владивосток |
| Урал | Казан | Св. Исак, катедрала | Иркутск |
| Алтај | Екатеринбург | Театар Марински | Смоленск |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Кои се најголемите реки и езера во Русија?
- Со какви енергетски извори и руди е богата Русија?
- Кои индустриски гранки се развиени во Русија?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Со помош на компјутерска технологија (Google Map) набљудувај го текот на реката Волга во Русија! – Колку вештачки акумулации забележуваш и кои се тие?
- Пребарај и проучи ги хидрографските и биогеографските карактеристиките на Бајкалското Езеро! - Изработи мини презентација!

# УКРАИНА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Киев, Крим, Чернобил, Днепар... – Какви се твоите предзнаења?*

ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Украина го зазема југозападниот дел на Источна Европа. Од три страни, нејзината граница е копнена. На север се граничи со Белорусија, на исток со Русија, на запад со Молдавија, Романија, Унгарија, Словачка и Полска. Единствено, јужната граница не е копнена. Неа ја заплискуваат водите на **Азовското** и **Црното Море**. Во овие граници Украина зафаќа површина од 603.628 км$^2$. На овој простор денес живеат околу 43 милиони жители. Украина има поволна географска положба. Таа излегува на две моришта, преку кои, се поврзува со Средоземното Море и сите поморски земји во светот. Низ нејзината територија поминува и реката **Дунав**, која по воден пат ја поврзува со сите подунавски земји.

| Име | Украина |
|---|---|
| Главен град | Киев |
| Површина (км$^2$) | 603.628 |
| Број на жители | 42.418.000 |
| Уредување | република |
| Службен јазик | украински |

***Релјефот*** во Украина е претежно **низински**, пред сè во долното сливно подрачје на реката Днепар. Во западниот дел, на границата со Романија, се издигаат **Карпатите**. Западно од Днепар, се простираат ниски висорамнини (плато): **Волинска, Подолска** и **Приднепарска.** Источно од Днепар се наоѓа **Доњецкото Плато.**




Топографска карта на Украина

***Климата*** во Украина е **континентална**. На југот се забележува и **медитеранска клима**, под влијание на Црното Море, каде што се простира заедницата на **макиите**.

***Реките*** се богати со вода. Најголемо значење има реката **Днепар**. Таа е пловна и многу значајна за наводнување. Затоа на Днепар се изградени неколку **вештачки езера**. Водата од нив двојно се искористува – за наводнување и електрична енергија. Од другите реки позначајни се: **Доњец, Буг, Днестар** и други.



Днестар

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Населението во Украина го сочинуваат **Украинци** (78 %) и **Руси** (17 %). Тоа се народи кои припаѓаат на словенската група. Службен јазике е украинскиот, иако на последниот попис, 30 % од населението го декларирал рускиот за мајчин јазик. За главна религиска припадност се смета православната. Традиционалното бојосување на велигденските јајца, Украинците го имаат издигнато до ниво на уметност. **Демографски проблем** во Украина е популацискиот пад, што се должи на иселување, висок морталитет и низок наталитет. Од 1990 година, Украина просечно годишно се намалувала за околу 150.000 жители. Украина е **република,** со главен град **Киев**.

***Природни ресурси*** на Украина се огромните пространства од: плодни почви, **црници**, богати со хумус. Тоа е нејзино најголемо природно богатство. Од рудно богатство, оваа земја има: **камен јаглен, антрацит** (најквалитетен камен јаглен), **железна руда, манган, ураниум** и друго. Во градот **Запорожје** се наоѓа најголемата нуклеарна централа во Европа. Половина од енергијата се произведува во **нуклеарни централи**. Останатиот дел се обезбедува од хидроенергија, термоцентрали и соларни панели.

***Земјоделството*** е на високи гранки. Обработката на почвите е целосно механизирана. Од полјоделските култури најмногу се одгледува: **пченица, шеќерна репка, пченка, компир, сончоглед** и др. Освен тоа, се одгледува: овошје, винова лоза и градинарски култури.

***Индустријата*** се развива на база на камениот јаглен, кој се наоѓа во Доњецкиот Басен. Во Украина се развиени: **металната,**



Киев

**Графикон 2**: Депопулација во Украина






Харков

**машинската, хемиската, прехранбената, текстилната индустрија** и други. Во последните години индустриското производство бележи општа рецесија, поради новосоздадените пазарни услови, бидејќи долго време било насочувано кон потребите на бившата земја (СССР), кога се изработувале: оружје (тенкови, топови, ракети), рударски и земјоделски машини, космичка техника, авиони, камиони, автомобили и друго. Индустриски центри се: **Киев, Харков, Одеса, Запорожје, Лавов** и др.

**Табела 2:** Пет најголеми градови во Украина

| Град | Популација |
|---|---|
| Киев | 2.900.000 |
| Харков | 1.440.000 |
| Одеса | 1.016.000 |
| Днепропетровск | 980.000 |
| Доњецк | 929.000 |

***Туризмот*** носи скромни приходи. Најпосетени се некои летувалишта и карпатските скијачки центри.



Одеса

## РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА

Украина е административно поделена на 24 провинции и градот Киев како посебна единица. Јужната провинција **Крим** заедно со посебната единица, градот **Севастопол**, имаат автономен статус, после анексијата од страна на Русија во 2014 година.



***За продлабочено знаење:***

- За време на XX век, Украина доживеала три демографски кризи со милионски жртви. Првата, за време на граѓанската војна (1918-1921), потоа големиот глад (1932-1933) и Втората светска војна, кои вкупно однеле над 14 милиони животи.
- Украина има разработено над 2.400 км внатрешно-пловни патишта.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Украина:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Днепар | Јалта | Св. Софија, катедрала | Бахчисарај |
| Кањон на Днестар | Одеса | Стар град, Лавов | Керч |
| Синевир Ез. | Киев | Ман. Печерскаја Лавра | Черкаси |



***За проверка на стекнатото знаење:***

- Опиши какви природни богатства има Украина?
- Какви демографски проблеми има Украина?
- Кои индустриски гранки се развиени во Украина?




***Задачи со примена на ИКТ:***

- Обиди се да извршиш приближен компјутерски премер на должината на реката Днепар. Колку изнесува таа? Кои градски центри се наоѓаат на бреговите на Днепар?
- Пребарај и проследи видео материјал за последиците врз животната средина од нуклеарната катастрофа во украинскиот Чернобил, во 1986 година. – Отвори дискусија на часот врз основа на впечатоците!

# БЕЛОРУСИЈА И МОЛДАВИЈА



***Интерактивна воведна дискусија:***

- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Минск, Кишињев, Днестар... – Какви се твоите предзнаења?*



## БЕЛОРУСИЈА



ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Белорусија е **континентална** држава. Таа нема излез на море. Ограничена е со државите: Русија, Украина, Полска, Литванија и Летонија. Во овие граници Белорусија зафаќа површина од 207.595 км². На овој простор, денес живеат околу 9,5 милиони жители. Белорусија, иако нема излез на море, има **поволна географска положба**. Таа лежи помеѓу Москва на исток и Варшава на запад. Низ неа минуваат многу значајни транс-европски автомобилски патишта и железнички пруги од регионално и меѓународно значење. Тие ја поврзуваат Белорусија со Западна и Источна Европа.

| | |
|---|---|
| **Име** | Белорусија |
| **Главен град** | Минск |
| **Површина (км²)** | 207.595 |
| **Број на жители** | 9.490.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | белоруски, руски |

***Релјефот*** во Белорусија е **низински**. Почвите се плодни и погодни за земјоделство. Но, во Белорусија има и мочурливо земјиште, околу 25 %.

***Климата*** во Белорусија е **континентална**. Летата се топли, но зимите се значително поступени од оние во средишните делови на Европа. Максималните количества врнежи што паѓаат во летните месеци, јуни и јули, во главниот град, Минск, дополнително го истакнува континенталниот карактер на климата.

**Графикон 3**: Средномесечни температури и суми на врнежи во Минск




***Водното богатство*** се гледа во реките: **Днепар, Припјат, Березина, Западна Двина, Њемен** и др. Во Белорусија има и над 4 илјади езера. Меѓутоа, тие се мали и немаат некое поголемо стопанско значење.

НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО Населението во државата го сочинуваат: Белоруси (84 %), Руси (8 %), Полјаци (3 %) и Украинци. Службени јазици се рускиот и белорускиот, кои се дел од словенската јазична група. Православната религија е најбројна со 48 % од населението. Како и сите источноевропски земји и Белорусија има проблем со намалувањето на популацијата, поради иселување и повисок морталитет од наталитет.  Белорусија е **република**. Главен град на државата е **Минск**.

**Табела 3:** Центри на истоимените региони во Белорусија

| Регионални центри | Градска популација |
|---|---|
| Минск | 1.920.000 |
| Гомел | 526.000 |
| Гродно | 356.000 |
| Могилев | 374.000 |
| Брест | 330.000 |
| Витебск | 366.000 |


Минск

***Стопанството*** ги наследило поранешните руско-белоруски односи. Енергетски е зависно од Русија и подредено на руската економска политика. Дури и парична валута е руската **рубља** во Белорусија. Од енергетските извори, Белорусија има **тресет** (најслаб вид јаглен). Шумите имаат многу поголемо значење, бидејќи опфаќаат 31 % од републиката. Обработката на почвите во Белорусија се врши со современи машини. Од полјоделските култури најмногу се одгледува: **лен, компир, ‘рж, шеќерна репка** и др. Од индустриските гранки развиена е машинската, хемиската, дрвната и прехранбената индустрија. Главни центри на овие гранки се: **Минск, Гомел, Витебск** и др.

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Белорусија е административно поделена на шест области, кои се расцепкани на 118 реони.



# МОЛДАВИЈА



ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Република Молдавија лежи во Источна Европа, помеѓу реките: Днестар и Прут. Таа се граничи со: Украина на исток и Романија на запад. Молдавија зафаќа површина од 33.846 км$^2$ и на тој простор денес живеат над 3 милиони жители. Главен град на државата е **Кишињев.**

***Релјефот*** во Молдавија е претежно низински. Највисокиот врв во оваа земја е висок само 430 метри.

| | |
|---|---|
| **Име** | Молдавија |
| **Главен град** | Кишињев |
| **Површина (км$^2$)** | 33.846 |
| **Број на жители** | 3.350.000 |
| **Уредување** | република |
| **Службен јазик** | романски |


Кишињев

***Климата*** во Молдавија е умерено-континентална. Таа се одликува со: ладни зими, топли лета и мало количество врнежи.

Од ***реките,*** големо значење за оваа земја имаат: **Днестар** и **Прут**, што се пловни и се вливаат во Црно Море.

**НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО** Освен **Молдавци** (75 %) во оваа земја живеат и други народи: **Романци, Украинци**, **Руси, Гагаузи** и други. Мнозинството се **православни** (94 %). Службен јазик е **романскиот**, нарекуван како молдавски.

Молдавија е една од стопански најслабо развиените земји во Европа, со низок животен стандард и бројно сиромашно население. Енергетски е зависна од Романија и Украина. Високо е учеството на земјоделството во годишните приходи (20 %).

**Графикон 4:** Етничка структура во Молдавија




Од ***земјоделските*** култури застапени се повеќе: житни, градинарски, индустриски култури, овошје и винова лоза.

Од ***индустриските*** гранки во Молдавија најразвиена е прехранбената индустрија, која ги преработува земјоделските производи, потоа: металната, текстилната, електротехничката, хемиската индустрија и други.

**РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА** Молдавија е административно поделена на 32 провинции, три посебни градски општини и две автономни региии.

***За продлабочено знаење:***

- Гагаузите се етничка група од турско потекло кое живее во јужните делови на Молдавија, Украина, Азербејџан, Казахстан и други земји. Користат јазик од турската група и припаѓаат на православните христијани.
- Европскиот бизон е симбол на Белорусија. Негов природен ареал, како еден од загрозените и ретки видови во Европа, претставува националниот парк Белавескаја, на границата помеѓу Белорусија и Полска.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Белорусија и Молдавија:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Белавескаја Парк | Гродна | Замок, Мир | Гомел |
| Бјарезински Парк | Минск | Замок, Ниавиж | Витебск |
| Ез. Манта | Орхеј (Мол.) | Триумфална капија (Мол.) | Тираспол (Мол.) |
| Долен Прут, резерват | Кишињев (Мол.) | Нац. историски музеј (Мол.) | Балти (Мол.) |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Зошто Белорусија има поволна географска положба, и ако нема излез на море?
- Кои реки се најзначајни во Белорусија?
- Со какви проблеми се судира населението и стопанството во Белорусија и Молдавија?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Пребарај, истражи и изработи табела со основните природни и демографски податоци за државите Белорусија и Молдавија, како и листа за нивните големи градови!
- Истражувај и спореди ги основните економски показатели на Молдавија со нашата земја. - Какви се сличностите и разликите?

# ЛЕТОНИЈА, ЕСТОНИЈА И ЛИТВАНИЈА



***Интерактивна воведна дискусија:***
- *Знаменитости, синоними или национални гордости: Талин, Рига, земја на кошарката... – Какви се твоите предзнаења?*

| Име | Летонија | Естонија | Литванија |
|---|---|---|---|
| **Главен град** | Рига | Талин | Вилнус |
| **Површина (км²)** | 64.589 | 45.227 | 65.300 |
| **Број на жители** | 1.925.000 | 1.324.000 | 2.794.000 |
| **Уредување** | република | република | република |
| **Службен јазик** | летонски | естонски | литвански |




ПРИРОДНИ ОДЛИКИ Источноевропски и **балтички земји**, што излегуваат на источните брегови на Балтичкото Море.

***Релјефот*** во овие земји е претежно низински, наместа поплавуван и мочурлив, освен во делови од Литванија, каде се забележуваат поистакнати возвишенија.

***Климата*** се движи од **атлантска** кон **континентална**, одејќи во источен правец, подалеку од приморјето.

***Водното богатство*** го претставуваат реките во **Летонија** (Западна Двина) и **Литванија** (Њемен), додека **Естонија** е позната како земја на езера (1.400), од кои најголемо е **Чудското Езеро**.



Тракај - замок на островот Галве во Литванија

**Табела 4:** Етнички и верски состав во: Летонија, Естонија и Литванија

| Летонија | | Естонија | | Литванија | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Народи** | **Религија** | **Народи** | **Религија** | **Народи** | **Религија** |
| Летонци (62 %) | протестанти (34 %) | Естонци (68%) | православни (16 %) | Литванци (84 %) | католици (77 %) |
| Руси (25 %) | католици (24 %) | Руси (25%) | протестанти (10 %) | Полјаци (6 %) | православни (4 %) |
| Белоруси (3 %) | православни (18 %) | Украинци (2%) | католици (0,5 %) | Руси (6 %) | протестанти (1 %) |
| Украинци (2 %) | / | Белоруси (1%) | / | Белоруси (1 %) | / |
| Полјаци (2 %) | / | Финци (0,6%) | / | Украинци (0,5 %) | / |

**Графикон 5:** Популација во најголемите градски центри на Летонија, Естонија и Литванија.




## НАСЕЛЕНИЕ И СТОПАНСТВО

Летонците и Литванците како **балтички народи** припаѓаат на индоевропската група, додека Естонците во угро-финската група. Во сите три земји освен националното мнозинство, застапени се народи од соседните земји**: Руси, Полјаци, Белоруси** и **Украинци**. Најзастапени религи се: **католичката** (Литванија), **протестантската** (Летонија) и **православната** (Естонија). Во духот на повеќето источноевропски земји и прибалтичките имаат проблем со намалување на населението, поради низок наталитет и иселување. Според државното уредување, тие се **републики**.

***Природните богатства*** во сите три земји, не нудат основа за висок стопански развој. Летонија е богата со **тресет,** а Литванија се истакнува со **шумското богатство,** кое покрива 56 % од државната територија.

Националните стопанства, воглавно, бележат колеблив развој. Честопати се потресени од финансиски кризи и години со негативен раст, каде што најдобро се снаоѓа


Рига


Талин

Естонија. Извозот на овие земји, исто така, е ограничен. Најмногу се тргува со соседните земји.

***Земјоделството*** е ориентирано кон производство на: компир, јачмен, пченица, шеќерна репка и лен, а од сточарството, одгледување на: говеда, свињи и овци. Освен нив се развиени **риболовот** и **шумарството** (Литванија).

***Индустриските гранки*** се од полесниот сектор и наменет за домашен пазар: прехрамбена, дрвна, електротехничка, индустрија за хартија, стакло и друго. Во последните години најмногу се развива информатичката технологија во Литванија и Естонија. Естонија е помеѓу првите земји во Европа која разви „дигитално општество“.



Вилнус

РЕГИОНАЛНА ПОДЕЛБА Во административен поглед, Летонија е поделена на 9 градски региони, Литванија на 10 окрузи, а Естонија на 13 копнени и 2 островски окрузи.

***За продлабочено знаење:***

- Статусот на независни и суверени републики, балтичките земји Летонија, Естонија и Литванија, го стекнаа после распадот на бившиот Советски сојуз (СССР), во 1991 година, во кој беа присилно вклучени на почетокот на Втората светска војна, 1939/40 година.
- Еден од поголемите европски национални паркови, Лахема, во Естонија зафаќа 725 км$^2$. Тој ги зафаќа северните крајбрежни делови при Финскиот Залив. Паркот е ризница од: песочни дини, езерца (лагуни), слапови и богат животински свет.
- Прочуени и атрактивни вредности за посета во Летонија, Естонија и Литванија:

| Природни објекти | Туристички места | Културно-историски споменици | Градови |
|---|---|---|---|
| Гауја парк (Летонија) | Сигулда (Летонија) | Стар град, Рига (Летонија) | Рига (Летонија) |
| Сарема (Естонија) | Парну (Естонија) | Катедрала, Тарту (Естонија) | Талин (Естонија) |
| Остров Тракај (Литванија) | Вилнус (Литванија) | Катедрала, Вилнус (Литванија) | Каунас (Литванија) |

***За проверка на стекнатото знаење:***

- Каква е географската положба на Летонија, Естонија и Литванија?
- Кои се општите одлики на релјефот и климата во прибалтичките земји на Источна Европа?
- Какво е државното уредување на Летонија, Естонија и Литванија?

***Задачи со примена на ИКТ:***

- Истражувај преку сателитско набљудување (Google Earth) колку изнесува поморската оддалеченост на Летонија, Естонија и Литванија до нивните најблиски соседи (Шведска и Финска)!
- Пребарај, истражувај и направи краток елаборат за кулурните вредности во некој од главните градови на балтичките источноевропски земји!

# РЕЧНИК НА ПОМАЛКУ ПОЗНАТИ ЗБОРОВИ

**Агломерација,** проширени и слеани населени места во едно големо урбано подрачје.

**Ареал,** подрачје со природна распространетост на некој растителен или животински вид.

**Албедо,** моќ за одбивање на светлината

**Анексија,** насилно присвојување и припојување на туѓа држжавна територија.

**Асимилација,** етничко, јазично или културно претопување на помалиот во побројниот народ.

**Атеисти,** луѓе кои не признаваат божества, ниту припаѓаат во некоја религија.

**Антропоген,** од човечка природа; од човечки фактор.

**Бедеми,** природни или вештачки (одбранбени) насипи.

**Безистен,** покриени пазаришта за тргување од ориентално-турско потекло.

**Воден режим,** промена на водостојот и протекот на вода кај реките на годишно ниво.

**Делта,** разгранет речен влив на повеќе речни ракави.

**Дискриминација,** поделба и различно, нееднакво, третирање на припадници од различни групации.

**Депопулација,** негативен тренд во бројното движење, односно намалување на бројот на населението.

**Демографија,** научна дисциплина кое за предмет на проучување го има населението.

**Емигранти,** иселеници; луѓе кои се иселуваат од некоја средина.

**Енклава,** област или држава која од сите страни граничи само со една држава; издвоена област од матичната земја.

**Ерозија,** механичко и хемиско разорување на релјефот од надворешни фактори.

**Импозантен,** убав, впечатлив, восхитувачки.

**Инфраструктура,** објекти од техничка, економска и организациска база (патишта, училишта, болници, водовод...).

**Клиф,** крајбрежен стрмен отсек создаден од ерозивното дејство на езерските или морските бранови

**Кипарис,** од латинскиот “Cupressus”, со значење - чемпрес.

**Криптодепресија,** езеро чија што водна површина е над морското ниво, а негото дно - под морското ниво**.**

**Космополитска,** светска; неподвојување по национална и државна припадност.

**Лимани,** потопени речни вливови кај поголеми реки, издвоени со песочни наноси во посебни приморски езера.

**Мерно место,** утврдени места за мерење на некои вредности (метеорлошки, хидролошки, аерозагадување...)

**Макии,** назив за медитеранските зимзелени грмушести растенија.

**Микрометар,** единица мерка за должина (илјадити дел од милиметарот; $10^{-6}$ m).

**Напоредник,** затворена замислена кружна линија околу Земјината топка, паралелна на Екваторот.

**Нижи растенија,** талофити, растенија кои немаат телесно расчленување на: корен, стебло и лист.

**Проток,** морски теснец кој раздвојува две копнени површини, а спојува две водни површини.

**Протек,** количество истечена вода во единица време кај реките (се изразува во кубни метри со секунда, $m^3/s$).

**Природна гранична линија,** линија која сама по себе претставува граница (планински срт, река, езерски брег...).

**Превалци,** снижени планински делници или природни долински отвори низ кои се пробиваат сообраќајниците.

**Промил,** дел од илјада; изразување на количество или стапка кај демографските карактеристики (природниот прираст).

**Подгоски предели,** Долните обработливи делови од планинските падини под појасот на шумите.

**‘Рт,** дел од копното кое најдлабоко навлегува во морската шир.

**Рецесија,** општ пад во бројот или во развојот; намалување; назадување.

**Сртови,** највисоки точки по должината на планинскиот венец каде што се спојуваат планинските падини.

**Станиште,** природни хабитати (живеалишта) на некој вид.

**Синтеза,** составување, соединување на различни делови во една целина.

**Скандирање,** гласно и ритмично изговарање на стихови од страна на поголема хумана групација**.**

**Суспендирани честици,** честички во воздухот или водата со пречник од 1 – 100 микрометри (0,001 – 0,1 mm).

**Суверени држави,** независни држави со неограничена слобода.

**Тореадор,** борец со бикови во корида – национална шпанска или португалска претстава.

**Тресет,** јаглен со низок калоричен степен, настанат преку гниење на растенија во мочуришта или бивши водни басени.

**Фјорд,** потопени, леднички долини и претворени во длабоки и тесни заливи.

**Фјелд,** зарамнети површини од ледничко потекло по планините на Скандинавскиот Полуостров.

**Хидрографија,** научна дисциплина за водите на Земјата (ограничена на описот и распоредот на водите).

**Хомоген,** изедначен, истороден, од една материја.

**Чакал,** неврзан седимент од покрупни заоблени карпести парчиња.

**Шовинизам,** социјално негативен стремеж за поделба по етничка, верска, јазична или друга основа.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


***ВЕЛИКИ АТЛАС СВЕТА*.** 1977. Љубљана, Младињска књига

**Гек Р.** *СВА ЧУДА СВЕТА*. 1977. Љубљана, Младињска књига

**Bridges E. M.** *World geomorphology*. 1994. Cambridge

**Gardner P.** *Enciklopedija svetovne geografije*. 1997, Ljubljana

**Đurić V.** *Ekonomska geografija Evrope I SSSR*. 1974. Beograd, Naučna knjiga

**Natek K., Natek M.** *DRŽAVE SVIJETA*. 2004. Zagreb, Mozaik knjiga

**Norris E. R.** *World regional geography*. 1990. Saint Paul

**Marković J.** *Enciklopedijski Geografski Leksikon Jugoslavije*. 1988. Sarajevo, Svjetlost

**Mayhew S.** *Dictionary of GEOGRAPHY*. 1997. Oxford, Oxford University Press

**Павловски Ѓ.** *Географија за шесто одделение*. 1995. Скопје, Просветно дело

**Павловски Ѓ., Панов Н., Миленковски А., Мијалов Р.** *Географија за седмо одделение*. 2008. Скопје, Просветно дело

**Павловски Ѓ., Павлов К.** *Географија за седмо одделение*. 2009. Скопје, МОН

**Regional surveys of world.** *The Europa world year book*. 1999. London

**Smart N.** *The world's religions*. 1998. Cambridge

**WWW. WorldAtlas.com**

**https://en.wikipedia.org/wiki/Europe**